| Слободни изборни предмети кои се реализираат во форма на слободни активности (во двете полугодија). | I | 2 | Виолета Стоевска Стаменковска |
| Слободни изборни предмети кои се реализираат во форма на слободни активности (во двете полугодија). | II | 2 | Виолета Стоевска Стаменковска |

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

| | | | |
|---|---|---|---|
| Сликање, Цртање, Вајарство (прво полугодие)<br><br>Образование за животни вештини (второ полугодие) | IV | 2 | Мелина Давитковска |
| **ПОУ с.Узем** | | | |
| Сликање, Цртање, Вајарство (прво полугодие)<br><br>Образование за животни вештини (второ полугодие) | IV | 2 | Слаѓана Ристовска |
| **ПОУ с.Добровница** | | | |
| Имам права (прво полугодие)<br>Религиите во светот (второ полугодие) | VI | 2 | Горан Георгиев |

## *8.10. Дополнителна настава*

За оние ученици за кои се оцени дека им е потребна неопходна дополнителна помош таа беше организирана и се изведуваше со еден час неделно за учениците од I до IX одделение. Истата е во склоп со Законот за основно образование и е задолжителна. Дополнителната настава се организираше за учениците кои имаат тешкотии во учењето и заостануваат по одделни наставни предмети или од оправдани причини подолго време отсуствувале од редовната настава. Во дополнителната настава покрај образовните компоненти се работеше и на: изградување на работни навики, развивање на чувство за лична одговорност во работата, мотивирање за работа и постигнување на успех, социјално прилагодување и сл. Идентификацијата на учениците се изврши на основа на сознанија од претходната учебна година и совладувањето на содржините од наставните програми во тековното одделение. Родителите беа навремено известувани за потребата од вклучување на нивното дете во дополнителна настава. Образовните групи за дополнителната настава се формираа во различни периоди, во зависност од времето кога се појавија одредени слабости кај одредени ученици по одредени предмети.

Во текот на целата учебна година реализирани се онолку колку што се и планирани, односно за учениците од 1-7 одделение се реализирани вкупно 2049 часови а за учениците од 8-9 одделение вкупно 661 час по сите наставни предмети.



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

## 8.11. Додатна настава

Додатна настава се реализираше со учениците кои постигнуваат посебни значителни резултати за определени научни и наставни дисциплини и напредуваат во рамките на задолжителната настава. Нејзина основна цел е да обезбеди систематска работа со ученици кои напредуваа во текот на редовната настава, нивно креативно ангажирање, унапредување на способностите, учество на натпревари итн. Оваа настава се изведуваше со еден час неделно за учениците од I до IX оддление. Додатната настава ја реализираа сите наставници според планот и програмата и во соработка со родителите на учениците. Содржините за додатната настава, главно се поспецифични за секој ученик. Во овој вид настава се применуваат индивидуални форми на работа, тандем, групни форми на работа и проектни активности. Идентификувањето и избирањето на учениците се изврши преку систематско следење, испитување вреднување на развојните способности на секој ученик.

Во текот на целата учебна година реализирани се онолку колку што се и планирани, односно за учениците од 1-7 одделение се реализирани вкупно 1916 часови а за учениците од 8-9 одделение вкупно 656  часа по сите наставни предмети.

## 8.12. Работа со надарени и талентирани ученици

Тимот за работа со талентирани ученици ги идентификуваше талентираните ученици и со нив се работеше на посебни часови и резултатите се гледаат преку освоените награди на учениците. Наставниците во соработка со Стручните соработници од Училиштето редовно беа во комуникација со овие ученици, ги поддржуваа, им даваа насоки за предметите за кои ученикот покажува талент, целите во учењето, употребата на стратегии и дидактички материјали. Исто така, работата со надарените ученици се реализираше преку додатната настава со нивно вклучување во воннаставни активности како и учество на натпревари.

## 8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Учениците со посебни образовни потреби се идентификуваат при запишувањето во прво одделение преку набљудување и разговор со детето, како и информативно-консултативен разговор со неговите родители, за што се приложува и медицинска потврда (наод и мислење за видот и степенот на попреченост) од релевантни институции. По добивањето на мислење од МКФ за секој ученик со попреченост беше формиран Инклузивен тим за ученикот кој во соработка со Училишниот инклузивен тим редовно беа во комуникација сé со цел прилагодување, прифаќање и подобро напредување на овие ученици. Училишниот инклузивен тим работеше согласно предвидената Годишна програма за работа. Инклузивниот тим по ученик изготви Индивидуален образовен план или Модифицирана наставна програма во согласност со можностите, способностите и интересите на ученикот по кој што и работи. Со секој ученик со ПОП работи Образовен асистент доделен од Училиштето со Ресурсен центар „Иднина-Скопје со кое сме во редовна комуникација се со цел унапредување на инклузивниот процес и обезбедување соодветна поддршка за учениците.
Во текот на  учебната 2025/2026 година одржани се повеќе состаноци на Инклузивните тимови по ученик на кои е дискутирано за постигнувањата, потребите и способностите на учениците. Укажано е за потребата да се достават мислења од МКФ за сите ученици со цел обезбедување на образовни асистенти преку ПОУ„Иднина-Скопје. Сите родители по јавувањето се ставени на листа за чекање во МКФ. За учениците е изготвено мислење кое е доставено до МКФ. Постојана соработка со родители и ученици, давање насоки за учење со физичко присуство и учење од далечина. Стручните соработници од училиштето се членови на Инклузивниот тим и

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://ooujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132



ООУ „Свети Јоаким Крчовски

Инклузивнитетимови по ученик, редовно одржуваат состаноци и се во редовна комункација со Директорот на училиштето, родителите на учениците, наставниците, учениците, образовните асистенти и одговорните од ПОУ „Иднина-Скопје се со цел прилагодување, прифаќање и подобро напредување на овие ученици. Активностите беа насочени кон развој на академските, социјалните и емоционалните вештини на учениците, како и кон нивна успешна интеграција во училишната средина.

Преку преземените активности е забележан напредок кај учениците во однос на училишниот успех, самостојноста и вклученоста во наставните и воннаставните активности

## 8.14. Работа со ученици кои што имаат потешкотии во учењето

Во текот на целата учебна година се реализираше работа со ученици кои имаат потешкотии во учењето, согласно Годишната програма за работа на училиштето. Тимот за работа со ученици кои што имаат потешкотии во учењето изготви Годишна програма за работа со овие ученици. Активностите беа насочени кон навремена идентификација на учениците со потешкотии во совладувањето на наставните содржини, со цел обезбедување соодветна и континуирана поддршка. Работата се реализираше преку индивидуален пристап, советодавни разговори со учениците, соработка со одделенските и предметните наставници, како и редовна комуникација со родителите. По потреба, беа применувани соодветни наставни стратегии и прилагодувања, во согласност со можностите и потребите на учениците. Педагошко-психолошката служба вршеше следење на напредокот на учениците, даваше насоки за унапредување на училишниот успех и учествуваше во креирање поддржувачка средина за учење. Преку преземените активности, кај дел од учениците е забележано подобрување во совладувањето на наставните содржини, зголемена мотивација и поголема вклученост во наставниот процес.

## 8.15. Работа со ученици од ранлива категорија

Во текот на целата учебна година се реализираше работа со ученици кои потекнуваат од ранливи категории, согласно Годишната програма за работа на училиштето. Тимот за работа со ученици кои што потекнуваат од ранливи категории изготви Годишна програма за работа со овие ученици. Активностите беа насочени кон навремена идентификација на учениците со зголемени образовни, социјални и психо-социјални потреби, со цел обезбедување соодветна поддршка и еднаков пристап до образование. Работата се реализираше преку индивидуални разговори со учениците, советодавна поддршка, соработка со родителите, одделенските и предметните наставници, како и соработка со стручните служби и надлежни институции. Посебен акцент беше ставен на следење на училишниот успех, редовноста во наставата и емоционалната состојба на учениците. Педагошко-психолошката служба, во соработка со Центарот за социјална работа и други релевантни институции, преземаше активности за поддршка на учениците и нивните семејства. Исто така Педагошко-психолошката служба во соработка со Ученичкиот парламент организираа хуманитарни акции и собраните средства беа уплатени на сметките на родителите за чии што деца беа наменети. Исто така од страна на психолозите од Училиштето беше обезбедена донација(во облека) за ученици кои што се полуматуранти а потекнуваат од социјално ранливи категории на семејства. Во соработка со Ученичкиот парламент и Советот на родители, собраните средства од Новогодишниот базар беа искористени за храна на ученици кои потекнуваат од социјално ранливи категории на семејства и ученици со посебни образовни потреби.



ООУ Свети Јоаким Крчовски

## 8.16. Работа со ученици со емоционални потешкотии

Во текот на целата учебна година од страна на психолозите од училиштето се реализираа активности насочени кон работа со ученици кои покажуваат емоционални потешкотии. Емоциите се составен дел од секојдневниот живот на учениците и значајно влијаат врз нивното однесување, училишниот успех и меѓучовечките односи. Кај дел од учениците беа забележани потешкотии во препознавање, изразување и контролирање на емоциите, што повремено се одразуваше врз нивната училишна адаптација и социјална интеракција. Работата со учениците се реализираше преку индивидуални и групни советодавни разговори, со цел развивање на емоционална свесност, самоконтрола и соодветни начини на справување со емоционалните состојби. Посебен акцент беше ставен на препознавање на причините за емоционалните реакции, јакнење на самодовербата, развој на позитивни социјални вештини и подобрување на односите со врсниците и возрасните. Исто така се реализираа и работилници-предавања (Ментално здравје, причини за насилство, фактори и друго.). Во процесот на работа беше остварена соработка со одделенските наставници, предметните наставници и родителите, со цел навремено следење на напредокот на учениците и преземање соодветни мерки за нивна поддршка. Преку континуирана поддршка и следење, кај дел од учениците е забележан позитивен напредок во однесувањето, емоционалната стабилност и училишната вклученост.

## 8.17. Туторска поддршка на учениците

Во оваа учебна година во нашето училиште не се реализираше туторска поддршка на учениците.

# 9. Воннаставни активности

Воннаставните активности преставуваат голема разноликост од активности кои овозможуваат да се подобри напредокот на ученикот од социолошко, психолошко и функционално гледиште. Тие на ученикот му овозможуваат да стекне нови навики, знаења и умеења и истите да ги примени во натамошниот животен раст и развој. Во рамките на воспитно-образовната дејност во училиштето се организираа и се остваруваа разновидни воннаставни активности во согласност со развојните потреби и интереси на учениците и со нивното активно учество, со цел училиштето да стане место за социјализација на учениците и привлечна средина за учење.

Воннаставните активности придонесуваат за когнитивниот, социо-емоционалниот и психомоторниот развој на учениците. Нивната основна цел е да овозможат стекнување на знаењата, вештините и вредностите/ ставовите зацртани со Националните стандарди за основното образование, особено кога се работи за оние што не се покриени или не се доволно покриени со наставните активности. Воннаставните активности се инклузивни и недискриминирачки. Тие се достапни за сите ученици без оглед на полот/родот, етничката припадност, способностите, социо-економскиот статус, здравствената состојба и училишниот успех. Тие исто така овозможуваат развивање на интеркултурни компетенции кај учениците, ја овозможуваат соработката на училиштето со родителите и локалната средина.

Во текот на целата учебна година реализирани се онолку колку што се и планирани, односно за учениците од 1-7 одделение се реализирани вкупно 2088 часови а за учениците од 8-9 одделение вкупно 494 часа.



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

Во нашето училиште се реализира повеќе видови задолжителни вонnаставни активности, какви што се:

1.Краткотрајни вонnаставни активности:

а) еднократни рботилници, кои се посветени на најразлични теми, какви што се, на пример:

-правење оригами, икебана, новогодишни честитки или украси;

-подготовка на колачиња;

-работилници за подобрување на менталното здравје кај учениците, запознавање со последиците од користењето на пиротехнички материјали;

б) акции во училиштето и заедницата, кои имаа општествен и хуманитарен карактер:

-хуманитарни акции,

-продажни базари,

2.Подолготрајни вонnаставни активности секции/клубови, во кои учениците учествуваат доброволно зависно нивните интереси или за проширување/продлабочување на содржините од наставните предмети/области (пр. математичка, информатичка, литературна, ликовна); или за поддршка на личниот и на социјалниот развој на учениците (пр. интеркултура/мултикултура, почитување на различности, детски/човекови права, комуникациски вештини, разрешување конфликти, дебатирање); или за спортско рекреирање(пр. фудбал, кошарка, ракомет, одбојка, пинг-понг).

## 9.1. Училишни спортски клубови

Под покровителство на Министерството за образование и наука и Агенција за млади и спорт, како и федерација на училишен спорт на Македонија го организира и реализира проектот-Организирање на зонски, регионални и државни спортски лиги во футсал, кошарка, ракомет и одбојка, со основна цел да се унапреди училишниот спорт со зголемување на бројот на ученици во спортските активности и системот на натпревари во функција на забрзан развој на системот УЧИЛИШЕН СПОРТ и целокупниот спорт во нашата држава. Приоритети за учество имаа училиштата во кои училишните спортски клубови работат според Насоките за успешно функционирање на училишните спортски клубови, дадени од Федерацијата на училишен спорт на Македонија. Училиштето има основано училишен спортски клуб „Јоаким Крчовски-спорт“ во 2013 година. Како одговорни наставници се вклучени сите наставници по физичко и здравствено образование со поголем обем на ангажирање на наставниците кои наставата ја реализираат во централното училиште.

Во зависност од интересот на учениците се формираа секции за следниве спортови:

-Кошарка - Мирослав Ивановски

-Одбојка и борење - Кирил Стојчевски

-Футсал - Бобан Здравковски

-Карате и пинг-понг - Жарко Ангеловски

## 9.2. Секции/клубови

Во училиштето функционираат повеќе секции и клубови преку кои учениците имаат можност да ги развиваат своите интереси, способности, таленти и креативност. Секоја секција има одговорен наставник кој ги планира, организира и реализира предвидените активности согласно годишната програма за работа.

Во рамките на работата на секциите и клубовите, особено внимание се посветува на поттикнување на активното учество на учениците во хуманитарни и солидарни акции, еколошки

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://ooujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

и работни активности во и надвор од училиштето, уредување и одржување на училниците, училишната зграда и училишниот двор, како и во активности за одбележување на значајни датуми, празници и настани од воспитно-образовно, културно и општествено значење.

Преку реализацијата на овие активности учениците развиваат чувство на одговорност, иницијативност, тимска работа, креативност, еколошка свест и активен однос кон училиштето и заедницата.

На почетокот на учебната година беа формирани следните секции и клубови, кои во текот на годината успешно и континуирано ги реализираа планираните активности:

| **Секции/клубови** | **Име и презиме на одговорни наставници** | **Планиран број на ученици и паралелки** |
|---|---|---|
| Литературна секција | Даница Младеновска, Александра Стоилковска, Одделенски наставници | Бројот варира зависно интересите на учениците I до IX |
| Драмско - рецитаторска секција | Габриела Стојановска, Јасна Ѓеоргиевска, Одделенски наставници | Бројот варира зависно интересите на учениците I до IX |
| Млади математичари | Гордана Ивановска, Ненко Ивановски, Светлана Ристовска, Одделенски наставници | Бројот варира зависно интересите на учениците од IV до IX |
| Млади природници (биолози, еколози и географи) | Светлана Младеновска, Данијела Ѓоргиевска, Маја Златковска, Игор Стојчевски | Бројот варира зависно интересите на учениците од VI до IX |
| Млади еколози | Одделенски наставници | Бројот варира зависно интересите на учениците од I до V |
| Секција на историчари | Христијан Гоговски, Блажо Јакимовски | Бројот варира зависно интересите на учениците од VI до IX |
| Музичка секција (хор и оркестар) | Марјан Бошковски – хор<br>Лариса Жулина Митовски – оркестар<br>Одделенски наставници | Бројот варира зависно интересите на учениците I до IX |
| Ликовна секција | Лазо Ѓоргиевски<br>Одделенски наставници | Бројот варира зависно интересите на учениците од VI до IX |
| Секција по германски јазик | Милена Божовска | Бројот варира зависно интересите на учениците од VI до IX |
| Љубители на англискиот јазик | Марина Стаменковска, Ивана Славевска, Наташа Стефановска | Бројот варира согласно интересот на учениците од IV до IX |
| Клуб за ученички иницијативи | Христина Илиевска | Бројот варира согласно интересот на учениците од VI до IX |
| Млади франкофони | Елена Николовска | Бројот варира согласно интересот на учениците VI до IX |
| Млади информатичари | Наташа Колевска, Елена Ѓ. Младеновска | Бројот варира согласно интересот на учениците VI до IX |
| Клуб на млади библиотекари | Јулијана Стоименова, Наташа Милчевска | Бројот варира зависно интересите на учениците I до IX |
| Спортска секција | Одделенски тандем наставници | Бројот варира<br>Согласно интересот на учениците I – V одд |

## 9.3. Акции

Во нашето училиште се реализираа разновидни акции во организација на одговорни наставници, учениците, родителите и локалната заедница со цел развивање позитивен однос кон другите, негување меѓусебна почит, чувство на одговорност, развивање работни навики, истрајност во работата, уредно и навремено завршување на задачите, развивање навики за одржување на општа хигиена во училиштето и околината, развивање еколошка свест кај учениците, љубов кон природата, околината, природните и историските објекти и споменици.

**Во текот на учебната 2025/2026 година беа одбележани следниве еко датуми со соодветни активности:**

| Содржина | Време на реализација | Задолжени лица | Паралелки вклучени | Тим за следење на акциите |
|---|---|---|---|---|
| Меѓународен ден за заштита на озонската обвивка | 16 септември | Еко одбор, наставници по Природни науки | Сите ученици | Директор, стручни соработници, одговорни наставници, Совет на родители |
| Меѓународен ден без автомобили | 22 септември | Еко одбро, наставници по Техничко образоване и ученици | 6-9 одд. | Директор<br>Стручни соработници<br>Одговорни наставници<br>Совет на родители |
| Светски ден на чисти планини | 26 септември | Еко одбор | Сите ученици | Директор<br>Стручни соработници<br>Одговорни наставници<br>Совет на родители |
| Еколошка акција- Светски ден за заштита на животните | 4 октомври | Еко одбор при училиштет и учениците | Сите ученици | Директор<br>Стручни соработници<br>Одговорни наставници<br>Совет на родители |
| Меѓународен ден на пешачење | 15 отомври | Еко одбор при училиштето и учениците | 6-9 одд. | Директор<br>Стручни соработници<br>Одговорни наставници<br>Совет на родители |
| Меѓународен ден на храната | 16 октомври | Еко одбор при училиштето и учениците | 6-9 одд. | Членови на еко одброт при училиштето |

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Меѓународен ЕКО проект „Climate Action Project | 1 Ноември -6 Декември | Одделенски и предметни наставници Координатор на проектот: наставник-ментор Лариса Жулина-Митовски | 6-9 одд. | Меѓународен ЕКО проект „Climate Action Project |
| Светски ден на планините | 11 декември | Еко одбор, наставници по Географија | Сите ученици | Директор, стручни соработници, одговорни наставници, Совет на родители |
| Еколошка акција-Меѓународен ден на биодиверзитетот (биолошка разновидност) | 29 декември | Еко одбор при училиштето и учениците | 6-9 одд. | Директор Стручни соработници Одговорни наставници Совет на родители |
| Светски ден за заштеда на енергија | 5 март | Еко одбор при училиштето, учениците и наставниците кои што го предаваат пртедметот Природни науки | Сите ученици | Директор Стручни соработници Одговорни наставници Совет на родители |
| Одбележување на Светскиот ден на ластовичките | 19 Март | Одделенски наставници | 1-5 одд. | Одбележување на Светскиот ден на ластовичките |
| 21 Март-Ден на пролетта и екологијата | 21 Март | Одделенски наставници | 1-5 одд. | 21 Март-Ден на пролетта и екологијата |
| Одбележување на Светскиот ден на водата | 21 Март | Наставник по англиски јазик | 4 одд. | Одбележување на Светскиот ден на водата |
| 7 Април Светски ден на здравјето | 7 април | Ученици и наставници | Сите ученици | Директор Стручни соработници Одговорни наставници Совет на родители |
| Еколошка кампања ,,Твојата стара облека - нова шанса за природата" | 11 април | Одделенски и предметни наставници | 1-9 одд. | Еколошка кампања ,,Твојата стара облека - нова шанса за природата" |
| 22 Април – Ден на планетата Земја | 22 Април | Одделенски наставници | 1-5 одд | 22 Април – Ден на планетата Земја |

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Светски ден за заштита на климата | 15 мај | Еко одбро и наставници кои што предваат Информатика и ученици | Сите ученици | Директор<br>Стручни соработници<br>Одговорни наставници<br>Совет на родители |
| Меѓународен ден на биолошка разновидност | 22 мај | Еко одбор, наставници по Биологија и Географија | Сите ученици | Директор, стручни соработници, одговорни наставници, Совет на родители |
| Светски ден за заштита на животната средина | 5 јуни | Ученици и наставници | Сите ученици | Членови на еко одброт при училиштето |

**Во учебната 2025/2026 беа одбележани следниве значајни датуми со соодветни активности:**

| **Датум** | **Одбележување на значајни датуми** | **Активности** |
|---|---|---|
| 1 септември | Свечен прием на првачињата | Организирање приредба |
| 8 септември<br><br>(5 септември) | Ден на Независноста на Република Северна Македонија | Ликовни творби |
| 5 октомври | Светски ден на учителот (4 октомври) | Литературно читање творби од ученици |
| 8 октомври | 8 Октомври - Детска недела и прием на првачињата во Детска организација<br><br>Ден на општината | Работилници и приредба<br><br>Работилници и приредба |
| 16 октомври | Светски ден на храната | Хуманитарна акција |
| 20 ноември | Светски ден за правата на децата | Организирање работилница |
| 3 декември | Ден на лицата со попреченост | Организирање пригодна приредба |
| 9 декември | 8 Декември- Св. Климент Охридски | Организирање работилница |
| 9 декември | 9 Декември- Меѓународен ден за | Организирање работилница |

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

| | | |
|---|---|---|
| | борба против корупцијата | |
| 20 декември | Интернационален ден на човековата солидарност | Собирна акција - книга за деца од ранливи категории |
| 29-30 декември | Нова година | Организирање новогодишен базар, Новогодишни концерти за најмалите во детската градинка „Детелинка“ |
| 24 Јануари | 24 Јануари – Меѓународниот ден на образованието | Организирање работилници |
| 29- Февруари | На 28- Февруари- Светски Ден на Ретки болести | Организирање работилници |
| Безбедно на интернет | Втора недела од февруари | Организирање работилница |
| 21 февруари | Ден на мајчиниот јазик | Организирање работилница |
| 9 март | Меѓународен ден на жената – 8 март | Организирање работилница |
| 21 Март | 21 Март-Ден на пролетта и екологијата | Организирање работилници |
| 21 Март | 21 Март-Светски ден на лицата со Даунов синдром | Организирање работилници |
| 1 април | Првоаприлски маскембал (7 април) | Учество на Првоаприлски маскембал |
| 2 април | Светски ден на лицата со аутизам | Организирање на повеќе различни активности со директна вклученост на учениците со аутизам |
| 8 април | 8-ми Април-Меѓународен ден на ромите | Организирање работилници |
| 29 април | Франкофонска вечер | Организирање на франкофонска манифестација |
| 7 мај | 7 мај - Ден на македонскиот јазик | Едукативна работилница |
| 8 мај | Ден на Европа – 9 мај | Учество на манифестацијата Ден на Европа |
| 23 мај<br>(22 мај) | Ден на Свети Јоаким Крчовски- патрон празник на училиштето | Организирање на различен вид активности: изложби – изработки од учениците, пригодна програма по повод патронот на училиштето и др. |
| 26 мај | Ден на сесловенските просветители – 26 мај | Учество на манифестација организирана под покровителство на |

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

| | | |
|---|---|---|
| | | општина Крива Паланка |
| 1 јуни | 1 Јуни Меѓународен ден на детето | Организирање работилници |
| 10 јуни | Крај на учебната година | Завршни приредби на ученици од одделенска настава |

## *9.4. Извештај од реализираните воннаставни активности во текот на учебната година*

- **1 Септември – Добредојдовте првачиња**

По повод првиот училишен ден, ООУ “Свети Јоаким Крчовски” ги отвори вратите за новите првачиња и останатите основци. Во рамките на овој ден, први септември, Денот кога започнува учебната година. Свечената приредба го исполни училишниот двор со насмевки, среќа и радост. Детските очи заблескаа од возбуда, а нивната ведрина и искрена радост внесе нова енергија и топлина за почеток на уште една успешна и исполнета училишна година.




- **8 Септември - Одбележување на државниот празник 8 Септември – Денот на независноста**



- **Одбележување на 1 Октомври – Меѓународен ден на музиката**

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://oujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

Учениците од нашето училиште го одбележаа 1 Октомври – Меѓународниот ден на музиката. Подготвија презентација за историјата на празникот, како и интересни факти и цитати за музиката.
Се запознаа и со Музичката карта за движење, Се запознаа и со Музичката карта за движење, која претставува одлична интерактивна алатка за учениците, бидејќи на забавен и креативен начин им овозможува да ја доживеат музиката преку движење и игра.




- <u>5 Октомври-Светски ден на учителот</u>
- <u>Одбележување на празникот на градот- 8-ми Октомври</u>






- **<u>6-12 Октомври - ДЕТСКА НЕДЕЛА 2025</u>**

Во рамки на Детската недела, учениците од ООУ „Свети Јоаким Крчовски“ – Крива Паланка, како и учениците од сите подрачни училишта, реализираа низа активности кои ја истакнаа важноста на детето како носител на иднината.
Програмата беше едукативна, креативна и свечена, со активно учество на ученици од сите одделенија.
6 октомври (понеделник)
Неделата започна со класен час во сите одделенија, посветен на Конвенцијата за правата на детето.
Учениците активно дискутираа за нивните права и обврски, а паралелно се вршеа подготовки за претстојните настани.
Учениците од III одделение дополнително разговараа за значењето на Детската недела и ги подготвуваа активностите за наредните денови.
7 октомври (вторник) – „Гласот на иднината“
Во вторник се одржа приредба на која настапуваа ученици од VII и IX одделение.
Свеченоста беше збогатена со ликовни творби од учениците од VI одделение, кои ги украсија паноата. Настанот го збогатија присуството на градоначалникот, претставници од општината и Советот на родители. Градоначалникот свечено ги додели ученичките униформи, симболично потврдувајќи ја важноста на детето во општеството.

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://oujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132

Истиот ден, учениците од ученичката организација, со поддршка од стручната служба, одржаа презентација за правата на децата и значењето на 8 Октомври – Денот на градот.
Учениците од III одделение разговараа за УНИЦЕФ и детската амбасада „Меѓаши“.
8 октомври (среда) – Почит кон градот
Учениците од II, III и IV одделение положија свежо цвеќе на бистата пред општината, одбележувајќи го Денот на градот. Учениците од трето одделение изработија училишно пано на тема „Детски права“, поврзувајќи го локалниот празник со глобалните вредности.
9 октомври (четврток) – „Среќавање во иднината“
Четврток донесе нова приредба, овојпат за учениците од VI и VIII одделение, со учество на ученици од VI до IX одделение. Темата „Среќавање во иднината“ ги охрабри учениците да размислуваат за својата улога во светот што доаѓа. Паралелно се одржаа спортски активности за VI и VIII одделение, поттикнувајќи тимски дух и здрави навики.
Учениците од III одделение цртаа пораки за мир со креда на хамер во училишната сала.
10 октомври (петок) – Добредојде и креативност
Неделата заврши со свечена приредба организирана од учениците од V одделение, кои топло ги пречекаа првачињата во детската организација. Денот беше збогатен со спортски активности за учениците од VII и IX одделение, заокружувајќи ја неделата со енергија и заедништво. Учениците од III одделение следеа кратко видео и изработија одделенска книга на детски права, со акцент на слободата на мислење и вероисповед, во корелација со 11 Октомври – Денот на народното востание.
Оваа недела беше вистинска прослава на детството, иднината, правата и потенцијалот на секое дете. Преку учење, креативност, свечености и спорт, учениците ја потврдија својата важност како идни лидери и градители на подобро општество.

- **<u>Одбележување на 16 Октомври – Светски ден на храната</u>**




- **<u>Одбележување на Месецот на книгата 2025</u>**



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“



- **<u>Светски ден на јаболкото</u>**

Одбележан Светскиот ден на јаболкото! Учениците уживаа во есенска креативна работилница, полна со бои, природни материјали, насмевки и вкусни јаболка. Преку игри, разговори и изработки, децата научија колку е важно јаболкото за здравјето и зошто свежата и природна храна е најдобар избор за секој ден.



- **<u>Code Week 2025 – Кодираме со креативност, знаење и музика</u>**

Учениците од ООУ „Свети Јоаким Крчовски“- Крива Паланка го истражуваа кодирањето преку micro:bit, пиксел арт, музика и математички предизвици – спојувајќи технологија и креативност во процесот на учење. Од 11 до 26 октомври 2025 година, нашите ученици активно се вклучија во Европската недела на кодирањето (EU Code Week 2025) и имаа можност да станат мали програмери и креатори.

Преку низа креативни и забавни активности — од пиксел арт декодирање, сензорни игри за ранливите групи, до mikro:bit програмирање — учениците го истражуваа светот на технологијата и кодирањето. Се запознаа со концептот на кодирање преку решавање математички проблеми и низи, препознавање на правила, кодирање на македонската азбука.



1 2



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

- **Одбележување на 3 Декември – Меѓународен ден на лицата со попреченост**

По повод 3 Декември – Меѓународниот ден на лицата со попреченост, учениците од ООУ „Свети Јоаким Крчовски“ – Крива Паланка се приклучија кон светската кампања за подигнување на свесноста, прифаќањето и поддршката за лицата со попреченост.

Преку разговори, пораки и творечки активности, учениците испратија силна и хумана порака за еднаквост и инклузија. Тие создаваа цртежи и напишаа мотивирачки мисли, потсетувајќи дека: „Разлики има, но убавината е во различноста. Ако сме сложни и си помагаме, ќе создадеме свет во кој секој е прифатен.“

- **Одбележување на 9 Декември – Меѓународниот ден за борба против корупцијата**

На 9 декември, учениците од VIII – 1 одделение, под менторство на наставничката Христина Илиевска, активно се вклучија во одбележувањето на Меѓународниот ден за борба против корупцијата. Целта на активноста беше да се подигне свеста кај младите за значењето на чесноста, транспарентноста и одговорноста во секојдневниот живот. Учениците учествуваа во интерактивна игра преку платформата Wordwall, каде што препознаваа примери на коруптивно и антикоруптивно однесување.

- **Новогодишна работилница ,,Моето прво новогодишно колаче“**



- **Новогодишен базар**

Во празнична атмосфера нашето училиште,,Свети Јоаким Крчовски” учествуваше во Новогодишниот базар.

Учениците со помош на наставниците,библиотекарите и родителите подготвија рачно изработени украси и подароци со што ја покажаа својата креативност и хуманост.




- 20 Декември – Меѓународен ден на човековата солидарност

Учениците преку разговори и активности се запознаа со значењето на солидарноста како меѓусебна поддршка, разбирање и емпатија. Беа поттикнати да помагаат, да соработуваат и одговорно да делуваат во заедницата.

Се нагласи дека солидарноста придонесува за градење похумано и подобро општество.



- **Креативна работилница по повод 8-ми Март**

Учениците учествуваа во креативна работилница за изработка на честитки по повод 8-ми Март. Преку различни активности ја развиваа својата креативност и прецизност.

Работата се одвиваше во пријатна и соработувачка атмосфера.

- 19 Март – Светски ден на ластовичките

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

Учениците го одбележаа Светскиот ден на ластовичките преку креативни активности и работилници. Се запознаа со нивното значење како преселници и симболи на пролетта. Изработуваа ликовни творби и модели, при што ја развиваа креативноста и еколошката свест. Активностите поминаа во позитивна и соработувачка атмосфера.



- 21 Март – Светски ден на лицата со Даунов синдром

Учениците од повеќе одделенија заеднички го одбележаа 21 Март – Светскиот ден на лицата со Даунов синдром. Преку изработка на симболи со шарени чорапи и формирање на големо срце, изразија поддршка, љубов и разбирање. Активноста ја нагласи пораката дека иако сме различни, сите сме еднакви и дел од истата заедница.

- 21 Март – Ден на пролетта

Учениците учествуваа во креативна работилница по повод Денот на пролетта. Преку ликовни изработки ја прикажаа убавината на природата што се буди. Активностите ја поттикнаа креативноста, соработката и љубовта кон природата.

- Маскенбал 2026 – ден исполнет со радост и креативност

Учениците од ООУ „Свети Јоаким Крчовски“ – Крива Паланка учествуваа на маскенбал организиран по повод 1 Април – Денот на шегата.
Настанот помина во весела и креативна атмосфера, со оригинални маски и многу смеа.
🏆 Наградени маски:
Најкреативна: III-5 „Екипата на Стоби Флипс“
Најпрвоаприлска: II-1 „Весели овчички“

Најзабавна: IV-2 „Дворски шутови“

- **Успешно реализирана велигденска работилница**

Учениците учествуваа во велигденска работилница исполнета со креативност и празнична атмосфера. Изработуваа зајачиња и велигденски корпички со шарени јајца, развивајќи прецизност и соработка. Работилницата помина во радосна и творечка атмосфера.

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“



- Кодирање со бои – Велигденска симетрија

Во рамките на проектот „Код за иднината – Центар за вештачка интелигенција и дигитални вештини“, учениците учествуваа во „unplugged“ работилница за кодирање со бои и симетрија. Преку следење код, боење и огледално пресликување, тие ги развиваа алгоритамското размислување, логиката и визуелната прецизност.
Активноста беше реализирана со ученици од повеќе одделенија под менторство на наставници и покажа успешна интеграција на уметност и дигитални вештини.

- 15 Април – Светски ден на уметноста

Учениците го одбележаа Светскиот ден на уметноста преку ликовно творење и изразување на својата креативност.
Преку нивните цртежи ја истакнаа пораката за пријателство, насмевки и инклузија.
Активноста потсети дека уметноста е универзален јазик што ги поврзува сите.

- 22 Април – Ден на планетата Земја

Учениците го одбележаа Денот на планетата Земја со едукативни и креативни активности посветени на заштита на природата. Преку ликовни изработки, видеа, разговори и практична работа, тие ја развиваа еколошката свест и учеа за значењето на чиста животна средина и обновливи извори на енергија.
Активностите испратија порака дека грижата за планетата започнува од најмала возраст.

- 23 Април – Светски ден на книгата и авторското право

Учениците од III одделение од ПОУ с. Нерав го одбележаа Светскиот ден на книгата и авторското право преку креативни и едукативни активности. Изработија мини-книга, пишуваа кратки реченици и ги илустрираа своите идеи, а воедно разговараа за книгата како важен извор на знаење и другар во учењето.
Активностите ја поттикнаа љубовта кон читањето, креативноста и имагинацијата.

- „Генералка викенд 2026“



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“ – Крива Паланка се вклучи во националната еколошка акција „Генералка викенд 2026“. Учениците учествуваа во собирање и селекција на отпад, еко патроли и креативна работилница „Од отпад до уметност“.
Активностите ја поттикнаа еколошката свест, одговорноста и тимската работа.

- 9 Мај – Денот на Европа

Учениците го одбележаа Денот на Европа преку креативни работилници и ликовни активности. Испратија пораки за мир, пријателство, заедништво и соработка, цртајќи европски знамиња и симболи.
Активностите поттикнаа тимска работа и запознавање со европските култури.



- Меѓународен ден на Ромите

По повод 8 Април – Меѓународниот ден на Ромите, во Крива Паланка беше организиран свечен настан посветен на ромската култура, традиција и придонес во општеството. На настанот беа доделени признанија и поддршка на најуспешни ученици Роми.
Од нашето училиште беа наградени Лукас Камеровски (VII-4) и Анела Камберовска (IX-1).



- Меѓународен ден на детето

<u>По повод Меѓународниот ден на детето</u>, во училиштето беа реализирани активности преку кои учениците ги изразија своите пораки, мисли и желби за подобар свет. Преку креативни изработки и разговори тие испратија пораки за другарство, почит, еднаквост, мир и љубов. Активностите потсетија дека секое дете има право на среќно и безгрижно детство.

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

# 10. Ученичко организирање и учество

Во текот на учебната 2025/2026 година, Ученичкиот парламент во училиштето работеше согласно својата Годишна програма за работа и во соработка со директорот, стручната служба и наставниците. Во наведениот период беа одржани редовни состаноци на Ученичкиот парламент, на кои учениците активно учествуваа со свои предлози, мислења и иницијативи. На почетокот на учебната година беше извршен избор на:Претседател на Ученичкиот парламент, Ученички правобранител и Записничар. Изборите беа спроведени транспарентно и демократски, со активно учество на учениците преку тајно гласање. За Претседател на Ученичкиот парламент беше избран ученикот Симеон Ристовски од IX-5 одд., за Ученички правобранител е избрана ученичката Блашка Стојковска од VIII-1 одд. а за Записничар ученичката Дарија Давитковска од IX-2 одд. Претставниците Ученичкиот парламент во текот на учебната 2025/2026 година присуствуваа на состаноците на Совет на родители, Наставнички совет и на состаноците на Училишниот одбор. На наредните состаноци членовите на Ученичкиот парламент од страна на психологот Марина Ј. Митовска беа запознаени со измените и дополнувањата на интерниот Правилник за изрекување на педагошки мерки и им беше презентиран успехот и поведението квартално по периоди. Учениците даваа предлози за активности кои ке се реализраат по повод 8 Октомври-Денот на ослободување на градот како и предлози за одбележување на Детската недела. Учениците од V одделение изработија хамери тема „Детска недела—, учениците од VI одделение изработија зиден весник со цртежи и творби, кои беа закачени на видно место во училиштето.Учениците од VIII одделение дадоа предлог за спортски натпревар кој беше успешно реализиран, а учениците од IX одделение изработија хамери на тема „Детска недела— и изработија презентација на тема „Како ние децата се чуствуваме во градот — која беше презентирана пред учениците.

Претставници од Ученичкиот парламент изготвија и реализираа работилница за учениците од V одделение на тема „Препознавање и изразување на сопствените емоции“, под менторство на психолозите од училиштето. На состаноците на Ученичкиот парламент беше договорено да продолжат со работа и еко-патролите, при што секој вторник и четврток се вршеше проверка дали училиштето е чисто, а забелешките редовно се евидентираа, под менторство на педагогот.Учениците во соработка со Стручната служба на училиштето, организираа и спроведоа хуманитарна акција за еден наш ученик, при што собраните средства беа уплатени на сметките на родителите. Учениците активно се вклучија и во Новогодишниот базар а собраните средства по ниven предлог беа искористени за храна за ученици кои што потекнуваат од социјално ранливи категории. Ученичкиот парламент покажа високо ниво на заинтересираност и одговорност. Учениците активно учествуваа во дискусиите и даваа значајни предлози. Работата на Ученичкиот парламент придонесе за: развој на демократска култура кај учениците, подобрување на комуникацијата меѓу учениците и училиштето, поттикнување на ученичката иницијатива и одговорност.

Состаноците на Ученичкиот парламент беа иницирани од страна на Тимот за поддршка односно од психолозите од училиштето, се со цел насочување и олеснување на работата на ученичките претставници.

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://ooujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132

# 11. Вонучилишни активности

## *11.1 Екскурзии, излети и настава во природа*

Во текот на учебната година беа реализирани еднодневни есенски и пролетни излети за учениците од I до IX одделение во непосредна околина на Крива Паланка каде што се запознаа со природните убавини и географски карактеристики на местото и околината, развиваа интерес за природата и градење еколошки навики, развиваа интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење, го јакнеа меѓусебното другарување и зацврстување на односот ученик наставник.

Во пријатна атмосфера и убаво дружење помина еднодневниот есенски излет за сите ученици од прво до деветто одделение. Учениците од предметна настава го посетија манастирскиот комплекс Свети Јоаким Осоговски, учениците од одделенска настава со своите наставници излетот го реализираа на градското игралиште, а учениците од подрачните училишта во околината на самите училишта.



- На 27 мај 2026 година, нашето училиште го реализираше предвидениот пролетен излет. Преку игра, рекреација и разновидни активности, учениците заедно со своите наставници имаа одлична можност за спортување и дружење. Тоа беше ден исполнет со искрени насмевки и весели детски лица.



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

# 12. Натпревари за учениците

За учениците кои покажуваат особен интерес и успех по одделни наставни предмети се организираат натпревари на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво. Овие натпревари ги организираат акредитирани здруженија на наставници.

Ученичките натпревари претставуваат воннаставни активности што се одвиваат на различни нивоа, почнувајќи од училишно па сѐ до меѓународно ниво.

Натпреварите придонесуваат за негување на другарството, тимската соработка и меѓусебното почитување, како и за воспоставување контакти и размена на искуства со ученици од други училишта и средини. Тие имаат важна улога во целокупниот личен и социјален развој на ученикот, овозможувајќи му да ги препознае и развие сопствените способности и интереси.

Со таа цел, учениците од нашето училиште континуирано земаат учество на голем број конкурси и натпревари на општинско, регионално и државно ниво, при што постигнаа забележителни резултати и се здобија со значајни признанија и награди, со што достојно го претставуваат училиштето.

Натпреварите имаат елиминациски карактер, а подготовката на учениците се реализира под менторство на соодветниот предметен наставник.

Училишните натпревари (како првична селекција) најчесто се одржуваат кон крајот на првото полугодие, додека општинските, регионалните и државните натпревари се реализираат во текот на второто полугодие.

| **Предмет** | **Име и презиме на ученикот** | **Име и презиме на менторот** | **Време на реализација** | **Име на конкурс, натпревар** | **Освоени награди** |
|---|---|---|---|---|---|
| Кошарка (машки) | Машка екипа по кошарка | проф. Мирослав Ивановски | 29.10.2025 | Општински натпревари во кошарка | **Прво место** |
| Кошарка (женски) | Женска екипа по кошарка | проф. Мирослав Ивановски | 29.10.2025 | Општински натпревари во кошарка | **Прво место** |
| Училишен оркестар | Ученици-членови на училишниот оркестар | проф. Лариса Жулина-Митовски | 26.11.2025 | Меѓународен уметнички фестивал „Утринска Ѕвезда“ (Банско, Бугарија) | **Второ место** |
| Пијано | Михаил Митровски | проф. Лариса Жулина-Митовски | 26.11.2025 | Меѓународен уметнички фестивал „Утринска Ѕвезда“ (Банско, Бугарија) | **Второ место (пијано-соло)** |
| Драмска | Драмска | проф. Јасна | 27.11.2025 | Меѓународен | **Трето** |



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| секција | секција (екипа со претставата „Смешна куќа“) | Ѓеорѓиевска, проф. Габриела Стојановска | | фестивал „Утринска ѕвезда“ (Банско, Р. Бугарија) | **место** |
| Француски јазик | Бојана Младеновска | проф. Елена Николовска | 30.11.2025 | Регионален натпревар по француски јазик | **III место (пласман на државен натпревар)** |
| Француски јазик | Матео Тодоровски | проф. Елена Николовска | 30.11.2025 | Регионален натпревар по француски јазик | **Учество** |
| Француски јазик | Петар Стаменковски | проф. Елена Николовска | 30.11.2025 | Регионален натпревар по француски јазик | **Учество** |
| Француски јазик | Софија Младеновска | проф. Елена Николовска | 30.11.2025 | Регионален натпревар по француски јазик | **Учество** |
| Машка екипа по атлетика | Членови на екипата | проф. Мирослав Ивановски | 11.12.2025 | Општински натпревар во атлетика (спринт, скок во височина / далечина) | **Учество** |
| Женска екипа по атлетика | Членови на екипата | проф. Мирослав Ивановски | 11.12.2025 | Општински натпревар во атлетика (спринт, скок во височина / далечина) | **Учество** |
| Пијано | Уна Златановска | проф. Лариса Жулина-Митовски | 10.12.2025 | International Piano Competition Franz Liszt – 10° Edizione (Гротамаре, Италија) | **ПРВА НАГРАДА (Category A)** |
| Пијано | Михаил Митровски | проф. Лариса Жулина-Митовски | 10.12.2025 | International Piano Competition Franz Liszt – 10° Edizione (Гротамаре, Италија) | **ТРЕТА НАГРАДА (Category A)** |
| Пијано | Катја Тренчовска | проф. Лариса Жулина-Митовски | 10.12.2025 | International Piano Competition Franz Liszt – | **ТРЕТА НАГРАДА (Category B)** |



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 10° Edizione (Гротамаре, Италија) | |
| Пијано | Меглена Георгиева | проф. Лариса Жулина-Митовски | 10.12.2025 | International Piano Competition Franz Liszt – 10° Edizione (Гротамаре, Италија) | **ТРЕТА НАГРАДА (Category B)** |
| Француски јазик | Бојана Младеновска | проф. Елена Николовска | 12.12.2025 | Државен натпревар по француски јазик | **Четврто место** |
| Кошарка (машки) | Машка екипа по кошарка | проф. Мирослав Ивановски | 17.12.2025 | Зонско првенство во кошарка за машки (прво коло) | **Трето место** |
| Математика | Мила Младеновска | проф. Даниела Ѓорѓиовска | 30.01.2026 | Општински натпревар по Математика | **II награда (75 поени)** |
| Математика | Петар Стоевски | проф. Сузана Ѓоргиевска | 30.01.2026 | Општински натпревар по Математика | **II награда (75 поени)** |
| Математика | Христијан Гоговски | проф. Даниела Ѓорѓиовска | 30.01.2026 | Општински натпревар по Математика | **Пофалница (42 поени)** |
| Математика | Петар Вучковски | проф. Јагода Ангеловска | 30.01.2026 | Општински натпревар по Математика | **I награда (94 поени)** |
| Математика | Филип Илиевски | проф. м-р Тони Јакимовски | 30.01.2026 | Општински натпревар по Математика | **III награда (55 поени)** |
| Математика | Христијан Марковски | проф. Ненко Иванов | 30.01.2026 | Општински натпревар по Математика | **III награда (55 поени)** |
| Математика | Алекс Велиновски | проф. Ненко Иванов | 30.01.2026 | Општински натпревар по Математика | **Пофалница (45 поени)** |
| Математика | Петар Стаменковски | проф. Тони Велковски | 30.01.2026 | Општински натпревар по Математика | **II награда (72 поени)** |
| Математика | Глорија Гоговска | проф. Тони Велковски | 30.01.2026 | Општински натпревар по Математика | **Пофалница (40 поени)** |
Активноста успешно ја постигна својата цел. Учениците од IX одделение стекнаа основни знаења за корупцијата и антикорупциските механизми, ја препознаа важноста на едукацијата и развија чувство на одговорност како идни граѓани. Дебатата овозможи слободно изразување на мислења и градење на критички ставови кон оваа општествена појава.

- Извештај од спроведена активност: Користење на техниката призма за поимот корупција

Основни информации
- Активност: Логичко размислување и анализа со техника „призма“
- Тема: Штетното влијание на корупцијата
- Цел: Да се поттикне „ментална гимнастика“ кај учениците
- Време на реализација: Април 2026
- Ученици: IX одделение

Цели на активноста
1. Учениците да ја разберат суштината на поимот корупција.
2. Да се поттикне логичко размислување и аналитички пристап.
3. Да се расчлени поимот корупција преку техниката призма.
4. Да се дојде до поим кој е најблизок на почетниот, преку логичка анализа.

Тек на активноста
- Наставникот воведе кратка дискусија за штетното влијание на корупцијата врз општеството.
- Учениците беа запознаени со техниката „призма“ - метод за расчленување на еден поим на неговите аспекти.
- Секој ученик доби задача да го анализира поимот „корупција“ преку призма: економски, политички, етички и социјален аспект.
- Учениците логично размислуваа и ги поврзуваа аспектите, при што дојдоа до поими како „неправда“, „недоверба“, „нееднаквост“.
- На крај, секој ученик избра еден поим кој смета дека е најблизок до основниот поим „корупција“.

Резултати
- Учениците покажаа развиена способност за логичко и критичко размислување.
- Преку техниката призма, тие ја согледаа комплексноста на корупцијата.
- Најчесто избраните поими беа „недоверба“ и „неправда“, што укажува на нивното разбирање за последиците од корупцијата.

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://ooujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132


ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

Заклучок

Активноста успешно ја постигна својата цел. Учениците од IX одделение ја согледаа штетноста на корупцијата преку повеќе аспекти, развија аналитички пристап и логичко размислување. Техниката призма се покажа како ефикасен метод за поттикнување на „ментална гимнастика“ и за продлабочување на свеста за оваа општествена појава.

- Извештај од спроведена активност: Кажи НЕ за корупцијата и ДА за антикорупцијата – Дигитален постер на тема Мито, поткуп или чесност

Основни информации

- Активност: Креативна изработка на дигитален постер
- Тема: Кажи НЕ за корупцијата и ДА за антикорупцијата
- Цел: Учениците да се ставаат во ситуација со активна улога како корумпирани граѓани и да размислат за последиците
- Време на реализација: Мај 2026
- Ученици: VIII одделение

Цели на активноста

1. Да се развие свест за штетноста на корупцијата.
2. Да се поттикне критичко размислување преку симулација на улога.
3. Да се изрази став преку креативна изработка на постер.
4. Да се промовира чесност и антикорупциски вредности.

Тек на активноста

- Наставникот воведе кратка дискусија за поимите мито, поткуп и чесност.
- Учениците беа ставени во симулирана ситуација каде требаше да размислат како би постапиле како корумпирани граѓани.
- Потоа, секој ученик доби задача да изработи дигитален постер на тема „Мито, поткуп или чесност“.
- Постерите беа дигитални и содржеа креативни пораки, симболи и цртежи кои ја пренесуваа идејата за борба против корупцијата.

Резултати

- Учениците покажаа голема креативност и ангажираност.
- Преку постерите беа изразени јасни пораки: „НЕ за корупцијата“, „Чесноста е патот напред“, „Поткупот уништува доверба“.
- Се разви свест за личната одговорност и значењето на чесноста.

Заклучок

Активноста успешно ја постигна својата цел. Учениците од VIII одделение преку симулација и креативна изработка на постери ја согледаа штетноста на корупцијата и ја промовираа чесноста како основна вредност. Оваа активност придонесе за развивање на критичко размислување и граѓанска свест кај младите.

Со овие активности, второто полугодие се одликуваше со практични, интерактивни и креативни пристапи, кои ја зајакнаа улогата на учениците како идни граѓани со јасни ставови за праведност, транспарентност и одговорност.

**Е-Твининг во нашето училиште**

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“ е добитник на ознаката Е-Твининг училиште-2025-2026.

Е-Твининг е жива заедница која има вклучено во своите 14 години постоење, повеќе од 500,000 наставници кои работат во 190.000 училишта. Направени се повеќе од 70,000 проекти,кои вклучуваат повеќе од 2,000,000 ученици од цел континент. Е-Твининг – заедница на училишта во Европа и соседни партнерски земји – е акција наменета за училишта,

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://oоujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132


ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

финансирана од Европската комисија во рамките на програмата Еразмус +. Вклучува наставници од 36 Европски земји и 8 соседни земји.

Училиштето „ Свети Јоаким Крчовски“ Крива Паланка активно е вклучено во е-Твининг платформата веќе десетина години. Наставниците активно работат на е-Твининг проекти и се добитници на повеќе е-Твининг награди.

Училиштето оваа година аплицираше и во конкуренција од повеќе училишта од Европа ја доби ознаката за е-Твининг училиште. Како е-Твининг училиште училиштето„ Свети Јоаким Крчовски“ ќе биде препознаено на картата на европските училишта како училиште со развиени иновативни методи, техники и ИКТ алатки во наставата.

Посебно заслуга за оваа награда имаат наставниците, учениците и директорот на училиштето, кои неуморно работат и соработуваат сé со една единствена цел- подобра и иновативна настава.

**Еразмус во нашето училиште**

Нашето училиште е активно вклучено во програмата „Еразмус+“ повеќе од една деценија, односно од 2013 година.

Во текот на оваа учебна година успешно беше реализиран еден КА1 „Еразмус+“ проект во Турција, чиј координатор е Елена Митевска Давидовска.

# 15. Поддршка на учениците

## *15.1. Постигнување на учениците*

Наставниот кадар и стручната служба во училиштето континуирано работеа на имплементација на стандардите и критериумите за следење и оценување на постигањата на учениците. Наставниците следењето и оценувањето го реализираа согласно своите годишни и тематски планирања, а усогласувањето на критериумите се вршеше на ниво на стручните активи. Успехот, поведението и редовноста на учениците по одделенија и наставен јазик се прикажани во статистичкиот преглед даден во прилог.

Од I до III одделение има вкупно 209 ученици, кои согласно Законот за основното образование се описно оценети. Од IV до VI одделение има вкупно 256 ученици, кои на крајот на учебната година беа бројчано оценети. Од вкупно 718 ученици, во IV-IX одделение се 509 ученици, од кои 378 се со одличен успех, 90 ученици се со многу добар успех, 36 ученици се со добар успех, 3 ученици се со доволен успех, а двајца ученици се неоценети и полагаат одделенски испит. Од нив, едната ученичка успешно го положи испитот, додека другата не се појави на полагањето во јуни и ќе ѝ биде овозможено повторно да полага во август. Еден ученик од II одделение со посебни образовни потреби, согласно насоките дадени од МКФ, следеше настава од дома и е описно оценет.

Средниот успех на учениците од IV-IX одделение изнесува 4,56. Во споредба со учебната 2024/2025 година, кога средниот успех изнесувал 4,61, евидентиран е минимален пад од 0,05, што не претставува значително отстапување. Анализата на постигнатите резултати покажува дека училиштето и понатаму одржува високо ниво на успех, при што најголем дел од учениците постигнуваат одличен и многу добар успех. Добиените резултати укажуваат дека воспитно-образовниот процес успешно се реализира, а континуираното следење на



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

напредокот, поддршката од наставниците и соработката со родителите придонесуваат за одржување на високите постигања на учениците.

Во училиштето особено внимание се посветува на редовноста на учениците и дисциплината во наставниот процес. Во текот на учебната година евидентирани се вкупно 11.000 изостаноци, од кои 10.688 се оправдани, а 412 се неоправдани. Оправданите изостаноци најчесто се резултат на здравствени причини, додека неоправданите изостаноци во најголем дел се должат на доцнење или нередовно посетување на наставата кај помал број ученици. Просечниот број на изостаноци по ученик изнесува 15,84.

Во споредба со претходната учебна година, кога биле евидентирани 15.092 изостаноци, оваа учебна година е забележано намалување од 4.092 изостаноци. Овој податок претставува значителен позитивен показател и укажува на подобрена редовност на учениците, поголема одговорност кон наставните обврски, како и успешна соработка помеѓу училиштето, учениците и родителите. Намалениот број на изостаноци е резултат и на континуираните активности што училиштето ги презема за поттикнување на редовното посетување на наставата и навременото реагирање при појава на нередовност.

За учениците кои покажуваа нередовност во посетувањето на наставата континуирано се преземаа соодветни мерки преку индивидуални разговори со учениците, советодавни разговори со родителите, следење на нивниот напредок и давање насоки за подобрување на редовноста. Во случаи на непочитување на правилата на училиштето беа применувани педагошки мерки согласно Законот за основното образование и Правилникот за изрекување на педагошки мерки. И покрај поединечните случаи на нередовност, на крајот од учебната година сите 718 ученици се со примерно поведение, што претставува показател за позитивната воспитна клима, почитувањето на куќниот ред и успешното функционирање на воспитно-образовниот процес.

Во состав на училиштето функционира и Музичкото училиште, во кое наставата ја следат 35 ученици. Средниот успех на учениците изнесува 4,78, а сите ученици се со примерно поведение. Во текот на учебната година кај учениците од Музичкото училиште се евидентирани вкупно 791 изостанок, од кои 60 се оправдани, а 19 се неоправдани.

За подобрување на успехот на учениците, покрај поддршката што ја обезбедува наставниот кадар во текот на наставниот процес, значајна улога има и стручната служба во училиштето. Таа континуирано, согласно утврдените потреби, обезбедува индивидуална и групна поддршка на учениците, ги мотивира за поголема активност во наставата и учењето, спроведува советодавно-консултативни разговори со учениците и нивните родители, како и со наставниците, со цел навремено надминување на потешкотиите и подобрување на постигањата.

Со цел следење на напредокот на учениците, стручната служба изработува споредбени анализи на успехот по класификациони периоди и на крајот на учебната година, ги анализира причините за евентуалните отстапувања во постигањата, редовноста и поведението и предлага конкретни мерки за нивно надминување. Анализите покажуваат дека најголем дел од учениците континуирано постигнуваат стабилни резултати, а кај учениците кај кои се забележуваат потешкотии навремено се планираат и реализираат мерки за дополнителна поддршка. Ваквиот пристап овозможува навремено препознавање на потребите на учениците и придонесува за континуирано унапредување на нивните постигања и на севкупниот воспитно-образовен процес.



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

## 15.2. Професионална ориентација на учениците

Во текот на учебната 2025/2026 година, согласно Програмата за професионална ориентација, беа реализирани повеќе активности насочени кон професионалното информирање, советување и насочување на учениците од IX одделение. Целта на активностите беше учениците да се запознаат со можностите за продолжување на образованието, условите и критериумите за упис во средните училишта, како и да добијат поддршка при изборот на идната професија во согласност со нивните интереси, способности, вредности и афинитети.

Во рамките на реализираните активности, учениците беа запознаени со Конкурсот за запишување во јавните средни училишта, постапката за електронско пријавување, роковите за упис, потребната документација и критериумите за запишување. Дополнително, беа презентирани образовните профили, струките и можностите што ги нудат средните училишта во Република Северна Македонија, како и условите за сместување во ученичките домови. Со цел учениците полесно да ги препознаат сопствените професионални интереси и потенцијали, од страна на психолозите беше спроведено тестирање со инструментот RIASEC, а добиените резултати беа искористени како дополнителна поддршка при процесот на професионално насочување.

Реализираните активности придонесоа учениците да добијат појасна слика за сопствените способности и интереси, како и за можностите што им стојат на располагање при изборот на понатамошното образование. Деталниот извештај за реализираните активности е даден во прилог на овој документ.

## 15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Основен приоритет на училиштето е создавање безбедна, поттикнувачка и инклузивна училишна средина во која се промовираат добросостојбата и менталното здравје на учениците, се почитуваат нивните права и се обезбедува заштита од сите форми на насилство, злоупотреба, запуштање и дискриминација.

Училиштето има изготвено Програма за превенција на насилно однесување, која континуирано се реализира преку превентивни и интервентни активности. Целта на програмата е намалување на асоцијалното и насилното однесување, обезбедување чувство на сигурност и доверба кај учениците, јакнење на нивната социо-емоционална благосостојба и ментално здравје, развивање на меѓусебно разбирање, почитување и толеранција, како и стекнување вештини за мирно и конструктивно решавање на конфликтите.

Училишниот тим за превенција и заштита од насилство континуирано ја следеше состојбата во училиштето, ги идентификуваше можните појави и ризици од насилство, ги

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://ooujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132


ООУ „Свети Јоаким Крчовски"

анализираше местата и околностите во кои се јавуваат конфликтни ситуации и преземаше соодветни мерки за нивно спречување и надминување. Стручната служба реализираше советодавно-консултативна работа со учениците кои биле изложени на насилство, со учениците кои покажувале несоодветни облици на однесување, како и со нивните родители, со цел надминување на проблемите, зајакнување на менталното здравје и создавање позитивна училишна клима.

Во текот на учебната година беа реализирани бројни разговори, работилници и едукативни активности на часовите на одделенската заедница, насочени кон развивање на социјални и емоционални вештини, ненасилна комуникација, меѓусебно почитување, прифаќање на различностите, превенција од врсничко насилство, како и зачувување и унапредување на менталното здравје на учениците.

Особено внимание беше посветено на промоцијата на менталното здравје преку реализација на голем број работилници и едукативни активности организирани од страна на стручната служба и наставниот кадар. Преку овие активности учениците имаа можност да стекнат знаења и вештини за препознавање и изразување на емоциите, справување со стресот и притисоците, јакнење на самодовербата, развивање позитивна слика за себе, градење здрави меѓучовечки односи и унапредување на психосоцијалната благосостојба. Реализираните активности значително придонесоа за јакнење на менталното здравје, емоционалната стабилност и добросостојбата на учениците.

Во соработка со родителите и релевантните институции се реализираа активности насочени кон подигнување на свеста за заштитата на децата, јакнење на партнерската соработка помеѓу училиштето и семејството и создавање безбедна и поддржувачка средина за секој ученик. Континуираното спроведување на овие активности придонесе за одржување позитивна училишна клима, заштита на менталното здравје на учениците, намалување на ризикот од несоодветни облици на однесување и унапредување на нивната целокупна добросостојба.

Детален преглед на реализираните активности е даден во прилог на овој извештај.

# 16. Оценување

## *16.1. Видови на оценување и календар на оценувањето*

Оценувањето на учениците во учебната 2025/2026 година се реализираше согласно Законот за основното образование, подзаконските акти, стандардите за оценување и насоките на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Во текот на



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

наставниот процес се применуваа формативно и сумативно оценување, со цел континуирано следење на постигањата, напредокот и развојот на учениците.
Динамиката на оценувањето и писмените проверки беше утврдена со годишните, тематските и процесните планирања на наставниците и се реализираше во текот на целата учебна година согласно предвидениот календар на наставниот процес.
Согласно начинот на оценување во деветгодишното основно образование:
• учениците од I до III одделение на крајот од учебната година беа оценети со описни оценки;
• учениците од IV до VI одделение на крајот од учебната година беа оценети со бројчани оценки;
• учениците од VII до IX одделение на крајот од учебната година беа оценети со бројчани оценки.
На почетокот од учебната година наставниците изготвија планови за писмено проверување на постигањата на учениците, кои беа евидентирани во електронскиот дневник. Проверките на знаењата и постигањата на учениците се реализираа според однапред утврдена динамика, а формативното и сумативното оценување беа составен дел од тематските и процесните планирања на наставниците.
Во процесот на оценување се применуваа различни методи и инструменти, како што се усни и писмени проверки, тестови, контролни задачи, практични активности, проектни задачи, презентации, портфолија, чек-листи и други соодветни форми за следење и вреднување на постигањата на учениците.
Оценувањето на учениците со попреченост се реализираше согласно индивидуалните образовни планови и согласно модифицирана наставна програма. Напредокот и постигањата на овие ученици се следеа и оценуваа во согласност со индивидуално поставените цели и очекуваните исходи од учењето. Индивидуалните образовни планови и модифицираните наставни програми беа изработени во согласност со можностите и образовните потреби на секој ученик, во соработка со Инклузивниот тим за ученикот и со родителите/старателите.
Во учебната 2025/2026 година започна и етапното воведување на дигитални свидетелства за учениците од I до III одделение. Покрај хартиените свидетелства, овие ученици добија и дигитални свидетелства со иста правна важност, кои се чуваат во електронска архива и претставуваат дел од процесот на дигитализација на образовниот систем.

## *16.2. Следење, анализа и поддршка*

Следењето, проверувањето и оценувањето на постигањата на учениците се реализираше согласно Законот за основното образование и Правилникот за начинот на следење, проверување и оценување на постигањата на учениците.

При следењето и оценувањето се вреднуваа знаењата, вештините, компетенциите, работните навики, активноста, ангажираноста и напредокот на учениците во воспитно-образовниот процес.

За проверка на постигањата на учениците се применуваа различни форми на проверување, и тоа: усно, писмено и комбинирано, преку писмени работи, тестови, работни листови, проектни задачи, практични активности и други соодветни инструменти за оценување.

Во текот на учебната 2025/2026 година редовно се реализираа дополнителна и додатна настава, согласно утврдениот распоред. Распоредот за реализација на дополнителната и додатната настава се изготвуваше на почетокот на секој месец, беше јавно објавуван на огласната табла во училиштето и на официјалната веб-страница на училиштето, со што учениците и родителите беа навремено информирани за термините на реализација.



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

Следењето на постигањата на учениците континуирано го реализираше Тимот за следење, анализа и поддршка. Во текот на учебната година редовно се изработуваа анализи на успехот, поведението и редовноста на учениците, како и споредбени анализи со претходните класификациони периоди и учебни години.

Врз основа на добиените показатели се планираа и реализираа соодветни мерки и активности за подобрување на постигањата на учениците, унапредување на редовноста, јакнење на мотивацијата за учење и обезбедување дополнителна поддршка за учениците кај кои беше утврдена потреба од истата.

## *16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар*

Во текот на учебната 2025/2026 година континуирано се реализираа активности за следење, вреднување и унапредување на квалитетот на воспитно-образовната работа. Директорот и стручната служба вршеа редовно следење на планирањето, организацијата и реализацијата на воспитно-образовниот процес, согласно Годишната програма за работа на училиштето. Беа реализирани стручни посети на наставни часови во централното и подрачните училишта, со цел следење на реализацијата на наставата, примената на наставните методи и форми на работа, користењето наставни средства и помагала, активното учество на учениците, како и следењето и оценувањето на нивните постигања.

Директорот и стручната служба реализираа советодавно-консултативни разговори со наставниците, при што беа давани стручни насоки и препораки за унапредување на воспитно-образовната работа и за надминување на воочените слабости во наставниот процес. Исто така беше извршен увид во годишните, тематските и процесните планирања на наставниците, како и во педагошката евиденција и документација, при што беше констатирано дека истите се водеа и ажурираа согласно важечките законски и подзаконски прописи.

Покрај следењето на наставниот процес, беше реализиран увид и во планирањето и реализацијата на вонаставните активности, дополнителната и додатната настава, како и другите форми на воспитно-образовна работа.

Врз основа на согледувањата од реализираните стручни посети, на наставниците им беа давани насоки и препораки за понатамошно унапредување на квалитетот на наставата и воспитно-образовната работа.

# 17. Безбедност во училиштето

Безбедноста на учениците и вработените претставува еден од приоритетите во работењето на училиштето. Во текот на учебната 2025/2026 година континуирано се преземаа превентивни мерки за обезбедување безбедна, сигурна и поттикнувачка средина за воспитно-образовна работа.

Во училиштето континуирано се спроведуваа мерки за обезбедување безбедност за време на наставата, одморите и вонаставните активности. Централното училиште е покриено со систем за видео надзор, а наставниците редовно извршуваа дежурства според однапред утврден распоред, со што се обезбедуваше постојан надзор и навремено реагирање во случај на потреба.

За обезбедување висок степен на безбедност, училиштето располага со соодветна интерна документација, меѓу која се: Правилник за заштита од пожари, поплави и други закани



ООУ„Свети Јоаким Крчовски“

и ризици, План за заштита и спасување, План за едукација и заштита на учениците во случај на елементарни непогоди, План за добросостојба на учениците, заштита од насилство, злоупотреба и запуштање и спречување на дискриминација, Протокол за ненасилство и недискриминација, Куќен ред, Етички кодекс за наставниците, стручните соработници, учениците и родителите, како и План за евакуација кој е истакнат во сите училници и службени простории.

Училиштето континуирано водеше грижа и за заштитата и унапредувањето на физичкото и менталното здравје на учениците. Во соработка со ЈЗУ Здравствен дом – Крива Паланка беа реализирани систематски прегледи, стоматолошки прегледи и вакцинација на учениците, согласно националниот календар за имунизација.

Во текот на учебната година се реализираа и бројни активности насочени кон промоција на здравите животни навики и здравиот начин на живот, преку едукативни предавања, работилници и презентации за зачувување на физичкото и менталното здравје. Посебен акцент беше ставен на јакнењето на менталното здравје на учениците преку активности реализирани од стручната служба и наставниот кадар, кои опфаќаа теми поврзани со емоционалната благосостојба, справувањето со стресот, развивањето на социјални вештини, ненасилната комуникација и градењето позитивни меѓучовечки односи.

Во рамките на активностите за заштита на здравјето, училиштето континуирано ја поттикнуваше личната хигиена кај учениците, учеството во спортски и рекреативни активности, како и развивањето здрави животни навики. При запишувањето на учениците во I одделение се почитуваа законските услови во однос на доставување на потребната здравствена документација, а вработените во училиштето редовно извршуваа систематски и санитарни прегледи согласно законските прописи.

Со реализацијата на наведените активности училиштето обезбедуваше безбедна и здрава средина за учење и работа, во која се промовираат здравјето, добросостојбата и безбедноста на сите ученици и вработени.

## *18.1. Хигиена во училиштето*

Во текот на учебната 2025/2026 година, во училиштето континуирано се водеше грижа за одржување на висок степен на хигиена во сите училишни простории и во училишниот двор. Редовно се вршеше чистење и дезинфекција на училниците, кабинетите, ходниците, санитарните јазли, административните простории, како и на училишниот инвентар и наставните средства, со употреба на соодветни средства за чистење и дезинфекција. За одржувањето на хигиената континуирано се грижеше техничкиот персонал на училиштето.

Покрај одржувањето на хигиената, училиштето реализираше и активности за развивање на еколошката свест и хигиенските навики кај учениците. Преку еко-акции, работилници, предавања и други воспитно-образовни активности учениците беа поттикнувани активно да се грижат за чистата и здрава животна средина. Во рамките на овие активности беа организирани акции за чистење на училишниот двор, уредување на зелените површини, садење цвеќиња и собирање пластични шишиња и друг отпад за рециклирање.

Во согласност со законските прописи и потребите на училиштето, редовно се спроведуваа дезинфекција, дезинсекција и дератизација од страна на овластени институции, со што се обезбедуваа соодветни хигиенско-санитарни услови за безбедно и непречено реализирање на воспитно-образовниот процес.

## 18.2. Систематски прегледи

Во текот на учебната 2025/2026 година училиштето континуирано соработуваше со ЈЗУ Здравствен дом – Крива Паланка во насока на обезбедување здравствена заштита на учениците и реализација на превентивни здравствени активности, согласно законските прописи и Програмата за здравствена заштита на учениците.

Во рамките на оваа соработка беа реализирани редовните систематски лекарски и стоматолошки прегледи, при што училиштето навремено ги информираше родителите/старателите за термините, начинот на реализација и значењето на овие прегледи. Прегледите беа организирани согласно утврдените процедури, без пречка во реализацијата на воспитно-образовниот процес.

Систематските лекарски прегледи ги опфатија учениците од I, III, V и VII одделение, додека стоматолошките прегледи беа реализирани за учениците од I, IV, V, VI и VII одделение.

Во согласност со законските обврски, беа реализирани и задолжителните систематски и санитарни прегледи на вработените во училиштето, со што се придонесе за зачувување на здравјето на вработените и обезбедување безбедни услови за работа и реализирање на воспитно-образовниот процес.

## 18.3. Вакцинирање

Во текот на учебната 2025/2026 година, во соработка со ЈЗУ Здравствен дом – Крива Паланка, се реализираше задолжителната имунизација на учениците согласно Програмата за задолжителна имунизација и важечките законски прописи. Вакцинацијата се спроведуваше според предвидениот календар за имунизација и во согласност со насоките на надлежните здравствени институции.

Со задолжителната вакцинација беа опфатени учениците од I, III, V, VII и IX одделение, при што училиштето навремено ги информираше родителите/старателите за термините и начинот на реализација. Вакцинацијата се реализираше во соработка со здравствените работници и согласно пропишаните здравствени процедури.

## 18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Во текот на учебната 2025/2026 година, во училиштето континуирано се реализираа активности за едукација на учениците за значењето на здравата и правилна исхрана како важен предуслов за правилен раст, развој и зачувување на здравјето. Активностите се реализираа преку наставните содржини, часовите на одделенската заедница, работилници, предавања и други едукативни активности.

Во соработка со наставниците и стручната служба, учениците беа поттикнувани да стекнуваат здрави прехранбени навики, да консумираат разновидна и квалитетна храна, редовно да појадуваат и да ја препознаваат важноста на правилната исхрана за нивното физичко и ментално здравје. Преку реализираните активности се развиваше свеста за избор на здрави намирници, намалување на консумирањето нездрава храна и усвојување здрави животни навики.

**Грижа за менталното здравје кај учениците**



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

Во текот на учебната 2025/2026 година, училиштето континуирано реализираше активности насочени кон зачувување, унапредување и промоција на менталното здравје и добросостојбата на учениците. Стручната служба, во соработка со наставниот кадар, обезбедуваше континуирана психолошка, педагошка и социо-емоционална поддршка на учениците, во согласност со нивните потреби.

Во рамките на овие активности беа реализирани индивидуални советодавни разговори со учениците, советување и психолошка поддршка при надминување на лични, емоционални, социјални и воспитно-образовни предизвици, како и соработка со родителите и наставниците со цел обезбедување навремена и соодветна поддршка.

Согласно насоките и препораките на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието, од страна на стручната служба и наставниот кадар беа реализирани бројни работилници, предавања и едукативни активности за унапредување на менталното здравје, безбедноста и добросостојбата на учениците и сите учесници во воспитно-образовниот процес. Преку овие активности се обработуваа теми поврзани со препознавање и управување со емоциите, справување со стресот, развивање самодоверба, ненасилна комуникација, меѓусебно почитување, позитивни врснички односи, превенција од насилство и јакнење на социо-емоционалните вештини.

Реализираните активности значително придонесоа за создавање позитивна училишна клима, зајакнување на психосоцијалната благосостојба и менталното здравје на учениците, како и за унапредување на нивниот севкупен личен и социјален развој.

Деталниот преглед на реализираните активности за унапредување на менталното здравје, безбедноста и добросостојбата на учениците е даден во прилог на овој годишен извештај.

## 19. Училишна клима

### *19.1. Дисциплина*

Во текот на учебната 2025/2026 година, во училиштето се одржуваше позитивна училишна клима и високо ниво на дисциплина, благодарение на континуираната соработка помеѓу наставниот кадар, стручната служба, учениците, родителите и раководниот тим. Преку заеднички пристап, редовно следење на состојбите и навремено преземање превентивни мерки, училиштето обезбедуваше безбедна, поттикнувачка и дисциплинирана средина за учење и работа.

Во училиштето доследно се почитуваа Куќниот ред, Кодексот на однесување и останатите интерни правилници, кои се јавно достапни и познати на сите учесници во воспитно-образовниот процес. Одговорноста за одржување на дисциплината и позитивната училишна клима ја споделуваа сите вработени, учениците и родителите, при што взаемното почитување, соработката и почитувањето на правилата претставуваа основа за успешно функционирање на училиштето.

Наставниците, стручната служба и раководниот кадар континуирано соработуваа во следењето на дисциплината, реализираа советодавни разговори со учениците и родителите и преземаа навремени мерки за надминување на евентуалните проблеми. Посебно внимание се посветуваше на превенцијата на несоодветното однесување, јакнењето на позитивните вредности и развивањето на одговорност кај учениците.

Во текот на учебната година редовно се реализираа дежурства на наставниците во училишните ходници, холовите, училниците и училишниот двор, како и постојан видеонадзор во



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

централното училиште, со што се придонесуваше за поголема безбедност и дисциплина. За тековните состојби редовно се водеше евиденција, а по потреба се преземаа соодветни воспитно-педагошки мерки и советодавни активности.

Со цел превенција на насилството и подобрување на дисциплината, во училиштето функционираше Тим за превенција од насилство, составен од наставници, ученици, родители и стручната служба. Стручната служба континуирано ја следеше состојбата во училиштето преку месечни прашалници за безбедност, ги анализираше добиените резултати и врз основа на утврдените потреби, планираше и реализираше соодветни превентивни активности, работилници, разговори и едукативни содржини со учениците.

Во случаи кога беше потребно, училиштето остваруваше соработка со надлежни институции кои преку предавања, работилници и други едукативни активности дадоа придонес во јакнењето на дисциплината, безбедноста и позитивната училишна клима.

Континуираното спроведување на овие активности придонесе за одржување на високо ниво на дисциплина, взаемно почитување помеѓу сите учесници во воспитно-образовниот процес и создавање позитивна и безбедна училишна средина.

## *19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето*

Во текот на учебната 2025/2026 година, училиштето континуирано вложуваше напори за создавање пријатна, функционална, безбедна и поттикнувачка средина за учење и работа. Просторните услови овозможуваа квалитетна реализација на наставниот процес, воннаставните активности и професионалната работа на наставниот кадар и стручната служба.

Особено внимание се посветуваше на естетското и функционалното уредување на училниците, кабинетите, ходниците и заедничките простории, со цел учениците да престојуваат во уредена и мотивирачка средина која придонесува за подобри резултати во учењето, развој на креативноста, чувството на припадност и позитивна училишна клима.

Во уредувањето и оплеменувањето на училишниот простор активно учествуваа наставниците, стручната служба, учениците, родителите и техничкиот персонал, преку заеднички активности за уредување на училниците, изложување ученички трудови и реализирање различни едукативни и еколошки иницијативи.

Во текот на учебната година континуирано се водеше грижа за:

-создавање и одржување на училишна средина која ги промовира мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција, еднаквоста и инклузивноста;

-изложување на ученички трудови и креативни изработки, при што се обезбедуваше еднаква можност за учество на сите ученици без дискриминација по која било основа;

-уредување и редовно ажурирање на информативните паноа, со цел навремено информирање на учениците, родителите и вработените за активностите и случувањата во училиштето;

-обезбедување инклузивна и функционална училишна средина преку прилагодување на просторот и наставните услови согласно индивидуалните образовни потреби на учениците.

Континуираното уредување и одржување на училишниот простор придонесе за создавање пријатна, мотивирачка и функционална средина, која позитивно влијаеше врз квалитетот на воспитно-образовниот процес и добросостојбата на учениците и вработените.

## *19.3. Етички кодекси*

Во училиштето се применуваат Етички кодекси за однесување на учениците, родителите и вработените, со цел унапредување на меѓусебното почитување, одговорноста,



ООУ„Свети Јоаким Крчовски“

соработката и создавање позитивна училишна клима. Кодексите претставуваат значаен инструмент за регулирање на односите помеѓу сите учесници во воспитно-образовниот процес и за поттикнување на култура на дијалог, толеранција и почитување на правата и обврските.

Етичките кодекси се разгледани и усвоени од Ученичкиот парламент, Наставничкиот совет, Советот на родители и Училишниот одбор. На почетокот на учебната година учениците беа запознаени и потсетени на одредбите од Кодексот на однесување на часовите на одделенската заедница, родителите беа информирани на родителските средби, а наставниците на седниците на Наставничкиот совет.

Во текот на учебната 2025/2026 година беше извршена измена на Кодексот на однесување за учениците, која се однесуваше на задолжителното носење на ученичките униформи. Измената беше усвоена согласно утврдената процедура и започна да се применува од месец октомври, по обезбедувањето и распределбата на ученичките униформи.

Етичките кодекси по потреба се ревидираат и усогласуваат со потребите на училиштето и законските прописи, при што предложените измени се разгледуваат и усвојуваат од надлежните училишни органи. На овој начин се обезбедува нивна актуелност и ефикасна примена во секојдневното функционирање на училиштето.

Сите Етички кодекси се јавно достапни, истакнати на видно место во училиштето и објавени на веб-страницата на училиштето, со што се обезбедува нивна достапност и информираност на сите учесници во воспитно-образовниот процес.

## *19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето*

Во текот на учебната 2025/2026 година, училиштето континуирано работеше на јакнење на меѓусебната комуникација, довербата, соработката и партнерските односи помеѓу сите учесници во воспитно-образовниот процес. Добрата соработка и взаемното почитување помеѓу сите структури придонесоа за создавање позитивна училишна клима и успешно функционирање на училиштето.

Со цел унапредување на меѓучовечките односи, вработените редовно остваруваа формални и неформални средби, разменуваа професионални искуства и заеднички планираа активности насочени кон подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа. Во училиштето се организираа и заеднички одбележувања, прослави и други активности кои придонесоа за јакнење на тимскиот дух и меѓусебната соработка.

Во училиштето постоеше континуирана и успешна соработка помеѓу раководниот тим, наставниците, стручната служба, стручните активи, Училишниот одбор, Советот на родители, Ученичкиот парламент, техничкиот персонал и останатите учесници во воспитно-образовниот процес. Секоја структура активно учествуваше во планирањето, реализацијата и унапредувањето на училишниот живот, во рамките на своите надлежности.

Во своето работење училиштето доследно ги почитуваше принципите на еднаквост, взаемно почитување, недискриминација, професионалност и тимска работа. Вработените претставуваа позитивен пример за учениците преку својата професионална соработка, меѓусебна комуникација и заедничко делување во насока на создавање безбедна, инклузивна и поттикнувачка училишна средина.



ООУ Свети Јоаким Крчовски

Учениците беа поттикнувани да развиваат меѓусебно почитување, толеранција, одговорност и чувство на припадност кон училиштето. Независно од нивните способности, пол, етничка припадност, вероисповед или социјално потекло, учениците имаа еднакви можности за активно учество во воспитно-образовниот процес и најголем дел од нив се чувствуваа прифатени, почитувани и поддржани од наставниците и своите соученици.

Континуираната соработка и позитивните односи меѓу сите структури придонесоа за успешно реализирање на воспитно-образовниот процес и за одржување позитивна и поддржувачка училишна клима.

# 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

## *20.1. Детектирање на потребите и приоритетите*

Континуираниот професионален развој на наставниците и стручните соработници претставува значаен предуслов за унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. Поради тоа, училиштето континуирано ги следи и анализира потребите за стручно усовршување на вработените, со цел планирање и реализација на активности кои ќе придонесат за нивниот професионален и кариерен развој.

Потребите и приоритетите за професионален развој се утврдуваат врз основа на резултатите од самоевалуацијата, интегралната евалуација, интерните анализи на училиштето, следењето на воспитно-образовниот процес, како и препораките и насоките на Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието и основачот.

На почетокот на учебната година, во рамките на состаноците на стручните активи, наставниците ги идентификуваа своите професионални потреби и приоритети за стручно усовршување. Врз основа на добиените согледувања беа планирани активности за професионален развој кои одговараат на потребите на наставниот кадар и на развојните приоритети на училиштето.

Во функција на професионалниот развој, во текот на учебната година се реализираа отворени часови, работилници, размена на професионални искуства и други форми на стручно усовршување во рамките на стручните активи, со цел унапредување на наставната практика и професионалните компетенции на наставниците.

Во училиштето функционира Тим за професионален развој, составен од еден стручен соработник и претседателите на стручните активи, кој континуирано ги следи потребите на наставниците и стручните соработници, ја координира реализацијата на активностите за стручно усовршување и го следи нивниот професионален напредок. Континуираното вложување во професионалниот развој придонесува за подобрување на квалитетот на наставата, јакнење на професионалните компетенции на наставниот кадар и унапредување на севкупниот воспитно-образовен процес.

ООУ„Свети Јоаким Крчовски“

## 20.2. Активности за професионален развој

Во текот на учебната година сите понудени обуки од акредитирани институции редовно се доставуваа до наставниците и стручните соработници за кои се наменети, истите се разгледуваа и зависно од можностите се посетуваа. По учеството на обуки, учесниците во зависност од насоките и потребата држеа дисеминација во училиштето по претходно изготвена програма и акционен план, а за истата активност се изготвуваа и извештаи. За својот професионален развој наставниците водеа професионално досие и професионално портфолио, а на крајот на учебната година изработија извештај за реализацијата.

Наставниците постојано превземаа активности за својот професионален развој. Тие на почетокот на учебната година испланираа различни активности за својот професионален развој кои се реализираа преку организирање на обуки, семинари, работилници за кои имаат потреба наставниците и стручните соработници и изготвија акциони планови за истите. Обуките кои ги посетија наставниците и стручните соработници во текот на целата учебна година а во рамките на нивниот професионален развој се претставени во прилог бр.13.

## 20.3. Личен професионален развој

Наставниците и стручните соработници за лично професионално усовршување изготвија Личен план за професионален развој заради зајакнување на сопствените професионални компетенции, а врз основа на сопствена самоевалуација, резултатите од интегралната евалуација и од согледувањата од посетите од страна на директорот и советниците од БРО. Личните планови оваа учебна година беа предаени до 10 септември до Тимот за професионален развој. Тимот за професионален развој изврши увид во истите. Врз основа на новите лични планови тимот за професионален развој ги определи приоритетите за работа и ги испланира во планот за професионален развој на ниво на училиште. Исто така наставниците и стручните соработници до 30 јуни изготвија Реалаизација на личниот план за професионален развој за учебната 2025/2026 година.

## 20.4. Хоризонтално учење

Знаењата, искуствата и стручното усовршување на наставниците стекнати од сопствената пракса во воспитно-образовниот процес и од разни семинари се споделуваа со другите наставници. Тоа искуство се разменуваше и споделуваше со останатите наставници и стручни соработници преку изведување, присуствување и анализирање на нагледни и отворени часови, прикази на стручни теми, држење на интерни обуки, дисеминации, работилници и колегијална менторска поддршка. Врз основа на програмата за професионален развој, училиштето подготви акциски планови во кои беа наведени активностите и нивните носители, времето на реализација, начинот на следење, како и очекуваните резултати и исходи.

## 20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Училиштето ги почитува законските одредби за поддршка на наставниците-приправници (Закон за основно образование, Закон за наставници и стручни соработници, Правилник за начинот на менторска поддршка на приправникот, Правилник за следење и вреднување на работата на наставниците). Откако во училиштето ќе се вработи наставник-приправник, истиот се воведува во работата на училиштето од страна на Директорот и



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

стручните соработници. Потоа со истиот работи наставникот- ментор. Менторот има задача да подготви програма за работа со приправникот и истата ја доставува до архива, директорот и до приправникот. Во програмата се детално опфатени подрачјата и активностите кои за време на приправничкиот стаж треба да бидат реализирани. Работата на менторот и приправникот континуирано ја следи директорот. Менторот на крај од приправничкиот стаж дава мислење за работата на приправникот. Мислење за приправникот дава и Наставничкиот совет. Кога се исполнети сите услови, приправникот полага стручен испит, со што напредува во звање наставник/стручен соработник.

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

Образовната политика на училиштето е фокусирана на обезбедување на висок степен на соработка, учество на родителите во одлуките кои се донесуваат, а се однесуваат на воспитанието и образованието на децата/учениците.

### *21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето*

**Соработка со родителите**

Соработката со родителите во текот на учебната година се одвиваше преку организирани родителски средби, индивидуални советодавни разговори и советување на родителите.

Одржани се повеќе родителски средби, на кои се разгледуваа прашања од воспитно-образовната дејност во Училиштето:

- успехот на учениците, редовноста и дисциплината;
- информирање за наставните планови и програми и оценувањето на учениците;
- услови за работа и грижа за нивно подобрување;
- материјално-техничко опремување на Училиштето и сл.;
- педагошки предавања за родителите;
- соработка со родител во улога на наставник;
- индивидуални, советодавно-консултативни разговори со родителите;
- превентивни разговори за безбедност во сообраќајот.

Соработката меѓу учениците, наставниците, стручните соработници и родителите се одвиваше низ толеранција, солидарност и почитување на индивидуалноста и интегритетот на личноста. Училиштето практикува професионално ниво на соработка со родителите.

**Организираност на родителите**

Советот на родители го сочинуваат родители на учениците од паралелки и одделенија. Советот работеше според Правилникот за работа и ги разгледува прашањата од областа на воспитно-образовната работа на Училиштето. Училиштето, во соработка со Советот на родители, реализираше активности според Годишната програма за работа.



ООУ„Свети Јоаким Крчовски

## *21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вонnаставните активности*

Родителите даваа мислења и сугестии за дополнување и изменување на секаков вид планирања, постојано се информираа за наставниот процес преку континуирана соработка со Училишниот одбор, Директорот на училиштето, наставниот кадар, стручната служба и учениците. Даваа поддршка на наставниците за олеснување на работата со ученици со потешкотии во учењето и посебно ги поддржуваа соработките за напредување на учениците-таленти. Родителите се вклучени и партиципираат во давање на идеи, предлози и донесување на одлуки, на родителските состаноци, преку совет на родители, училишна заедница, училишен одбор.

## *21.3. Едукација на родителите/старателите*

Согласно Законот за основно образование на РСМ, во текот на оваа учебна 2025/2026 година во нашето училиште се спроведоа одреден број на советувања како за родители, така и за ученици кои истовремено имаат негативна оценка по три или повеќе предмети, имаат повеќе од 10 неоправдани изостаноци, ученикот го навредил наставникот, учествува во различни форми на насилство, ученикот предвреме го напуштил образованието. Исто така, советувањето се реализираше согласно неделен и месечен план за советување на годишно ниво, изготвен од психолозите. Понекогаш има и мали отстапки во однос на неделен план за советување, согласно можностите на родителите.

Во текот на оваа учебна година извршени беа вкупно 22 советувања со родители и советувања со ученици согласно Програма за советување на родители и Програма за советување на ученици, а беа извршени и преку 120 советодавно-консултативни разговори со родители, ученици, наставници и други лица(кои се засегнати со оваа проблематика). Сите овие реализирани работилници за советување имаа ефект затоа што има и подобрување кај учениците ( намален број на негативни оценки или воопшто немаат негативни оценки, а и во однос на несоодветно однесување можеме да зебележиме дека има подобрување). Работилниците се состоеа од неколку средби по ученик, како и по неколку средби со родител. Се работеше според програма за советување на родители и програма за советување на ученици дадени од Министерство за образование и наука на РСМ. Училиштето редовно ги известуваше и едуцираше родителите преку презентации на училишниот блог, соопштенија, брошури и флаери.

Многу често психолозите имаа соработка со други лица (образовен медијатор, претставници од невладини организации и други) за поуспешно справување со предизвиците кај учениците.

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Училиштето не делува изолирано, туку остварува континуирана соработка и учество во активностите на локалната заедница. Културните обележја на средината се имплементирани и евидентни во училишниот простор и програма. Со цел успешна самопромоција, училиштето

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

постојано ги надградува своите организациски способности, соодветно препознавајќи ги спецификите на локалниот контекст во кој работи.

- Локална заедница (локална самоуправа, бизнис заедница, месно население)

Соработката со локалната заедница во текот на целата учебна година се реализираше преку повеќе форми на соработка при што сите предвидени активности од страна на истата ние како училиште секогаш ги реализиравме.

- Институции од областа на културата

Учениците и наставниците активно учествуваа на сите конкурси и покани за натпревари. Учениците од одделенска и предметна настава зедоа учество на многу ликовни и литературни изложби, направија посета на градскиот музеј, ги посетија детските музички фестивали „Распеано симитче“ во Крива Паланка и „Бисерчиња“ во Куманово, а беа посетени и голем број на споменици и установи поврзани со содржините на наставата.

- Институции од областа на образованието

• БРО, МОН, Секторот за основно образование како дел на општината заради непречено одвивање на образовниот процес, размена на информации, доставување на разни извештаи, помош во работењето и сл.;
• Детската градинка;
• Основното училиште од општината заради размена на информации и искуства и взаемна помош во работата;
• Средното училиште од градот
• Инспекторат за основно образование, заради утврдување на правилноста во работењето.
- Невладини организации
- Спортски друштва
- Здравствени организации
- Медиуми(со цел промоција на училиштето)

Целокупниот воспитно-образовен процес во училиштето е јавен и транспарентен и истиот е достапен на веб страната на училиштето web: https://joakimkrcovski.edu.mk/ и училишниот блог https://ooujoakimkrchovski.home.blog .

Дел од соработките остварени во текот на учебната 2025/2026 година:

- 1 Септември – Добредојдовте првачиња
- Одбележување на државниот празник 8 Септември – Денот на независноста
- Донацијата од Europ’Raid од Франција во рацете на младите франкофони од ООУ “Свети Јоаким Крчовски” – Крива Паланка
- Посета на Собрание на Република Северна Македонија
- Новогодишен базар
- Предпразнично со музика–одржани Новогодишни концерти во градинката „Детелинка“
- Франкофонска вечер во Крива Паланка под мотото "Францускиот јазик ги отвора вратите ширум светот"
- Презентации од средни училишта за учениците од деветто одделение

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://ooujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132


ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

- Национална франкофонска вечер во Куманово
- Посета на граничниот премин Деве Баир
- Јавен повик за бесплатно летување за деца од 7 до 14 години во организација на Општина Крива Паланка

## 23.Следење на имплементацијата на Годишната програма за работа на основното училиште

Имплементацијата и реализацијата на Годишната програма за работа на училиштето се следеше од страна на директорот, помошник директор, стручни соработници во училиштето и државниот просветен инспекторат. Од приоритетните подрачја за следење, кои беа планирани во Годишната програма за работата на училиштето за учебната 2025/2026 година, беа реализирани во целост.

## 24.Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Во текот на учебната 2025/2026 година континуирано се следеше реализацијата на активностите предвидени со Годишната програма за работа на училиштето. Евалуацијата се вршеше врз основа на степенот на реализација на планираните активности, постигнатите резултати, извештаите од работата на органите, телата, стручните активи и тимовите во училиштето, како и преку следење на воспитно-образовниот процес.

Врз основа на извршеното следење и анализа може да се констатира дека најголемиот дел од планираните активности беа успешно реализирани и придонесоа за остварување на поставените цели и приоритети на училиштето. Посебно внимание беше посветено на унапредување на квалитетот на наставата, следење на постигањата на учениците, инклузивноста, безбедноста и добросостојбата на учениците, професионалниот развој на воспитно-образовниот кадар, соработката со родителите и локалната заедница, како и активно вклучување на учениците во училишниот живот.

Согледувањата од евалуацијата претставуваат основа за понатамошно планирање и унапредување на работата на училиштето, утврдување на идните приоритети и преземање активности за подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес.

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://ooujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132

# 25. Заклучок

Во текот на учебната 2025/2026 година училиштето континуирано работеше на унапредување на воспитно-образовниот процес, поттикнување на индивидуалниот развој на учениците, негување на меѓусебното разбирање и почитување, развивање на инклузивноста, одговорноста и потребата од постојано надградување.

Особено внимание се посветуваше на професионалниот развој на наставниците и стручните соработници, со цел унапредување на квалитетот и ефективноста на воспитно-образовниот процес. Училиштето настојуваше на учениците да им обезбеди услови за стекнување квалитетни и трајни знаења, вештини и компетенции кои ќе придонесат за нивниот личен развој и понатамошното образование.

Во текот на учебната година се негуваше и унапредуваше соработката меѓу учениците, родителите, наставниците, стручната служба и раководниот кадар, со што се придонесуваше за развивање меѓусебна доверба, почитување и позитивна училишна клима. Родителите навремено се информираа за прашањата поврзани со воспитно-образовниот процес преку Советот на родители, родителските и индивидуалните средби, стручната служба, веб-страницата и блогот на училиштето.

Училиштето активно учествуваше во проекти, воннаставни активности и различни форми на соработка со родителите, локалната заедница и други институции. Реализираните активности придонесоа за збогатување на училишниот живот, подобрување на условите за учење и работа и унапредување на воспитно-образовниот процес.

Согледувањата и искуствата од работата во учебната 2025/2026 година ќе претставуваат основа за понатамошно планирање, утврдување на приоритетите и континуирано унапредување на квалитетот на работата на училиштето.



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

## Годишниот извештај за работата на Училиштето за учебната 2025/2026 година е изработен од Комисија во состав:

1.Викторија Груевска-психолог

2.Елена Ѓошевска Младеновска-наставник

3.Лариса Жулина Митовски-наставник советник

**Статистичкиот извештај за работата на училиштето за учебната 2025/2026 година е изработен од комисија во состав:**

1.Марина Јакимовска Митовска-стручен соработник ментор

2.Тони Јакимовски-наставник

3.Тони Велковски-наставник

4.Светлана Ристовска -наставник

5. Игор Велиновски-наставник

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

Директор,

Анета Стојковска

Претседател на Училишен одбор,

Лидија Младеновска

Август, 2026 година

Крива Паланка

# ПРИЛОЗИ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

1. Годишен извештај за работата на директорот
2. Годишен извештај за работата на помошник директор
3. Годишен извештај за работа на педагогот
4. Годишен извештај за работата на психологот
5. Годишен извештај за работата на Училишниот одбор
6. Годишен извештај за работата на Советот на родители
7. Годишен извештај за работата на Наставничкиот совет
8. Годишен извештај за работата на стручните активи
    - Стручен актив на одделенски наставници
    - Стручен актив на предметни наставници
9. Годишен извештај за работата на одделенските совети
10. Годишен извештај за работата на МИО
11. Годишен извештај за работата на училишниот инклузивен тим
12. Годишен извештај за работата на хорот и оркестарот
13. Годишен извештај за работата на тимот за професионален развој
14. Годишен извештај за работата на Заедницата на паралелката
15. Годишен извештај за работата на Ученичкиот парламент и Ученичкиот правобранител
16. Распоред на дежурни наставници
17. Детален статистички извештај

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

## Годишен извештај за РАБОТАТА НА ДИРЕКТОРОТ

Во учебната 2025/2026 год. Директорот, во согласност со својата програма за работа, ги реализираше предвидените активности. Примарна компонента во целокупната програма за работа е неговата однапред конципирана активност во организирањето, координирањето и раководењето со работата на сите субјекти кои ги остваруваат посебните програми за работа во рамките на Годишната програма за работа на училиштето (програмите за работа на Наставничкиот совет, Одделенските совети, стручните активи, педагошко-психолошката служба и др.), како и активна партиципација во сите зацртани подрачја.

**1.ВОДСТВО**

*-стратешко водство*
*-училишна клима и култура*
*-соработка со родителите и заедницата*

- го застапува и претставува училиштето и е одговорен за законитото работење;
- соработува со колективот и работи на операционализирање на визијата во цели и оперативни планови во насока на реализација на мисијата;
- влијае вработените во училиштето да ги претставуваат прифатените вредности во училиштето во опкружувањето и пошироко;
- прифаќање и почитување на сите вработени во училиштето;
- формира тимови;
- обезбедува ресурси;
- воспоставува механизми за поддршка на наставниците и учениците со што придонесува за нивни високи постигања;
- поттикнува атмосфера во училиштето со која гради позитивна клима;
- воспостувавува систем што обезбадува сите ученици да се чуствуваат безбедни и прифатени во училиштето вклучувајќи ги и учениците со посебни образовни потреби;
- ги промовира вредностите на училиштето пред родителите, вработените во училиштето, учениците и пред други надворешни институции;
- обезбедува култура на транспарентност и одговорност;
- воспоствува добра хоризонталана и вертикалана соработка (во активите, помеѓу активите, како и меѓу други тела);
- подржува реализација на програми, ученички организации, секции, програми што се работат во училиштето;
- обезбедува услови за реализација на активности од различни области: мултикултурализам, меѓуетничка интеграција, екологија, безбедни училишта, грижа за здравјето на учениците;
- учествува во планирање, реализирање и следење на активностите меѓу училиштето и заедницата со кои се подобруваат постигањата на учениците;
- соработува со локлната заедница при справување со кризни ситуации што ги засегаат и училиштето и локалната заедница;
- соработува со институции надлежни за образовниeто (МОН, БРО, ДПИ и др.);
- соработува и со други воспитно-образовни институции во и надвор од државата;
- соработува со Совет на родители;
- ги известува родителите за работата на училиштето и за измени на правата и обврските на учениците и др.;

**2.РАКОВОДЕЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

*-комуникација и односи со јавноста*
*-унапредување на меѓучовечки односи*
*-професионален и кариерен развој*
*-обезбедување кадар, работно воведување и ангажирање*



ООУ Свети Јоаким Крчовски

- континуирано соработува со вработените;
- воспоставува и одржува јасен систем на комуникација во училиштето и средината;
- создава и одржува позитивни односи со родителите, вработените и учениците;
- комуникација и односи со јавноста;
- активно ги слуша и почитува ставовите, интересите и мислењата на другите;
- планира состаноци, навремено ги информира учесниците на состаноците, ги зема предви мислењата на останатите;
- има стратегија за градење и одржување на угледот на училиштето;
- ги поттикнува вработените да се вклучат во различни активности за промоција на училиштето;
- унапредување на меѓучовечки односи;
- употребува јасен приод за развој на меѓучовечки односи и надминување на конфликтите;
- води грижа за интерсите на вработените при распределба на работните ангажмани;
- води отворени разговори, совети и конструктивни со вработените за различни предлози;
- Создава клима и култура кои го подржуваат вклучувањето на вработените во донесување одлуки, креирање промени, поставување и реализирање на различни цели и др.;
- следи стручна литература и информации што е од значење за образованието и воспитанието;
- ги имплементира промените и новините во системот на образованието;
- воспоставува систем за интерно стручно усовршување на вработените;
- врши избор на наставнци, стручни соработници, воспитувачи и друг административно технички кадар согласно Законот и актите на училиштето, ги распоредува и одлучува за престанок на работен однос на истите согласно Законот и колективниот договор;
- организира менторство за приправници;
- ги презентира годишните и развојните планирања пред органите и телата на училиштето и пред локалната заедница;
- го планира потребниот персонал во соработка со одговорните институции;
- го води процесот на изработка на различни видови планови во училиштето и обезбедува да бидат вклучени актуелни приоди, програми и различни проекти;
- фомира работни тимови, учествува и ја следи изработката на развојниот план и годишната програма на училиштето;
- обезбедува размена на добри практити на иновативна настава во рамки на училиштето и со други училишта вклучувајќи и користење на современа образовна технологија;
- обезбедува потребни дидактички средства, работни материјали, инструменти и друг работен материјал;...

## 3.ПЕДАГОШКО РАКОВОДЕЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО

*-планирање*
*-поддрика на наставата и учењето*
*-обезбедување квалитет(еваулација, самоеваулација и развој)*
*-создавање здрава, безбедна и демократска средина за учење и развој на ученикот*

- вклучува предлози на вработените во планирањето на работата на училиштето;
- го води процесот на изработка на различни видови планови во училиштето и обезбедува да бидат вклучени актуелни приоди, програми и различни проекти;
- изработува годишни оперативни и неделни планови за сопствената работа;



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

- фомира работни тимови, учествува и ја следи изработката на развојниот план и годишната програма на училиштето;
- презентира годишните и развојните планирања пред органите и телата на училиштето и пред локалната заедница;
- воспоставува процедури за планирање на наставата и на воннаставните активности;
- поддршка на наставата и учењето;
- дава поддршка на наставниците при планирањето, ги анлизира сознанијата од следењето на различни аспекти од наставата и изготвува извештаи и дава предлози за подобрување;
- обезбедува услови за реализација за наставни и воннаставни активности;
- изработува и користи инструменти за следење на наставата;
- следи наставни часови и дава повратни информации;
- обезбедување квалитет (евалуација, самоевалуација и развој;...

**4.ФИНАНСИСКО РАКОВОДЕЊЕ**

*-раководење со финансиските ресурси*

*-раководење со материјалните ресурси*

- раководење со финансиските ресурси;
- пронаоѓа можни извори на дополнително финансирање и превзема активности за обезбедување на дополнителни средства за училиштето;
- континуирано следење на наменското трошење на средствата во согласност со одобрениот буџет на училиштето во целина;
- буџетот го користи наменски, за различни цели фокусирајќи се за подобрување на квалитетот на наставата и учењето и развојот на училиштето во целина;
- обезбедува донесување на буџетот согласно предвидените процедури;
- развива механизми што може да ги користи за стекнување на дополнителни финансиски средства од различни фондови;
- постапките за финансиско работење што ги спроведува се во согласност со законските акти;
- ги информира органите и телата во училиштето за трошењето на финансиските средства;
- јавните набавки ги врши согласно законот;
- континуирано врши следење на постапките за јавни набавки;
- континиурано ги следи измените во регулативата за јавните набавки;
- обезбедува услови за транспарентно усвојување на завршната сметка;
- континуирано ја следи законитоста во финансиското работење;...

**5.ЗАКОНСКО И АДМИНИНИСТРАТИВНО РАБОТЕЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО**

*-примена на законски и подзаконски акти*

*-изработка и примена на интерни акти и документација*

*-раководење со административни процеси*

*-примена на информациските системи во училиштето*

- примена на законски и подзаконски акти;
- обезбедува примена на законската регулатива во училиштето;
- воспоставува систем на информирање на вработените и претставниците од училишните органи и тела за релевантните законски прописи;
- изработка и примена на интерни акти и документација;
- организира и учествува во работата на тимови за изработка на интерни акти;
- носи интерни акти во негова надлежност;
- утврдува дека интерните акти донесени од соодветните органи и тела се во согласност



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

со релевантната законска регулатива;
- ги промовира интерните акти и документи пред училишните органи и тела и обезбедува да бидата достапни за сите заинтересирани страни;
- обезбедува доследно спроведување на интерните акти;
- спроведува одлуки донесени од Училишниот одбор;
- донесува систематизација на работните места во училиштето;
- покренува постапка за дисциплинска одговорност;
- раководење со административни процеси;
- обезбедува формирање и континуирано и непречено функционирање на стручните органи и тела и учествува во нивната работа;
- ја организира и следи работата на вработените и обезбедува соодветни услови;
- доделува задачи на вработените, обезбедува почитување на рокови и непосредно раководење со процесот;
- воспоставува добро организиран систем за административна работа согласно соодветната законска регулатива и индикаторите за квалитет на работа на училиштето што е добро организира и лесно достапен;
- примена на информациските системи во училиштето;
- обезбедува вработените да се обучени и информирани за навремено, целосно и точно водење на електронските бази на податоци;
- обезбедува услови за развој и функционирање на информациските системи;
- обезбедува услови за вработените закористење на современите информациско-комуникациски технологии;
- учествува во изработка и донесување на интерни акти за одржување и правилно користење на информациско–комуникациска опрема;
- користи информациски систем во секојдневната работа.

Директор: Анета Стојковска

## Годишен извештај за РАБОТА НА ПОМОШНИК ДИРЕКТОР

Во текот на учебната 2025/2026 година помошник-директорот, во согласност со својата програма за работа, ги реализираше предвидените активности. Согласно своите надлежности, реализираше раководни и педагошки работи и оствaруваше континуирана соработка со директорот, стручните соработници, наставниците, административните службеници, родителите и учениците.

Табеларен приказ за работата на помошник директорот

| Ред. бр. | Содржина | Време на реализација | Соработници |
|---|---|---|---|
| 1. | Изготвување Годишна програма за работа на училиштето | Јуни-август | Директор<br>Стручни соработници<br>Наставници |
| 2. | Учествува во изготвување на информативна брошура за работата на училиштето за следната учебна година | август | Директор<br>Стручни соработници<br>Наставници<br>Родители<br>Административни службеници и сите чинители вклучени во училиштето |
| 3. | Учествува во изготвување на распореди за | Август | Директор |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | следната учебна година | Тековно по потреба | Стручни соработници<br>Наставници |
| 4. | Изготвување Годишна програма за работа на помошник директорот | Август | Директор<br>Стручни соработници<br>Наставници |
| 5. | Следење на водењето на педагошката евиденција и документација | Во континуитет<br>Јуни | Директор<br>Стручни соработници<br>Наставници |
| 6. | Се вклучува во организација и релазација на различни активности (превентивни, хуманитарни, културни) во соработка со локалната заедница | Во континуитет | Директор<br>Стручни соработници<br>Наставници |
| 7. | Најавена посета на наставни часови со цел следење на реализација на наставата | Во континуитет | Директор<br>Стручни соработници<br>Наставници |

Покрај наведените активности во табелата, помошник директорот во континуитет ги реализира и следниве активности и се дел од секојдневното негово делување:

ℵ Прифаќање и почитување на сите вработени во училиштето;

ℵ Соработува со сите вработени;

ℵ Поттикнува атмосфера во училиштето со која гради позитивна клима;

ℵ Воспоставува механизми за подд

ℵ ршка на наставниците и учениците со што придонесува за нивни високи постигања;

ℵ Создава и одржува позитивни односи со родителите, вработените и учениците;

ℵ Воспостуваувува систем што обезбадува сите ученици да се чуствуваат безбедни и прифатени во училиштето вклучувајки ги и учениците со посебни образовни потреби;

ℵ Активно ги слуша и почитува ставовите, интересите и мислењата на другите;

ℵ Воспоствува добра хоризонталана и вертикалана соработка (во активите, помегу активите, ако и меѓу други тела);

ℵ Подржува реализација на програми, ученички организации, секции, програми што се работат во училиштето;

ℵ Користи приспособен начин на комуникација за да ги надмине недоразбирањата;

ℵ Има стратегија за градење и одржување на угледот на училиштето;

ℵ Ги поттикнува вработените да се вклучат во различни активности за промоција на училиштето;

ℵ Секогаш е отворен за разговори, совети и конструктивни предлози со вработените;

ℵ Работи транспарентно и се залага за правична распределба на ресурси и можности за прифесионален развој;

ℵ Вклучува предлози на вработените во планирањето на работата на училиштето;

ℵ Поттикнати дискусии со наставници во функција на процена и самопроцена на квалитетот на наставата и воннаставните активности со поддршка и поттикнување на искуствено учење;

ℵ Фомира работни тимови, учествува и ја следи изработката на развојниот план и годишната програма на училиштето;

ℵ Следи наставни часови и дава повратни информации;

ℵ Поттикнати дискусии со наставници кои реализираат активности поврзани со проекти;

ℵ Работа со ученици кои постигнуваат високи резултати во наставата и воннаставните активности;

ℵ Работа со ученици кои покажуваат неприлагодено однесување;

ℵ Разговор со ученици кои постигнуваат слаби резултати / истражување на причините.

Помошник директор: Биљана Пешовска

## Годишен извештај за работата на Училишниот одбор

Работата на Училишниот одбор е во функција на создавање на услови за изведување на современа и квалитетна настава во училиштето која ќе им овозможи на учениците да се здобијат со трајни и применливи знаења и вештини, неопходни за подобро и поефикасно продолжување на своето образование во средните училишта;

Реализирани активности согласно годишната програма за работа на Училишниот одбор:

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор |
|---|---|---|
| • Разгледување и усвојување на Предлог Годишната програма за работа на училиштето во 2025/2026 година.<br>• Разгледување и усвојување на предлог Програма за ученички екскурзии.<br>• Донесување на Годишната програма за работа на Училишниот одбор.<br>• Донесување одлука за објавување на оглас за прибирање понуди за осигурување на учениците од последици од несреќен случај.<br>• Предлози и мислења. | Август 2025 година | Членови на училишен одбор, директор, секретар, психолог |
| • Информација за усвојување на Годишната програма на училиштето од основачот – Општина Крива Паланка за учебната 2025/2026 година.<br>• Снабденоста на учениците со учебници и потребниот материјал за непречено следење на наставата.<br>• Приоритети на училиштето за учебната 2025/2026 година – социјална инклузија на учениците.<br>• Предлози и мислења. | Септември 2025 година | Членови на училишен одбор, директор, секретар, психолог |
| • Информација за успехот, изостаноците, поведението и дисциплината во првото тромесечие од учебната 2025/2026 година.<br>• Извештај за реализирани екскурзии.<br>• Информација за реализација на активностите и приоритетите на училиштето.<br>• Предлози и мислења. | Ноември 2025 година | Членови на училишен одбор, директор, секретар, психолог |
| • Усвојување на дневен ред.<br>• Усвојување на записник од претходната седница. | Февруари 2026 година | Членови на училишен одбор, директор, секретар, психолог |



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

| | | |
|---|---|---|
| • Извештај од извршен попис за 2025 година.<br>• Разгледување на барање од КУЗ „Распеани Паланчани“ за користење простории во музичкото училиште.<br>• Тековни прашања. | | |
| • Усвојување на дневен ред.<br>• Усвојување на записник од претходната седница.<br>• Разгледување и предлагање до Советот на Општината за усвојување на завршните сметки на ООУ „Св. Јоаким Крчовски“ – Крива Паланка за 2025 година (буџетска, сопствена и донаторска).<br>• Тековни прашања. | Февруари 2026 година | Членови на училишен одбор, директор, секретар, психолог |
| • Усвојување на дневен ред. Усвојување на записник од претходната седница.<br>• Дополнување на годишен финансов план за 2026 година од салда за 2025 година (буџетска и сопствена сметка).<br>• Тековни прашања. | Март 2026 година | Членови на училишен одбор, директор, секретар, психолог |
| • Усвојување на дневен ред.<br>• Усвојување на записник од претходната седница. Уплата на средства од Донаторска сметка<br>• Тековни прашања. | Мај 2026 година | Членови на училишен одбор, директор, секретар, психолог |

**Училишен одбор,**
**при ООУ “Свети Јоаким Крчовски”- Крива Паланка**

## Годишен извештај за работата на Советот на родители

Советот на родители:

- дава мислење за предлогот на програмата за развој на основното училиште и за годишната програма за работа;
- расправа за извештајот за работата на училиштето;
- дава мислење и предлага мерки за подобрување на наставата и воннаставните активности;
- разгледува жалби на родителите/старателите во врска со воспитно-образовната работа;
- учествува во самоевалуацијата на работата и постигањата на училиштето;
- иницира и спроведува активности за подобрување на квалитетот на училиштето;
- учествува во оценувањето на исполнетоста на стандардите за наставниците и стручните соработници за напредување во звањата ментор и советник;
- избира претставници во Училишниот одбор на основното училиште;
- врши други работи утврдени со статутот на училиштето.

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://oojoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132

ООУ„Свети Јоаким Крчовски“

Реализирани активности согласно годишната програма за работа на Советот на родители

| Активности | Време на реализација |
|---|---|
| Конституирање на Советот на родители и избор на раководство. Запознавање на Советот со воведување на нови проекти. Информација за промени во наставните програми.<br><br>Верификација на нови членови во Советот на родители при ОУ „Св.Јоаким<br><br>Крчовски“- Крива Паланка. | Септември 2025 |
| Конкретизација на задачите и задолженијата во рамките на одредени комисии за работа на Советот во текот на учебната година (активности поврзани со Црвениот крст во организирање на хуманитарни акции за Детската недела).<br>Разгледување на програмата за ученички екскурзии за учебната 2025/2026 година.<br>Поттикнување иницијативи за родителски патроли.<br>Организирање на работилници од страна на Советот на родители за „терминот-buling“ и подигање на свеста на учениците.<br>Имплементација на кодексите на однесување и облекување од страна на учениците. | Октомври 2025 |
| Разгледување на успехот и поведението на учениците во првото тромесечие за учебната 2025/2026 година.<br>Ставови, предлози и иницијативи од страна на родителите за подобрување на воспитно-образовната дејност и организација за работа во училиштето. | Ноември 2025 |
| Дискусија и размена на мислења како до подобри резултати во воспитно-образовниот процес<br>Реализирана едукативна работилница за родители со цел унапредување на соработката помеѓу училиштето и родителите на тема „Права и обврски на учениците“, „Имаме права, но имаме и обврски“ од страна на училишниот психолог<br>Давање мислење од Советот на родители за исполнетоста на стандардите за наставниците и стручните соработници за напредување во звања, и тоа:<br><br>• напредување на наставник од звање наставник - ментор во наставник – советник,<br><br>• напредување на стручен соработник од звање стручен соработник во стручен соработник - ментор. | Декември 2025 |
| Разгледување на полугодишниот извештај за работата на училиштето во учебната 2025/2026 година;<br>Разгледување на полугодишниот извештај за успехот и дисциплината на крајот на првото полугодие;<br>Разгледување на предлогот на Ученичкиот парламент за намената на средствата собрани од Божиќниот базар . По дискусија, Советот на родители едногласно ја поддржа иницијативата средствата да бидат искористени за обезбедување храна за ученици од социјално ранливи категории<br>Организирање стручна презентација на тема „Процедури за постапување при појава на секаков вид на насилство во училиште“ реализирана од страна на | Јануари 2026 |



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

| | |
|---|---|
| училишниот психолог<br>Анализа на резултатите од примена на проектите;<br>Анализа на соработка на училиштето со родителите. | |
| Анализа на успехот и дисциплината на учениците во третото тромесечие за учебната 2025/2026 година;<br>Избор на претставник на Советот на родители во Советот за превенција на детско престапништво при Општина Крива Паланка.<br>Вклученост на родителите во реализација на некои активности на училиштето;<br>Организирање на работилници за професионална ориентација на учениците од 9 то одделение. | март 2026<br><br>април/мај 2026<br><br>мај/јуни 2026 |
| Реализирана иницијатива од хуманитарен карактер од страна на Советот на родители со ученичкиот парламент и наставниот кадар.<br>Реализирана работилница за родители во соработка со ОУРЦ „Иднина“ – Скопје, во рамки на проектот „Заедно во приказната – превенција од насилство преку инклузивен драма-образовен пристап“.<br>Анализа на успехот и дисциплината на учениците за крајот на учебната 2025/2026 година;<br>Осврт на работата на Советот на родители на училиштето во изминатиот период;<br>Извештај од претседателот на Советот за работата на истиот и предлог програма за наредната учебна година. | мај 2026<br><br>јуни 2026 |

**Совет на родители**
**Претседател: Гордана Ристовска**

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ПЕДАГОГОТ ВО ООУ „ СВЕТИ ЈОАКИМ КРЧОВСКИ „ КРИВА ПАЛАНКА ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 Г.

Во текот на учебната 2025/2026 година педагогот Жаклина Христовска ги реализираше планираните активности од сопстевента Годишна програма за работа.

Учествувајќи во целокупната воспитно-образовна работа во Училиштето и следејќи ги подрачјата на работа, согласно потребите на Училиштето, беа реализирани повеќе активности.

Целосна поддршка им беше дадена на учениците, како и поддршка на наставниците и другите вработени, за насоки и новитети кои се потребни да се реализираат во тековната учебна година, со ставен акцент на Концепцијата за основно образование.

Континуирано, педагогот ги следеше новините и упатствата дадени од МОН и БРО на СРМ. Следењето и реализацијата на наставата, како редовната, така и додатната и дополнителна настава, вонннаставните и слободните изборни предмети беа приоритет во првото полугодие. Имаше посети во паралелките на прво и шесто одделение за да го следи прилагодувањето на учениците при премин од предучилишно во основно обазование и од одделенска во предметна настава. Имаше реализирано и повеќе стручни консултации со претставници од други институции, со кои соработува самото училиште:ООУ„Илинден“, СОУ „Ѓорче Петров“, Ученички дом „Боро Менков“, Здравствен дом во Крива Паланка, ЈУ Центар за социјални работи во Крива Паланка, Центар за култура, МВР-Отсек за превенција, локална самоуправа, Општина Крива Паланка, Дневен центар за лица со посебни потреби во Крива Паланка, Црвен крст, Училиште со ресурсен центар „Иднина“-Скопје, Комисија МКФ и други

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://ooujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132

институции и организации. По потреба се вршеше посета на подрачните училишта, имаше редовни консултации со наставниците што работат во подрачните училишта во врска со учениците кои учат таму и следење на нивното напредување. Во делот на советодавно-консултативната работа имаше разговори и консултации со ученици, родители, наставници, директор, помошник директор, стручни лица за одредена актуелна проблематика и др.

Исто така, педагогот имаше континуирано присуство на состаноците на Наставнички совети, Одделенски совети, Совет на родители, Ученички парламент и сл.

Работеше на сопствено стручно усовршување.

Континуирана и секојдневна соработка има и со директорот, помошник директор, психолозите, секретарот и другите вработени во училиштето.

Исто така, педагогот и понатаму е член на Инклузивниот тим на училиштето, комисии за спроведување на програмите за Недискриминација во училиштето, Безбедни училишта, следење на навремено вакцинирање на учениците, развивање на програми и постапки како и други инструменти за вреднување на постигањата на учениците и самовреднување на училиштето, надоградување, соработка со родители, напредување и изрекување на педагошки мерки за кршење на училишните правила и куќниот ред на основното училиште, поддршка на наставниците за индивидуална работа со учениците, поддршка на наставниците за водење на педагошка евиденција и документација и сл.

Педагогот е вклучен во инклузијата на учениците со посебни образовни потреби, при што следи како тече реализацијата на ИОП и Модифицирана програма за конкретни ученици. При тоа има активна соработка со наставниците, обраозовните асистенти и родителите на овие ученици.

Педагогот исто така беше член и на Тимови за поддршка на ученици кои што имаат добиено педагошка мерки, при што активно се укажува и на учениците и на наставниците во пропустите што се прават од двете страни, но и за подобрувањето на однесувањето кај одредени ученици.

Педагогот зеде учество и во организација на одбележување на одредени активности во училиштето како што се:свечен прием на првачиња, одбележување на значајни светски денови, активности од програмите за ненасилство и недискриминација во училиштето, грижа за здравјето на учениците, поддршка на Ученичкиот парламент и друго.

Како дел од тековното работење, во континуитет се вршеа увиди во наставата, при што со наставниците и учениците беше остварен дел од советодавно-консултативната работа, планирана за ова учебна година. Паралелно со тоа во одредени ситуации беа оставрени средби со некои од родителите на учениците.

Во текот на месец Мај, согласно ЗОО на РСМ се вршеше упис на првачиња за учебната 2025/2026 година.

По завршување на наставата за оваа учебна година, акцент беше ставен на водењето на педагошката евиденција и документација.

Разновидноста на активностите во текот на учебната година, беа само дел од работата на педагогот во Училиштето, при што многу од нив ќе продолжат и во второто полугодие, од причини што поголемиот дел од нив бараат континуирано работење и соработка со сите чинители во воспитно–образовниот процес.

Изготвил,
Педагог,
Жаклина Христовска

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 Г. ЗА РАБОТАТА НА ПСИХОЛОГОТ ВО ООУ „ СВЕТИ ЈОАКИМ КРЧОВСКИ „ КРИВА ПАЛАНКА

Во текот на учебната 2025/2026 година психолот Марина Јакимовска Митовска ги реализираше планираните активности согласно својата Годишна програма за работа, својот Оперативниот план, а реализираше и други актуелни активности кои беа дополнително произлезени во текот на првото полугодие од оваа учебна година.

Целосна поддршка им беше дадена на учениците, како и поддршка на наставниците и другите вработени, за насоки и новитети кои се потребни да се реализираат во тековната учебна година, со ставен акцент на, Закон за основно образование, Концепцијата за основно образование, Правилници и други документи.

Континуирано, психологот ги следеше новините и упатствата дадени од МОН и БРО на РСМ. Следењето и реализацијата на наставата, како редовната, така и додатната и дополнителна настава, воннаставните активности, слободните изборни предмети и други активности кои беа реализирани во училиштето. Имаше посети во одредени паралелки за да го следи прилагодувањето на учениците особено во паралелките каде се наоѓаат и ученици со посебни образовни потреби.Имаше реализирано и повеќе стручни консултации со претставници од други институции, со кои соработува самото училиште:ООУ„Илинден“, СОУ„Ѓорче Петров“, Ученички дом „Боро Менков“, Здравствен дом во Крива Паланка, ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи во Крива Паланка, Центар за култура, МВР-Отсек за превенција, локална самоуправа, Општина Крива Паланка, Дневен центар за лица со посебни потреби во Крива Паланка, Црвен крст, Училиште со ресурсен центар „Иднина“-Скопје, Комисија МКФ и други институции и организации. Континуирани соработки и консултации и со стручните служби од училиштата, како во градот така и надвор од него (Куманово, Кратово, Ранковце, Кавадарци и други). Имаше редовни консултации со наставниците што работат во подрачните училишта во врска со учениците кои учат таму и следење на нивното напредување. Во делот на советодавно-консултативната работа имаше разговори и консултации со ученици, родители, наставници, директор, помошник директор, стручни лица за одредена актуелна проблематика и др.

Исто така, психологот имаше континуирано присуство на состаноците на Наставнички совети (каде вршеше презентација на податоци и информации), Одделенски совети (беше и во улога на записничар), Совет на родители, Инклузивни тимови, Училишен одбор ( за презентација на податоци и информации) и друго.

Континуирана и секојдневна соработка имаше и со директорот, помошник директор, педагогот, психологот, секретарот и другите вработени во училиштето.

Исто така, психологот и понатаму е член на Индивидуалните инклузивни тимови за учениците со посебни потреби, и најчесто е иницијатор за одржување на состаноци и средби за овие тимови. Континуирано има соработка со наставниците и со родителите на овие ученици и континуирано дава насоки за учениците за вклучување во воспитно-образовниот процес.

Член на многу комисии и тоа: Комисии за спроведување на програмите за Недискриминација во училиштето, Безбедни училишта каде континуирано ги изготвува месечните извештаи за безбедни училишта во соработка со УТБ и превзема одредени активности (според потребите), член на СИТ тимот за Меѓуетничка интеграција во



ООУ„Свети Јоаким Крчовски“

образованието, следење на навремено вакцинирање на учениците, соработка со родители на учениците, поддршка на наставниците за индивидуална работа со учениците, поддршка на наставниците за водење на педагошка евиденција и документација и сл.

Психологот исто така беше член и на Тимови за поддршка на ученици кои што имаат добиено педагошка мерки, при што активно се укажува и на учениците и на наставниците во пропустите што се прават од двете страни, но и за подобрувањето на однесувањето кај одредени ученици. Се вршат и континуирани советодавно-консултативни разговори како со овие ученици, така и со нивните родители. Исто така, секојдневно врши разговори (советодаво-консултативни разговори) со ученици, родители, вработени и други лица како во училиштето, така и надвор од него. Во оваа учебна година  има реализирано околу 120 вакви разговори (заедно со психологот Викторија Груевска).  Психологот континуирано вршеше и советување на родители и советување на ученици согласно предвидениот Неделен и месечен план за советување и соглано Програми за советување. Па така, во оваа учебна година  извршени беа вкупно 22 советувања со родители и советувања со ученици согласно Програма за советување на родители и Програма за советување на ученици.

Психологот како поддршка на Ученичкиот парламент и Ученичкиот правобранител континуирано соработува со одговорните ученици, организира, заедно со учениците, активности и е присутен на сите состаноци кои беа реализирани во текот на целата учебна година. Дава поддршка за идеите на учениците, предлага активности и подржува се што сакаат да реализираат  Исто така, ученички правобранител и претседателот на ученички парламент под менторство на  психологот Марина Ј Митовска, подготвија и извршија презентација на тема „Изразување на сопстените емоции“ за подобрување на менталното здравје на учениците. Имено, под менторство на психологот учениците од повисоките одделенија (од осмо и деветто одделение) изготвија презентација и имаа работилница на горенаведената тема со учениците од петтите одделенија.

Психологот зеде учество и во организација на одбележување на одредени активности во училиштето како што се:свечен прием на првачиња, одбележување на значајни светски денови, активности од програмите за ненасилство и недискриминација во училиштето, грижа за здравјето на учениците, подд

ршка на Ученичкиот парламент и друго.

Исто така, психологот е вклучен и во други тимови како член и тоа во Локален совет за превенција, кои се во состав на Општина Крива Паланка. Исто така, психологот има соработка и координација со образовниот медијатор задолжен за нашето училиште каде има остварено и одредени средби и консултации. Континуирано соработува и со претставник од ромска невладина организација „Футу Рома“-Крива Паланка.

Во текот оваа учебна година,  беа реализирани одредени активности поточно работилници на тема “Подобрување на безбедноста, менталното здравје и добросостојбата во училиштето“ каде психологот секој месец имаше работилници согласно Акцискиот план за подобрување на безбедноста, менталното здравје и добросотојбата во училиштето каде се реализираа 21 работилница со околу 340 ученици .Оваа насока беше дадена од МОН и БРО на РС Македонија.

Во текот на месец Декември 2025 година психологот им помогна и учествуваше во реализација на истражување кое го спроведе Правниот факултет при Универзитетот „Св.



ООУ„Свети Јоаким Крчовски“

Климент Охридски“-Битола под наслов „Употреба на дигиталните платформи и распространетоста на сајбер насилството во училишната средина“.

На крајот во месец Декември, психологот реализираше работилница на тема „Права и обврски на учениците ,Имаме права, но имаме и обврски“ пред Совет на родители каде имаше изготвено презентација на темата и потоа имаше и дискусија со родителите, а на крајот на месец Јануари 2026 г. се одржа работилница на тема “Постапување при појави на секаков вид на насилство во училиште“.каде вкупно на двете работилници присуствуваа 43 родители од различни генерации.

Во текот на оваа учебна година, психологот беше дел од комисијата која спроведе прашалник за прибирање на податоци за Перцепција на вработените во институцијата согласно дадената Методологија за спроведување на функционална анализа во институциите од јавниот сектор предложена од Министерство за Информатичко Општество и Администрација и Центар за управување со промени. Анализата на прашалникот беше искористена во Извештајот од спроведена функционална анализа во ООУ„Свети Јокаим Крчовски“-Крива Паланка.

Во текот на месец Мај, во нашето училиште се спроведе лонгитудинална истражувачка студија “Однесување поврзано со здравјето на децата на училишна возраст во РС Македонија“, каде психологот зеде учество во организација за спроведување на оваа студија.

Во текот на месец Мај и Јуни, беа спроведени активности за професионална ориентација кај учениците во деветтите одделенија. Па така, од страна на психологот беа запознаени со Конкурсот за упис во средно училиште даден од МОН, имаа посети од претставници од средни училишта како од градот, така и надвор од него кои извршија презентации и ги запознаа учениците со тоа што нудат нивните средни училишта. Како завршна активност беше спроведување на Тестот за утврдување на интереси (кај учениците кои беа заинтересирани за истиот) и потоа имаше индивидуална дискусија за добиените резултати од тестот. Вкупно беа тестирани 31 ученик.

Како дел од Педагошко-психолошката служба при ООУ “Свети Јоаким Крчовски“ од Крива Паланка, а во соработка со ОУРЦ “Иднина “-Скопје се организира работилница за родители во рамките на проектот “Заедно во приказната:превенција од насилство преку инклузивен драма -образовен пристап“, подржан од програмите на Министерство за образование и наука за превенција од насилство и дискриминација во основните училишта. Во рамки на проектот, се реализираа вкупно 4 драмско-образовни работилници со ученици, како и 1 едукативна презентација за родители со цел развивање на социјални вештини, емпатија и ненасилна комуникација кај учениците.

Психологот Марина Јакимовска Митовска, заедно со другиот психолог Викторија Груевска, успејаа да најдат донации во облека за 4 полуматуранти од ранлива категорија. Ова се реализираше благодарение на локалниот бизнис сектор (неколку бутици) кои несебично беа согласни да помогнат на овие ученици во свечена облека за прослава на Полуматурската вечер.

Во текот на оваа учебна година, Министерството за образование и наука објави Конкурс за напредување на стручни соработници во стручни соработници-ментор и се спроведе

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

постапка за истото. На конкурсот, психологот Марина Јакимовска Митовска се стекна во звање стручен соработник-ментор.

Исто така, во текот на оваа учебна година психологот имаше обуки( онлајн но и со физичко присуство) на различни теми: Инклузија на ученици со нарушување од аутистичен спектар, обука за спроведување на меѓународно тестирање ПИРЛС, изразување на детските стравови и потреби низ проективни техники, напредна обука за методи, техники и инструменти за советување и професионална ориентација на учениците и други.

Разновидноста на активностите во текот на оваа учебна година, беа само дел од работата на психологот во Училиштето, при што многу од нив ќе продолжат и во наредната учебна година, од причини што поголемиот дел од нив бараат континуирано работење и соработка со сите чинители во воспитно-образовниот процес.

Изготвил,

психолог Марина Јакимовска Митовска

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 Г.**
**ЗА РАБОТАТА НА ПСИХОЛОГОТ ВО**
**ООУ „ СВЕТИ ЈОАКИМ КРЧОВСКИ „ КРИВА ПАЛАНКА**

Во текот на учебната 2025/2026 година, психологот Викторија Груевска ги реализираше планираните активности согласно Годишната програма за работа и Оперативниот план за работа, како и низа дополнителни активности кои произлегоа од тековните потреби на училиштето. Континуирано беше обезбедувана стручна поддршка на учениците, родителите, наставниците и останатите вработени во училиштето, со посебен акцент на имплементацијата на Законот за основно образование, Концепцијата за основно образование, правилниците и останатите нормативни акти од областа на воспитно-образовната дејност.

Во текот на целата учебна година континуирано беа следени новините, препораките и насоките добиени од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието, со цел нивна навремена и правилна примена во работата на училиштето.

Психологот активно учествуваше во изготвување на квартални статистички извештаи кои опфаќаа податоци за бројот на ученици, бројот на паралелки, наставниот кадар, подрачните училишта и други релевантни информации потребни за потребите на училиштето и надлежните институции.

Во рамките на следењето на воспитно-образовниот процес беа реализирани посети во паралелките од прво и шесто одделение, со цел следење на процесот на адаптација на учениците при преминот од предучилишно во основно образование, како и од одделенска во предметна настава. Континуирано се следеше нивното приспособување кон новите услови на работа и функционирање во училиштето.

Во текот на учебната година беа реализирани бројни стручни консултации и соработка со повеќе институции и организации, меѓу кои: ООУ „Илинден", СОУ „Ѓорче Петров", Ученички дом „Боро Менков", ЈЗУ Здравствен дом – Крива Паланка, ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Крива Паланка, Центар за култура, МВР – Отсек за превенција, Општина Крива Паланка, Дневен центар за лица со попреченост, Црвен крст, ОУРЦ „Иднина" – Скопје, Комисијата за функционална проценка според МКФ и други институции и организации. Како член на Советот за социјална заштита при Општина Крива Паланка, психологот активно учествуваше во активностите и состаноците на Советот, со цел унапредување на социјалната



ООУ „Свети Јоаким Крчовски"

заштита и поддршката на ранливите категории граѓани а беше и член на Мултисекторски тим за дигитална безбедност на децата.

Континуирано беа реализирани посети на подрачните училишта, при што се остваруваа консултации со наставниците кои работат во нив, а истовремено се следеше воспитно-образовниот процес и напредокот на учениците.

Психологот редовно присуствуваше и активно учествуваше на состаноците на Наставничкиот совет, Одделенските совети, Советот на родители и останатите стручни и работни тела во училиштето. Во текот на учебната година се остваруваше континуирана и секојдневна соработка со директорот, помошник-директорот, педагогот, секретарот, благајникот и останатите вработени во училиштето, со цел успешно функционирање на воспитно-образовниот процес и навремено решавање на тековните прашања и предизвици.

Психологот активно учествуваше во работата на повеќе комисии и тимови во училиштето. Беше член на Комисијата за недискриминација, Тимот за безбедни училишта, СИТ тимот за меѓуетничка интеграција во образованието, Комисијата за следење на вакцинацијата на учениците, Тимот за професионален развој, како и повеќе други комисии формирани согласно потребите на училиштето.

Во рамките на активностите за безбедни училишта, психологот континуирано изготвуваше месечни извештаи во соработка со Училишниот тим за безбедност, а согласно потребите преземаше и конкретни активности за подобрување на безбедноста и благосостојбата на учениците. Дополнително, континуирано обезбедуваше поддршка на наставниците во индивидуалната работа со учениците, како и стручна помош при водењето на педагошката евиденција и документација.

Психологот беше член и на тимовите за поддршка на ученици со изречени педагошки мерки. Во рамките на овие тимови се реализираа советодавно-консултативни разговори со учениците и нивните родители, при што се работеше на подобрување на однесувањето, надминување на потешкотиите и унапредување на соработката помеѓу училиштето и семејството.

Во текот на учебната година психологот континуирано реализираше советодавно-консултативни разговори со ученици, родители, наставници и други лица, со цел надминување на различни воспитно-образовни, емоционални и социјални потешкотии. Разговорите се однесуваа на проблеми во однесувањето, меѓусебните односи, мотивацијата за учење, адаптацијата на учениците, професионалната ориентација и други актуелни прашања поврзани со развојот на учениците. Во текот на учебната година беа реализирани околу 60 советодавно-консултативни разговори (заедно со другиот психолог), а согласно Програмата за советување на родители и Програмата за советување на ученици беа реализирани советувања со 9 родители и 10 ученици.

Посебно внимание беше посветено на поддршката на Ученичкиот парламент и Ученичкиот правобранител. Психологот континуирано соработуваше со учениците кои ги извршуваат овие функции, присуствуваше на состаноците, даваше стручна поддршка во планирањето и реализацијата на активности и ги поттикнуваше учениците активно да учествуваат во животот и работата на училиштето.

Под менторство на психологот, претседателот на Ученичкиот парламент и ученичкиот правобранител, заедно со ученици од осмо и деветто одделение, подготвија и реализираа презентација и работилница на тема „Изразување на сопствените емоции“. Активноста беше наменета за учениците од петто одделение и имаше за цел поттикнување на емоционалната писменост, развивање на вештини за препознавање и изразување на емоциите и унапредување на менталното здравје кај учениците.

Во согласност со насоките на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието, во текот на учебната година беа реализирани активности од Акцискиот план за подобрување на безбедноста, менталното здравје и добросостојбата во училиштето. Во рамките на овие активности психологот реализираше вкупно 20 работилници со

околу 330 ученици. Работилниците беа насочени кон развивање на социјални и комуникациски вештини, јакнење на самодовербата, превенција на насилство, грижа за менталното здравје и создавање позитивна училишна клима.

Значаен дел од работата на психологот беше насочен кон поддршка на инклузивното образование. Психологот активно учествуваше во работата на инклузивните тимови и беше член на три инклузивни тимови по ученик. Редовно организираше и учествуваше на состаноци на инклузивните тимови, даваше стручна поддршка на наставниците и родителите и учествуваше во подготовката на Индивидуални образовни планови и модифицирани програми согласно потребите на учениците.

Во текот на учебната година континуирано се следеше напредокот на учениците со посебни образовни потреби преку индивидуална работа, непосредно следење на нивното функционирање во наставниот процес и редовна комуникација со родителите, наставниците и стручните лица од релевантните институции.

Психологот активно учествуваше и во ажурирањето на содржините на училишната веб-страница преку објавување информации за реализирани активности, проекти, настани и успеси на училиштето.

Во насока на сопственото стручно усовршување, психологот континуирано посетуваше обуки, конференции, семинари и работилници од областа на психологијата, образованието и инклузивното образование.

Во периодот од 12 до 15 декември 2025 година, под организација на Турската национална агенција и во соработка со Националната агенција за европски образовни програми и мобилност на Република Северна Македонија, присуствуваше на меѓународна конференција во Анталија, Република Турција. Темите на конференцијата беа поврзани со дигиталните вештини, вештачката интелигенција, примената на дигиталните алатки во младинската работа и иднината на пазарот на трудот.

Во текот на декември 2025 година психологот учествуваше во реализација на истражувањето „Употреба на дигиталните платформи и распространетоста на сајбер насилството во училишната средина“, спроведено од Правниот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола. Активно учествуваше во организацијата и спроведувањето на истражувањето во училиштето.

Психологот беше вклучен и во реализацијата на истражување за перцепцијата на вработените согласно Методологијата за функционална анализа во институциите од јавниот сектор. Добиените резултати беа искористени при изготвувањето на извештајот за функционална анализа на училиштето.

Во текот на месец мај 2026 година, во училиштето беше спроведена лонгитудинална истражувачка студија „Однесување поврзано со здравјето на децата на училишна возраст во Република Северна Македонија“. Психологот активно учествуваше во организацијата и реализацијата на истражувањето, обезбедувајќи услови за непречено спроведување на активностите и координација со наставниците и учениците.

Во текот на месеците мај и јуни беа реализирани активности за професионална ориентација на учениците од деветто одделение. Учениците беа запознаени со Конкурсот за запишување ученици во јавните средни училишта, објавен од Министерството за образование и наука. Во училиштето беа организирани презентации од претставници на средните училишта од Крива Паланка, како и од други градови, при што учениците имаа можност да се информираат за образовните профили, условите за запишување и можностите за понатамошно образование.

Како завршна активност од процесот на професионална ориентација заедно со другиот психолог од училиштето беше реализирано тестирање со Тест за утврдување на професионални интереси-RIASEC. Тестирањето беше наменето за учениците кои изразија интерес за оваа активност, по што беа реализирани индивидуални разговори и анализа на добиените резултати. Вкупно беа тестирани 31 ученик.



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

Како дел од работата на Педагошко-психолошката служба при ООУ „Свети Јоаким Крчовски“ – Крива Паланка, а во соработка со ОУРЦ „Иднина“ – Скопје, беше реализиран проектот „Заедно во приказната: превенција од насилство преку инклузивен драма-образовен пристап“, поддржан од програмите на Министерството за образование и наука за превенција на насилство и дискриминација во основните училишта. Во рамките на проектот беа реализирани четири драмско-образовни работилници со ученици и една едукативна презентација за родители. Активностите беа насочени кон развивање на социјални вештини, емпатија, толеранција, прифаќање на различностите и промовирање на ненасилна комуникација.

Во текот на учебната година психологот активно учествуваше во повеќе активности од хуманитарен и социјален карактер. Во соработка со другиот психолог Марина Јакимовска Митовска и локалниот бизнис сектор, беа обезбедени донации во облека за четворица ученици – полуматуранти од социјално ранливи семејства. Благодарение на поддршката од локалните бутици, учениците добија соодветна свечена облека за прославата на полуматурската вечер, што претставуваше значајна поддршка за нив и нивните семејства.

Психологот беше активно вклучен и во реализацијата на програмата за бесплатно летување на ученици од ранливи категории, организирана од Општина Крива Паланка. Во рамките на оваа активност се вршеше информирање на родителите, комуникација со надлежните институции и координација на целокупната постапка.

Во текот на учебната година психологот беше ангажиран и како тестатор при спроведувањето на државната матура, извршувајќи ги обврските согласно утврдените процедури и насоки.

Во насока на континуираниот професионален развој, психологот посетуваше повеќе обуки, работилници, вебинари и конференции од различни области значајни за воспитно-образовната работа. Посебен акцент беше ставен на теми поврзани со инклузивното образование, работата со ученици со аутистичен спектар на нарушувања, менталното здравје на учениците, советодавната работа, професионалната ориентација, безбедноста во училиштата, дигиталните вештини и примената на современи методи и пристапи во воспитно-образовниот процес.

Психологот активно учествуваше и во изготвувањето на различни програми, извештаи, анализи и документи на ниво на училиште, како и во работата на повеќе комисии и тимови формирани согласно потребите на училиштето.

Во текот на учебната 2025/2026 година психологот успешно ги реализираше планираните активности согласно Годишната програма за работа, како и бројни дополнителни активности кои произлегоа од тековните потреби на училиштето. Работата беше насочена кон создавање позитивна училишна клима, поддршка на учениците, родителите и наставниците, унапредување на инклузивното образование, превенција на насилство и дискриминација, професионална ориентација на учениците и континуирано стручно усовршување.

Преку секојдневна соработка со учениците, родителите, наставниците, стручните служби и надворешните институции беше даден значаен придонес во подобрувањето на воспитно-образовниот процес и благосостојбата на учениците. Реализираните активности претставуваат основа за понатамошно унапредување на работата и ќе продолжат да се развиваат и во наредната учебна година во согласност со потребите на училиштето и современите образовни предизвици.

Психолог-Викторија Груевска

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

## Годишен извештај за работата на Наставничкиот совет

Наставничкиот совет се грижи за целокупната стручна и воспитно-образовна работа во училиштето и во текот на учебната 2025/2026 година ги реализира следните активности:

- утврдување на задолженијата на наставниците за реализација на наставните предмети и воннаставни активности;
- распоредување раководители на паралелки;
- усвојување на распоредот на часови;
- усвојување на распоредот и програмата за ученички екскурзии;
- разгледување извештаи, анализи, информации и осврти за постигнувањата на учениците во одредени периоди;
- стручно усовршување на наставно-воспитниот кадар.
- утврдување на полугодишниот и годишниот успех, поведението и редовноста на учениците;

Наставничкиот совет во текот на учебната 2025/2026 година оддржа состаноци со следните содржини:

| Датум | Време | Дневен ред |
|---|---|---|
| 27.08.2025 | 08:30 | 1. Утврдување на успехот на ученичка упатена на одделенски испит<br>2. Определување на одделенски раководители за VI одделение<br>3. Мислење за наставници приправници од ментори и советот<br>4. Насоки за почетокна новата учебна година<br>5. Тековни прашања |
| 24.09.2025 | 12:30 | 1. Давање мислење за наставници со завршен приправнички стаж<br>2. Тековни прашања |
| 20.11.2025 | 18:30 | 1. Разгледување на успехот и поведението на учениците во првото тримесечје<br>2. Реализација на наставните планови и програми согласно упатствата од МОН и БРО<br>3. Повратни информации од родителски средби<br>4. Тековни прашања |
| 23.12.2025 | 18:00 | 1. Давање мислење за стручен соработник – ментор<br>2. Давање мислење за наставник – советник |
| 31.12.2025 | 10:00 | 1. Утврдување на успехот и поведението на учениците за првото полугодие<br>2. Реализација на наставните планови и програми<br>3. Формирање комисија за обработка на статистички податоци<br>4. Тековни прашања |
| 28.01.2026 | 18:30 | 1.Разгледување и анализа на извештајот за успехот и поведението на учениците на крајот од првото полугодие во учебната 2025/2026 година и полугодишниот извештај.<br>2. Разгледување и усвојување на Процедура за следење на годишни, тематско-процесни планирања на наставниците и Процедура за следење на реализацијата на наставниот процес.<br>3. Разгледување на предлозите и планот за критериуми за натпревари по одделни наставни предмети од стручните активи на наставниците.<br>4.Утврдување на критериумите за натпревари по одделни наставни предмети. Комисија за подготовка на програма за одбележување на Патрон празникот на училиштето.<br>5. Тековни прашања. |


ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

| | | |
|---|---|---|
| 23.02.2026 | 18:30 | 1.Давање мислење од менторите и од наставничкиот совет за наставниците и стручните соработници на кои им завршил приправничкиот стаж<br>2.Тековни порашања. |
| 14.04.2026 | 18:30 | 1.Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од третото тримесечје во учебната 2025/2026 година и повратна информација од родителските средби<br>2.Известување за реализација на наставниот план и наставните програми<br>3. Известување за учество на учениците на натпревари<br>4. Разгледување на барањата на наставниците и давање мислење од Наставничкиот совет за просветен работник на годината за одделенска и предметна настава<br>5.Тековни прашања. |
| 10.06.2026 | 16:30 | 1. Утврдување на успехот и поведението на учениците на крајот од учебната 2025/2026 година, реализација на Наставните планови и програми за учебната 2025/2026 година и реализација на Годишната програма за работа на училиштето<br>2. Прогласување на ученици првенци на генерација од IX одделение. Известување од наставниците за учество на учениците на натпревари. Известување за извршен избор на изборни предмети за учебната 2026/2027 година<br>3. Известување за упис на првачиња за учебната 2026/2027 година. Формирање комисија за преглед на педагошката евиденција и документација<br>4. Формирање комисија за изработка на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2026/2027 година<br>5. Формирање комисија за изработка на Годишниот извештај за работата на училиштето и за средување на статистички податоци<br>6. Тековни прашања. |
| 19.06.2026 | 11:00 | 1. Утврдување на успехот и поведението на ученици од одделенски испит на крајот од учебната 2025/2026 година<br>2.Тековни прашања. |
| 03.07.2026 | 10:00 | 1. Известување од комисијата за преглед на педагошката евиденција и документација<br>2.Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2025/2026 година<br>3.Разгледување и давање мислење за Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2026/27 година |

# Годишен извештај за работата на одделенските совети

Во текот на целата учебна година оддржани се повеќе состаноци со следниве содржини:

| Датум | Време | Одделенија | Дневен ред |
|---|---|---|---|
| 04.11.2025 | 12:00 | I, II, III, IV, V, VI, VIII и музичка паралелка | -Разгледување на успехот и поведението на крајот од првото тримесечје<br>-Известување за реализација на наставните планови и програми<br>-Закажување родителски средби<br>-Тековни прашања |
| 04.11.2025 | 13:00 | VII и IX одделение | -Разгледување на успехот и поведението на крајот од првото тримесечје<br>-Известување за реализација на наставните планови и програми<br>-Закажување родителски средби |
| 04.11.2025 | 13:30 | Подрачни училишта –одделенска и предметна настава | -Разгледување на успехот и поведението на крајот од првото тримесечје<br>-Известување за реализација на наставните планови и програми<br>-Закажување родителски средби<br>-Тековни прашања |
| 31.12.2025 | 08:00 | I, II, III, IV, V, VI и VIII одделение | -Разгледување на успехот и поведението на крајот од првото полугодие<br>-Известување за реализација на наставните планови и програми<br>-Начин на соопштување на успехот<br>-Тековни прашања |
| 31.12.2025 | 09:00 | VII и IX одделение, подрачни училишта и музичка паралелка | -Разгледување на успехот и поведението на крајот од првото полугодие<br>-Известување за реализација на наставните планови и програми<br>-Начин на соопштување на успехот<br>-Тековни прашања |
| 01.04.2026 | 12:00 | II, III и I V одделение и Музичка паралелка | Разгледување на успехот и поведението на крајот од третото тримесечје за учебната 2025/2026 година<br>-Известување за реализација на наставните планови и програми за учебната 2025/2026 година<br>-Закажување родителски средби. Номинација на најуспешни ученици од ромска националност за добивање на признание по повод 8 Април – Меѓународен ден на Ромите<br>-Тековни прашања. |

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://ooujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

| | | | |
|---|---|---|---|
| 01.04.2026 | 12:00 | I и V одделение | -Разгледување на успехот и поведението на крајот од третото тримесечје за учебната 2025/2026 година<br>-Известување за реализација на наставните планови и програми за учебната 2025/2026 година<br>-Закажување родителски средби. Номинација на најуспешни ученици од ромска националност за добивање на признание по повод 8 Април – Меѓународен ден на Ромите<br>-Тековни прашања. |
| 01.04.2026 | 13:00 | VII и IXодделение | -Разгледување на успехот и поведението на крајот од третото тримесечје за учебната 2025/2026 година<br>-Известување за реализација на наставните планови и програми за учебната 2025/2026 година<br>-Закажување родителски средби. Номинација на најуспешни ученици од ромска националност за добивање на признание по повод 8 Април – Меѓународен ден на Ромите<br>- Тековни прашања. |
| 02.04.2026 | 12:00 | VI и VIII одделение | -Разгледување на успехот и поведението на крајот од третото тримесечје за учебната 2025/2026 година<br>-Известување за реализација на наставните планови и програми за учебната 2025/2026 година<br>-Закажување родителски средби. Номинација на најуспешни ученици од ромска националност за добивање на признание по повод 8 Април – Меѓународен ден на Ромите<br>- Тековни прашања. |
| 02.04.2026 | 13:30 | Одделенска и предметна настава од подрачни училишта | -Разгледување на успехот и поведението на крајот од третото тримесечје за учебната 2025/2026 година<br>Известување за реализација на наставните планови и програми за учебната 2025/2026 година<br>-Закажување родителски средби. Номинација на најуспешни ученици од ромска националност за добивање на признание по повод 8 Април – Меѓународен ден на Ромите<br>-Тековни прашања. |



ООУ „Свети Јоаким

| | | | |
|---|---|---|---|
| 10.06.2026 | 11.00 | VII и IXодделение | -Разгледување на успехот и поведението на учениците во учебната 2025/2026 година<br>-Известување за реализација на Наставните планови и програми за учебната 2025/2026 година согласно препораките од МОН и БРО<br>- Начин на соопштување на успехот<br>-Тековни прашања |
| 10.06.2026 | 13:00 | Подрачни училишта и музичка паралелка | -Разгледување на успехот и поведението на учениците во учебната 2025/2026 година<br>-Известување за реализација на Наставните планови и програми за учебната 2025/2026 година согласно препораките од МОН и БРО<br>- Начин на соопштување на успехот<br>- Тековни прашања |
| 10.06.2026 | 15:00 | I,II ,III ,IV и V одделение | -Разгледување на успехот и поведението на учениците во учебната 2025/2026 година<br>-Известување за реализација на Наставните планови и програми за учебната 2025/2026 година согласно препораките од МОН и БРО<br>-Начин на соопштување на успехот<br>- Тековни прашања |
| 10.06.2026 | 16:00 | VI и VIII одделение | -Разгледување на успехот и поведението на учениците во учебната 2025/2026 година<br>-Известување за реализација на Наставните планови и програми за учебната 2025/2026 година согласно препораките од МОН и БРО<br>-Начин на соопштување на успехот<br>-Тековни прашања |

## СТРУЧЕН АКТИВ НА ОДДЕЛЕНСКИ НАСТАВНИЦИ ПРИ ООУ „ СВЕТИ ЈОАКИМ КРЧОВСКИ“ – КРИВА ПАЛАНКА

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

Во текот на учебната 2025/2026 година, стручниот актив за одделенска настава ја реализираше својата програма за работа. Наставниците од одделенска настава, во соработка со останатите чинители во воспитно-образовниот процес, придонесоа за успешно организирање и следење на наставата, за унапредување на воспитно-образовната дејност и за создавање позитивна училишна клима.

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

Активот на одделенска настава одржуваше состаноци, на кои се дискутираше за важни прашања поврзани со наставата, учениците и организацијата на активот.

По разгледувањето на Годишната програма за работа одделенските наставници ги изнесоа своите приоритетите за учебната година, а потоа беше усвоена годишната програма за работа на активот.

Активот на одделенска настава во учебната 2025/26 година својата работа ја реализираше согласно следните приоритети:

- Реализација на наставата со посебен акцент на дополнителната, додатната и воннаставните активности кај учениците од прво до петто одделение.
- Поголема вклученост на ученици и родители во активностите на училиштето.
- Зголемување на соработка и помагање меѓу одделенските и предметните наставници.
- Унапредување на соработка меѓу ученици, наставници и родители.
- Социјална инклузија на учениците со пречки во развојот.
- Употреба на електронските образовни алатки во наставата посебно кај учениците од помалите одделенија и современи нагледни средства со цел наставата да стане привлечна и интересна.
- Помагање и поддршка за водење на е – дневник.
- Меѓусебна соработка и помагање при изработка на наставни тестови според барањата на современата настава , стандардите и критериумите за оценување од БРО.
- Изработка на училишната Програма за поддршка на наставници приправници од страна на менторите во училиштето.
- Унапредување на професионалните компентенции на наставниците преку поголемо учество на семинари и обуки во и надвор од училиштето , како и online.

Во текот на учебната 2025/2026 година одделенските наставници од четврто одделение учествуваа на училишни, општински, регионални и државни натпревари по математика и природни науки, а одделенските наставници од петто одделение учествуваа на училишни, општински и регионални натпревари по математика.

**<u>Математика IV и V одд.</u>**

**Училишен натпревар одржан на 21.01.2026 година постигнати се следните резултати:**

Петар Стоевски IV одд. – втора награда ментор Сузана Ѓоргиевска
Мила Младеновска IV одд. – втора награда ментор Даниела Ѓорѓиовска
Христијан Гоговски IV одд. – трета награда ментор Даниела Ѓорѓиовска
Петар Вучковски V одд.– прва награда ментор Јагода Ангеловска

**Општински натпревар одржан на 31.01.2026 год. постигнати се следните резултати:**

Петар Стоевски IV одд. – втора награда ментор Сузана Ѓоргиевска
Мила Младеновска IV одд. – втора награда ментор Даниела Ѓорѓиовска
Христијан Гоговски IV одд. – пофалница ментор Даниела Ѓорѓиовска
Петар Вучковски V одд. – прва награда ментор Јагода Ангеловска

**Регионален натпревар одржан на 14.03.2026 год. постигнати се следните резултати:**

Петар Стоевски IV одд. – втора награда ментор Сузана Ѓоргиевска
Мила Младеновска IV одд. – прва награда ментор Даниела Ѓорѓиовска
Христијан Гоговски IV одд. – трета награда ментор Даниела Ѓорѓиовска
Петар Вучковски V одд. – втора награда ментор Јагода Ангеловска

**<u>Природни науки IV одд.</u>**

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

**Училишен натпревар одржан на 03.02.2026 година постигнати се следните резултати:**

Матеј Јовановски IV одд. – прва награда награда ментор Сузана Ѓоргиевска
Лука Спасовски и Зафир Ангеловски - прва и втора награда ментор Андријана Димитровска
Игнат Станоевски и Анамарија Златковска – прва награда ментор Изабела Павловска
Јован Стојчевски, Мила Младеновска и Алексеј Вучевски ментор Даниела Ѓорѓиовска

**Општински натпревар одржан на 27.02.2026 год. постигнати се следните резултати:**

Матеј Јовановски IV одд. – прва награда ментор Сузана Ѓоргиевска
Лука Спасовски втора награда ментор Андријана Димитровска
Зафир Ангеловски- трета награда ментор Андријана Димитровска
Игнат Станоевски - трета награда ментор Изабела Павловска
Анамарија Златковска – трета награда ментор Изабела Павловска
Јован Стојчевски- прва награда ментор Даниела Ѓорѓиовска
Мила Младеновска- прва награда ментор Даниела Ѓорѓиовска
Алексеј Вучевски – втора награда ментор Даниела Ѓорѓиовска

**Регионален натпревар одржан на 03.04.2026 год. постигнати се следните резултати:**

Матеј Јовановски IV одд. – прва награда ментор Сузана Ѓоргиевска
Лука Спасовски трета награда ментор Андријана Димитровска
Зафир Ангеловски- пофалница ментор Андријана Димитровска
Игнат Станоевски - пофалница ментор Изабела Павловска
Анамарија Златковска – втора награда ментор Изабела Павловска
Јован Стојчевски- втора награда ментор Даниела Ѓорѓиовска
Мила Младеновска- втора награда ментор Даниела Ѓорѓиовска
Алексеј Вучевски – втора награда ментор Даниела Ѓорѓиовска

**Државен натпревар одржан на 07.06.2026 год. постигнати се следните резултати:**

Матеј Јовановски IV одд. – втора награда ментор Сузана Ѓоргиевска
Мила Младеновска- втора награда ментор Даниела Ѓорѓиовска
Јован Стојчевски- втора награда ментор Даниела Ѓорѓиовска

Освен на натпревари учениците од прво до петто одделение учествуваа на бројни литературни и ликовни конкурси при што покажаа солидни резулати.

На литературниот конкурс **„Читам гласно, говорам јасно“** учениците Николија Димишковска, Војдан Давидовски, Петар Вучковски и Бисера Јакимовска освија прва награда , а учениците Теона Јовановска и Илина Илиевска освоија втора награда под менторство на одд. наставник Јагода Ангеловска.

На меѓународниот литературен конкурс „Вилијам Шекспир“ учениците Мила Младеновска , Катина Марковска и Лука Стевановски освоија први награди под менторство на одд. наставник Даниела Ѓорѓиовска.

На меѓународниот литературен фестивал за деца и млади „Свет од зборови“ученикот Лука Стевановски освои прва награда , а ученичката Калина Марковска освои втора награда под менторство на одд. наставник Даниела Ѓорѓиовска .

На меѓународниот поетски фестивал „Охридски бисери на поезијата“ , Мила Младеновска ученичка во четврто одделение освои прва награда, а ученичката Стефанија Спасковска исто така од четврто одделение освои втора награда. И двете ученички беа под менторство на одд. наставник Даниела Ѓорѓиовска .

Ова се дел од учениците кои се стекнаа со пригодни награди и признанија. Награди, признанија и благодарници имаше и за учениците во останатите паралелки на одделенска настава .

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

Покрај тоа учениците учествуваа и во „Недела на кодирање“, одбележување на значајни датуми, државни празници, еколошки и хуманитарни акции,работилници, манифестаци организирани од Општината, а свое учество имаа и на прославата на патрониот празник на училиштето.

**Сите наведени активности беа целосно и успешно реализирани од сите одделенски наставници во нашето училиште.**

Претседател на активот
Елизабета Цоневска

## Годишен извештај за работата на активот по македонски јазик и странски јазици за учебната 2025/2026 година

Во текот на учебната 2025-26 година, Активот за македонски јазик и странски јазици работеше согласно Годишната програма за работа на училиштето, со цел унапредување на наставниот процес, зајакнување на соработката меѓу наставниците и подобрување на постигањата на учениците.

На почетокот на учебната година беше реализирана тимска работа на членовите на Активот, при што беше изработена и усогласена програмата за работа на Активот, во согласност со наставните планови и стручната литература.

Посебен акцент беше ставен на целосна интегрираност во наставата, преку усогласување на програмите за работа по предмети, интегрирање на еко-содржини во наставата, разгледување на Упатството за начинот на изготвување на домашна работа за учениците, како и изработка на годишни планови по предмети. Дополнително, беа изработени програми за додатна, дополнителна и слободни активности, како и програми и планови за МИО/МИМО активности, со цел воспоставување единствен и усогласен модел на работа.

Во текот на месец септември беа реализирани подготовки и активности за одбележување на 26 Септември – Денот на европските јазици, со што се поттикна соработката меѓу предметните наставници и се унапреди свеста кај учениците за значењето на јазиците и културната разновидност.

Во октомври, членовите на Активот работеа на усогласување на критериумите за оценување, преку стручни разговори, консултации и размена на мислења за изработка на тестови, со цел обезбедување објективно и единствено оценување.

Во ноември беше спроведена анализа на успехот на учениците во првото тримесечје, при што беа согледани постигнатите резултати и предложени мерки за унапредување на наставниот процес преку засилена соработка меѓу наставниците, стручната служба и учениците.

Во текот на месец декември беа реализирани подготовки и активности за одбележување на Божиќните празници кај нас и во европските земји, со што се овозможи поврзување на наставните содржини со културните и јазичните особености и се поттикна меѓупредметната соработка.

Во текот на јануари беше одржан состанок на Активот по македонски јазик и странски јазици, на кој беа разгледани две точки од дневниот ред.

Првата точка се однесуваше на избор и котизација на талентирани ученици за учество на регионални, државни и меѓународни натпревари. По дискусија, беше донесена одлука за учество на по двајца талентирани ученици за секој јазик посебно, при што ќе се обезбедат и ќе се платат по две котизации за секој јазик.



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

Втората точка се однесуваше на избор на еден учесник за проектот „Недела на кодирањето“. За учесник во проектот беше избрана наставничката Наташа Стефановска.

Со реализираните активности, Активот за македонски јазик и странски јазици даде значаен придонес кон подобрување на квалитетот на наставата, унапредување на тимската работа и развој на јазичните и комуникациските компетенции кај учениците. Активот ќе продолжи со реализација на планираните активности и во второто полугодие од учебната година.

Во текот на учебната година беа одржувани редовни состаноци на стручниот актив, на кои се разгледуваа прашања поврзани со реализацијата на наставните програми, примената на современи наставни методи, планирањето на наставата, користењето на современи наставни средства, како и следењето на постигнувањата на учениците. Членовите на активот континуирано разменуваа искуства, идеи и примери на добра наставна практика, со цел подобрување на квалитетот на наставниот процес.

Во рамките на професионалниот развој беа реализирани отворени часови, по што следуваа стручни дискусии и анализа на применетите наставни методи, форми на работа и начини на оценување. Наставниците покажаа висок степен на соработка и подготвеност за меѓусебна поддршка, а стекнатите искуства придонесоа за подобрување на наставната практика и поквалитетна реализација на наставата.

Во текот на учебната година редовно се следеше успехот, поведението и дисциплината на учениците. По секое тромесечје беа изработени анализи на постигањата, при што беа предложени мерки за подобрување на резултатите и за зголемување на мотивацијата кај учениците. Воедно беше направено и вреднување на реализираните еко-активности и нивното влијание врз развивањето на еколошката свест и одговорното однесување кај учениците.

Големо внимание беше посветено на подготовката на учениците за учество на училишни, општински, регионални, државни и меѓународни натпревари по македонски и странски јазици. Преку дополнителната настава, индивидуалната работа и менторската поддршка, наставниците успешно ги подготвуваа учениците за натпреварите, при што тие достојно го претставуваа училиштето и покажаа високо ниво на знаење и ангажираност.

Во организација на активот беа реализирани бројни културно-образовни активности. Учениците активно учествуваа во одбележувањето на Денот на екологијата, патрониот празник на училиштето, Меѓународниот ден на Франкофонијата и 9 Мај – Денот на Европа. Во рамките на овие активности беа организирани литературни и ликовни конкурси, јазични квизови, драмски и литературни изведби, презентации, изложби, работилници и други активности преку кои се промовираа македонскиот јазик, странските јазици и културната разновидност.

Со цел проширување на знаењата и збогатување на наставниот процес, беа организирани посети на културни и образовни институции, библиотеки, музеи, читални, Саемот на книгата, како и институции кои придонесуваат за промоција на странските јазици и култури. Овие активности овозможија учениците да стекнат нови знаења и искуства преку непосредно учење и активно учество.

Наставниците активно учествуваа на семинари, работилници, вебинари и други форми на стручно усовршување, при што стекнатите знаења ги применуваа во наставната практика и ги споделуваа со останатите членови на активот.

На крајот од учебната година беше извршена анализа на реализацијата на Годишната програма на активот, на резултатите од натпреварите, успехот на учениците и реализираните активности. Од направената евалуација произлезе дека најголемиот дел од планираните активности беа успешно реализирани. Стручниот актив даде значаен придонес во подобрувањето на квалитетот на наставата, професионалниот развој на наставниците, развивањето на јазичните компетенции кај учениците и нивното активно учество во наставните и воннаставните активности.

Врз основа на постигнатите резултати, Стручниот актив по македонски јазик и странски јазици ја оцени својата работа како успешна. И во наредната учебна година ќе продолжи со



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

активности насочени кон унапредување на наставниот процес, поттикнување на креативноста, јакнење на меѓусебната соработка, професионалниот развој на наставниците и создавање услови за уште подобри постигања на учениците.

**Претседател на стручниот актив**
**Габриела**
**Стојановска**

**СТРУЧЕН АКТИВ ПО ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ ПРИ**
**ООУ „ СВЕТИ ЈОАКИМ КРЧОВСКИ“ – КРИВА ПАЛАНКА**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**Стручен актив по општествени науки при ООУ „Св. Јоаким Крчовски“ – Крива Паланка**

Учебна година: 2025/2026
Претседател на активот: Христина Илиевска

- ПРВО ПОЛУГОДИЕ

Во првото полугодие во учебната 2025/2026 година стручниот актив на општествените науки успешно и во целост ја реализираше својата програма, застапена во сите предмети од оваа група со цел унапредување и успешна реализација на воспитно-образовниот процес. Во текот на првото полугодие се одржаа неколку состаноци и на истите се дискутираше по точки утврдени со дневен ред.
На прввиот состанок, кој се одржа на 30.06.2025 година, стручниот актив по општествени науки ја усвои предлог Годишната програма за работа на активот по општествени науки. Претседател на активот е Христина Илиевска. Се донесе одлука дека одговорен на секцијата *Ученички иницијативи* ќе биде наставничката Христина Илиевска, на секцијата *Млади историчари* одговорни наставници ќе бидат Блажо Јакимовски и Христијан Гоговски, а Игор Стојчевски ќе биде дел од секцијата *Млади природници*. На истиот состанок се направи и колегијална и транспарентна поделба на часовите за учебната 2025/2026 година.
На состанокот кој се одржа на 25.08.2025 година се констатираше дека по секој општествен предмет има изготвено годишно и тематско планирање со интегрирани Еко-содржини, МИМО активности и ИКТ активности и истите уредно се доставени до Стручната служба – педагогот. Исто така се направи и усогласување на критериумите и стандардите за оценување по сродните предмети.
На 02.09.2025 година се одржа состанок, на кој членовите на општествениот актив се изјаснија дека при изработка на личниот план за професионален развој имаат спроведено самооценување врз основа на кое ги имаат изберено компетенциите, од прирачникот за наставници, во кои сакаат да напредуваат. Истиот уредно ќе биде доставен до тимот за професионален развој најдоцна до 10.09.2025 година.
Работната група, на состанокот одржан на 27.10.2025 година, се пофали со досега сработеното и активности кои се предвидени за реализација во месеците ноември и декември.
На 14.01.2026 се одржа работен состанок на општествениот актив при “ООУ Свети Јоаким Крчовски”, Крива Паланка со следниов,
Дневен ред
1. Разгледување и усвојување на Интерен правилник на општествениот актив за учество на учениците на општински, регионални и државни натпревари.
2. Избор на член од општествениот актив за учество во проект за кодирање.
3. Тековни прашања.
Точка 1 – Усвојување на правилник



ООУ Свети Јоаким Крчовски

Образложение: Со цел транспарентност и усогласеност со националниот правилник, општествениот актив донесе интерен правилник за квоти, минимум бодови и дополнителна селекција на ученици за натпревари.

Најважни одредби од правилникот:

• За секој предмет квотата се определува по генерација:

o Географија: 3 ученици (во моментот без котизација; ако се воведе, училиштето покрива за првите тројца).

o Историја: 4 ученици (се уште нема акредитирано здружение).

o Граѓанско образование: 3 ученици (се уште нема акредитирано здружение).

• Минимум бодови за сите предмети: 65 од 100.

• Ако нема ученици над минимумот, право на учество имаат првите тројца/четворица со најмногу бодови под минимумот.

• Превозот за сите учесници го обезбедува училиштето.

• Училишниот натпревар е селекциско ниво без котизација; учесниците добиваат пофалници, а првите три места дипломи.

Одлука: Интерниот правилник е усвоен едногласно.

Точка 2 – Избор на член за проект за кодирање

Образложение: Директорот задолжи општествениот актив да делегира претставник за учество во проект за кодирање, со цел зајакнување на дигиталната писменост и активно вклучување на заедницата во современи технолошки процеси.

Одлука: За учество во проектот е предложена и едногласно избрана Христина Илиевска.

Точка 3 – Тековни прашања

Образложение: Се разгледуваат тековни прашања и предлози од членовите.

Одлука:

• Да се организира кратка информативна средба со учениците за новите правила за натпревари.

• Да се разгледа можноста за дополнителни активности за дигитална писменост во рамки на училиштето.

• За заменик претседател на општествениот актив е избран Блажо Јаќимовски.

Од сработените воннаставни активности посебно се истакна одбележувањето на Детската недела 2025 под Мото: „Детето денес – иднината утре“, при чие одбележување значаен придонес дадоа учениците од VI-IX одделение, членови на секцијата ученичка иницијатива и се претставија со две претстави едната на тема *Гласот на иднината*, а другата *Срекавање во иднината.*

Активности предвидени за ноември и декември се одбележување на Денот на детските права, Денот за борба против корупција и работилница по повод новогодишните празници.

На состанокот одржан на 17.11.2025 година членовите на општествениот актив направија анализа на успехот и поведението на учениците, како и реализација на наставата во првото тримесечие. Се дојде до заклучок дека успехот по општествените предмети во најголема мера задоволува, редовно се одржува додатна и дополнителна настава според однапред изготвен распоред, како и бројни воннаставни активности.

На 31.12.2025 година се направи полугодишна анализа на успехот и поведението на учениците и се констатираше дека е доста солиден. Во однос на наставната програма сé што е планирано е реализирано. Активот може да се пофали и со спроведени бројни воннаставни активности како:

Отворањето на Детската недела 2025 под мотото „Детето денес – иднината утре“

Претстави на тема *Гласот на иднината и Срекавање во иснината*

Одбележан Светскиот ден на детето – 20 Ноември

Одбележан Меѓународниот ден на лицата со попреченост – 3 Декември

Одбележување на 8 Декември – Денот на Свети Климент Охридски

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://oojoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132

Одбележување на 9 Декември – Меѓународен ден за борба против корупцијата
Новогодишен базар (29 и 30.12.2025)

- ВТОРО ПОЛУГОДИЕ

Во второто полугодие од учебната 2025/2026 година, активот по општествени науки продолжи со успешна реализација на наставата и бројни воннаставни активности. Работата беше насочена кон унапредување на знаењата на учениците, развивање на нивниот натпреварувачки дух, поттикнување на еколошка и демократска свест, како и зајакнување на дигиталната писменост. Се одржаа повеќе состаноци со јасно утврден дневен ред, на кои беа презентирани резултати од натпревари, направени анализи и донесени одлуки за понатамошни активности.
На 15.01.2026, се направи анализа на првото полугодие и се донесе план за активности во второто полугодие.
На 11.02.2026 – Состанок на кој се разгледаа тековни прашања и подготовка за претстојните натпревари.
На 06.03.2026, се одржа состанок за интегрална евалуација на воспитно-образовниот процес, каде се разгледаа резултатите од наставата, вклученоста на учениците, и се дадоа насоки за подобрување на наставните практики и вклучување на учениците во демократски процеси.
На 08.04.2026, се направи анализа на успехот и поведението на учениците во третото тримесечие. Се донесе одлука за понуда на слободни изборни предмети:
VI одделение: *Имам права*, *Религиите во светот*
VII одделение: Прва помош, Готвење
На 20.05.2026 – Состанок на кој беа презентирани резултатите од сите натпревари по географија и историја реализирани во текот на второто полугодие.
Натпревари по географија
11.02.2026 – Училишен натпревар
Учесници: Ива Петровска (VI), Стефани Николовска (VI), Алекса Ѓорѓиевски (VI), Глорија Стојмировска (VIII), Михаил Јовановски (VIII), Никола Ѓорѓиевски (VIII), Бојана Младеновска (VII), Петар Стаменковски (VII), Илија Младеновски (IX).
28.02.2026 – Општински натпревар (организатор: Здружение на професори по географија на Македонија „ПРОФ. Д-Р Љубе Миленковски“ – Скопје)
Резултати:
VI: Ива Петровска – 88 поени
VII: Бојана Младеновска – 93; Петар Стаменковски – 89
VIII: Глорија Стојмировска – 97; Михаил Јовановски – 97; Никола Ѓорѓиевски – 97
IX: Илија Младеновски – 85
28.03.2026 – Регионален натпревар
Учесници: Глорија Стојмировска (VIII), Михаил Јовановски (VIII), Илија Младеновски (IX).
13.05.2026 – Државен натпревар
Учесници: Глорија Стојмировска (VIII), Михаил Јовановски (VIII), Илија Младеновски (IX).
Натпревар по историја
30.04.2026 – Училишен натпревар по историја
Резултати:
Хана Тодоровска (VI-2) – 86 поени
Алекс Велиновски (VI-4) – 85 поени
Натпреварот беше реализиран под менторство на наставникот Блажо Јакимовски.
Одлука: Да им се честита на сите ученици за постигнатиот успех и да се обезбеди поддршка за нивно понатамошно учество на регионални и државни натпревари.



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

На 15.06.2026, се направи финална евалуација на работата на активот. Се констатира дека сите планирани активности се реализирани, а учениците покажале висок степен на ангажираност и креативност.

**Реализирани активности:**

- Одбележување на Меѓународниот ден на образованието
- Одбележување на Светскиот ден за заштита на енергијата
- Одбележување на Денот на пролетта
- Одбележување на 22 април – Денот на планетата Земја
- Одбележување на 1 мај – Денот на трудот
- Учество во еколошката акција „Генералка викенд 2026“ (8 мај)
- Одбележување на 15 мај – Меѓународен ден на семејството
- Одбележување на патронот празник на училиштето (22 мај) со директно учество, точка Еко модна ревија.

**Проекти и културни содржини**

- **Code Week 2026**
    - Меѓународен проект во кој ученици учествуваа преку активноста „Ритам на правата – Мојот глас“.
    - Креираше музички ритам со Song Maker и едноставна реченица на англиски јазик, покажувајќи креативност и свест за граѓанските права.
    - За учеството учениците се здобија со **меѓународни сертификати**.

- **Културно-образовен проект – „Sunovision dansante 2025“**

- Ученици учествуваа во проектот организиран на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје, по повод Меѓународниот ден на професорите по француски јазик.
- За успешното учество се здоби со **потврда** од Здружението на професорите по француски јазик на РСМ, а училиштето беше наградено со **златен пехар** како признание за промоција на францускиот јазик и култура. o (остварена соработка со наставници од други активи).

- **Проект „Од отпад до уметност“**
    - Општествено-хуманитарна работа со еколошки и креативен карактер.
    - Датум: 8 мај 2026
    - Локација: ООУ „Свети Јоаким Крчовски“, Крива Паланка
    - Одговорен наставник: Христина Илиевска
    - Ученици учесници: Катина Величковска, Никола Јакимовски, Глорија Гоговска, Анабела Атанасовска, Лана Ристовска (VII-1 одделение).
- **Проект “Франкофонска вечер”**
    - Општествено-хуманитарна работа со културно-образовен карактер, реализирана од учениците кои го изучуваат француски јазик.
    - Датум: 29 април 2026
    - Локација: Дом на култура, Крива Паланка
    - Одговорни наставници: Елена Николовска, Христина Илиевска, Тања Димитровска Шкрбиќ, Марина Станишковска (остварена соработка со наставници од други активи).
- **Еко модна ревија – „Trash Fashion Runway“**



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

- Ученици учествуваа на еко модна ревија со креацијата „Чувари на природата“, организирана од Europe House Крива Паланка.
- Покажаа креативност и еколошка свест и се здобија со **диплома**.

Претседател на активот:
Христина Илиевска

## Годишен извештај од Проектот за антикорупциска едукација на учениците, при ООУ Свети Јоаким Крчовски, Крива Паланка

**Учебна година: 2025/2026**

- **Прво полугодие**

Во првото полугодие од учебната 2025/2026 година, проектот за антикорупциска едукација на учениците при ООУ „Св. Јоаким Крчовски“ – Крива Паланка започна со иницијални активности насочени кон запознавање на учениците со основните поими и вредности поврзани со корупцијата и антикорупцијата.

Активностите беа осмислени да ја проверат почетната информираност на учениците, да ги воведат во темата преку едукативни презентации и да ги поттикнат да размислуваат критички за последиците од корупцијата врз општеството.

Особен акцент беше ставен на учениците од VII и VIII одделение, кои преку работилници, дискусии и интерактивни игри ја согледаа корупцијата како сериозна закана за демократијата и праведноста.

Во првото полугодие од учебната година 2025/2026 во нашето училиште беа реализирани следниве активности како дел од Програмата за антикорупциска едукација на учениците - Граѓанска и демократска клима во училиштето:

- Извештај за спроведена работилница

Наслов: Работилница – Проверка на предзнаењата за поимите корупција и антикорупција Време на реализација: Октомври 2025 Целна група: Репрезентативен дел од ученици од VII одделение

Опис на активноста

Во месец октомври 2025 година беше спроведена работилница со ученици од VII одделение. Целта беше да се провери предзнаењето за поимите *корупција* и *антикорупција*, како и нивната способност да препознаваат негативни појави во демократското општество. Учениците анонимно и индивидуално одговараа на прашалник составен од прашања со заокружување и прашања „Точно/Неточно“.

Резултати и заклучоци

Поголемиот дел од учениците правилно ја препознаа корупцијата како злоупотреба на моќ за лична корист.

Антикорупцијата ја дефинираа како чесност и борба против неправедни практики.

Преку прашањата „Точно/Неточно“ се потврди дека учениците ја разбираат врската меѓу корупцијата и довербата во институциите.

Работилницата овозможи наставниците да добијат јасна слика за предзнаењата и да планираат понатамошни активности за продлабочување на темата.

Заклучок: Работилницата успешно ја исполни целта – се добија автентични и репрезентативни одговори, што ќе послужат како основа за понатамошна едукација и дискусија за вредностите на интегритет и чесност во демократското општество.



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

- Извештај од реализирана работилница

Наслов: Корупцијата како негативна појава во едно демократско општество Време на реализација: Ноември 2025 Целна група: Ученици од VII одделение Метод: Презентација од страна на наставникот

Опис на активноста

Во месец ноември 2025 година со учениците од VII одделение беше реализирана едукативна активност на тема *„Корупцијата како негативна појава во едно демократско општество“*.

Наставникот одржа презентација со цел да ги запознае учениците со основните поими:

Корупција – злоупотреба на моќ или позиција за лична корист;

Антикорупција – активности и однесувања насочени кон спречување неправедни практики;

Интегритет – чесност и доследност во постапките;

Социјален притисок – влијанието на групата врз поединецот;

Етичност – морални принципи и вредности што го водат човековото однесување.

Реализација

Учениците внимателно ја следеа презентацијата и активно се вклучуваа со прашања и коментари.

Се дискутираше за тоа како корупцијата влијае врз секојдневниот живот и врз довербата во институциите.

Преку примери од училиштето и општеството, учениците ја согледаа разликата меѓу коруптивно и антикоруптивно однесување.

Резултати и заклучоци

Учениците го сфатија штетното влијание на корупцијата врз демократското општество.

Се разви свест за важноста на интегритетот и етичноста како основа за праведно и транспарентно функционирање на заедницата.

Активноста придонесе за поттикнување на критичко размислување и градење ставови кај младите за потребата од борба против корупцијата.

Заклучок: Работилницата успешно ја исполни целта – учениците од VII одделение се запознаа со клучните поими и ја согледаа корупцијата како сериозна закана за демократијата и праведноста.

- Одбележување на 9 Декември – Меѓународниот ден за борба против корупцијата

На 9 декември 2025 година, учениците од VIII – 1 одделение, под менторство на наставничката Христина Илиевска, активно се вклучија во одбележувањето на Меѓународниот ден за борба против корупцијата.

Реализација

Учениците учествуваа во интерактивна игра преку платформата Wordwall, каде што препознаваа примери на коруптивно и антикоруптивно однесување.

На забавен и практичен начин се поттикна нивната способност за критичко размислување и донесување правилни заклучоци.

По завршувањето на играта, секој ученик предложи сопствен пример од секојдневието и го сподели со одделението.

Во завршниот дел, учениците формулираа кратки пораки и ветувања за чесност и праведност, со што симболично ја потврдија својата посветеност кон вредностите на антикоруптивното однесување.

Заклучок

Со вакви активности, училиштето ја нагласува важноста на едукацијата и превенцијата, како и улогата на младите во создавање општество без корупција.

Преку овие активности се создаде и основа за понатамошно продлабочување на темата во второто полугодие, а се доби и јасна слика за предзнаењата и ставовите на учениците.

Со тоа, првото полугодие претставуваше подготвителна фаза во која се поставија темелите

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

за градење граѓанска и демократска клима во училиштето, заснована врз вредностите на чесност, интегритет и одговорност

- Второ полугодие

Во второто полугодие од учебната 2025/2026 година, проектот за антикорупциска едукација на учениците при ООУ „Св. Јоаким Крчовски“ – Крива Паланка продолжи со динамична и содржајна реализација на активности насочени кон развивање на граѓанска свест, критичко размислување и промоција на вредностите на чесност и интегритет.
Акцентот беше ставен на продлабочување на знаењата стекнати во првото полугодие, преку методи кои овозможуваат активно учество на учениците: дебати, логичка анализа со техника „призма“, креативна изработка на дигитални постери и симулации на реални ситуации.
Учениците од VIII и IX одделение беа главни носители на активностите, при што покажаа високо ниво на ангажираност, креативност и способност за аргументирање. Секоја активност беше внимателно осмислена за да ги поттикне младите да ја согледаат корупцијата како сериозна закана за демократијата и да ја промовираат антикорупцијата како основна вредност во граѓанското општество.
Во второто полугодие од учебната година 2025/2026 во нашето училиште беа реализирани следниве активности како дел од Програмата за антикорупциска едукација на учениците - Граѓанска и демократска клима во училиштето:

- Извештај за спроведена активност: Дебата за корупција и антикорупција

Основни информации
• Активност: Дебата со ученици од IX одделение
• Тема: Стекнување на основни знаења за корупција и антикорупција
• Цел: Учениците да ја разберат потребата за борба против корупцијата и значењето на едукацијата
• Време на реализација: Февруари 2026

Цели на активноста
1. Учениците да стекнат основни знаења за поимот корупција.
2. Да ја разберат потребата од антикорупциски мерки и едукација.
3. Да се запознаат со улогата на Државната комисија за спречување на корупцијата во Република Северна Македонија.
4. Да ги идентификуваат механизмите преку кои оваа институција делува.

Тек на активноста
• Наставникот воведе кратка презентација за поимот корупција, нејзините облици и последици врз општеството.
• Учениците беа поделени во групи и добија задача да дискутираат за конкретни примери на корупција од секојдневниот живот.
• Секоја група предложи мерки за спречување на корупцијата, како транспарентност, отчетност, етичко однесување и поголема граѓанска свест.
• Организирана беше дебата каде учениците слободно земаа учество, аргументираа и предлагаа решенија.

Резултати
• Учениците покажаа активно учество и критичко размислување.
• Се разви свест за значењето на борбата против корупцијата.
• Учениците ги препознаа механизмите на Државната комисија за спречување на корупцијата, како:
  - Прием на пријави за корупција
  - Истражување и анализа на случаи
  - Препораки за институциите



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

o Едукација и јавни кампањи

Заклучок

Активноста успешно ја постигна својата цел. Учениците од IX одделение стекнаа основни знаења за корупцијата и антикорупциските механизми, ја препознаа важноста на едукацијата и развија чувство на одговорност како идни граѓани. Дебатата овозможи слободно изразување на мислења и градење на критички ставови кон оваа општествена појава.

- Извештај од спроведена активност: Користење на техниката призма за поимот корупција

Основни информации

• Активност: Логичко размислување и анализа со техника „призма“
• Тема: Штетното влијание на корупцијата
• Цел: Да се поттикне „ментална гимнастика“ кај учениците
• Време на реализација: Април 2026
• Ученици: IX одделение

Цели на активноста

1. Учениците да ја разберат суштината на поимот корупција.
2. Да се поттикне логичко размислување и аналитички пристап.
3. Да се расчлени поимот корупција преку техниката призма.
4. Да се дојде до поим кој е најблизок на почетниот, преку логичка анализа.

Тек на активноста

• Наставникот воведе кратка дискусија за штетното влијание на корупцијата врз општеството.
• Учениците беа запознаени со техниката „призма“ - метод за расчленување на еден поим на неговите аспекти.
• Секој ученик доби задача да го анализира поимот „корупција“ преку призма: економски, политички, етички и социјален аспект.
• Учениците логично размислуваа и ги поврзуваа аспектите, при што дојдоа до поими како „неправда“, „недоверба“, „нееднаквост“.
• На крај, секој ученик избра еден поим кој смета дека е најблизок до основниот поим „корупција“.

Резултати

• Учениците покажаа развиена способност за логичко и критичко размислување.
• Преку техниката призма, тие ја согледаа комплексноста на корупцијата.
• Најчесто избраните поими беа „недоверба“ и „неправда“, што укажува на нивното разбирање за последиците од корупцијата.

Заклучок

Активноста успешно ја постигна својата цел. Учениците од IX одделение ја согледаа штетноста на корупцијата преку повеќе аспекти, развија аналитички пристап и логичко размислување. Техниката призма се покажа како ефикасен метод за поттикнување на „ментална гимнастика“ и за продлабочување на свеста за оваа општествена појава.

- Извештај од спроведена активност: Кажи НЕ за корупцијата и ДА за антикорупцијата – Дигитален постер на тема Мито, поткуп или чесност

Основни информации

• Активност: Креативна изработка на дигитален постер
• Тема: Кажи НЕ за корупцијата и ДА за антикорупцијата
• Цел: Учениците да се стават во ситуација со активна улога како корумпирани граѓани и да размислат за последиците
• Време на реализација: Мај 2026

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

- Ученици: VIII одделение

Цели на активноста

1. Да се развие свест за штетноста на корупцијата.
2. Да се поттикне критичко размислување преку симулација на улога.
3. Да се изрази став преку креативна изработка на постер.
4. Да се промовира чесност и антикорупциски вредности.

Тек на активноста

- Наставникот воведе кратка дискусија за поимите мито, поткуп и чесност.
- Учениците беа ставени во симулирана ситуација каде требаше да размислат како би постапиле како корумпирани граѓани.
- Потоа, секој ученик доби задача да изработи дигитален постер на тема „Мито, поткуп или чесност“.
- Постерите беа дигитални и содржеа креативни пораки, симболи и цртежи кои ја пренесуваа идејата за борба против корупцијата.

Резултати

- Учениците покажаа голема креативност и ангажираност.
- Преку постерите беа изразени јасни пораки: „НЕ за корупцијата“, „Чесноста е патот напред“, „Поткупот уништува доверба“.
- Се разви свест за личната одговорност и значењето на чесноста.

Заклучок

Активноста успешно ја постигна својата цел. Учениците од VIII одделение преку симулација и креативна изработка на постери ја согледаа штетноста на корупцијата и ја промовираа чесноста како основна вредност. Оваа активност придонесе за развивање на критичко размислување и граѓанска свест кај младите.

Со овие активности, второто полугодие се одликуваше со практични, интерактивни и креативни пристапи, кои ја зајакнаа улогата на учениците како идни граѓани со јасни ставови за праведност, транспарентност и одговорност.

Одговорен за следење на проектот:
Христина Илиевска

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА СТРУЧНИОТ АКТИВ по Природни науки (природни науки, математика, физика, биологија, хемија, техничко образование и информатика) при ООУ’’Свети Јоаким Крчовски’’- Крива Паланка за учебната 2025/2026 година

Во текот на учебната 2025/2026 година, Стручниот актив на природната група предмети (биологија, хемија, математика, информатика и физика) успешно и во целост ја реализираше својата програма. Наставниците активно придонесоа за унапредување и современа реализација на воспитно-образовниот процес, со примена на нови методи и техники на работа.

Клучни активности и реализирани задачи

- Разгледување и усвојување на Годишната програма за работа – наставниците дискутираа за приоритетите и новините во наставата, пренесувајќи искуства од посетени семинари и обуки.
- Посета од Директор и Стручна служба – по предметите биологија, хемија, математика, информатика и физика. По посетата беше спроведена дискусија за забелешките и



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

препораките, со акцент на примена на ИКТ во наставата, современи техники на учење и еко стандарди.

• Примена на ИКТ и еко стандарди – наставниците активно користеа дигитални алатки и современи методи за да ја направат наставата поинтересна и поефикасна.

Глобе проект – континуирано мерење на температурата на почвата (површински, на длабочина од 5 см и 10 см) и влажноста на почвата. Податоците беа редовно внесувани во платформата Globe Observer, со што учениците стекнуваа практични знаења и вештини за научно истражување.

Усвоивме интерен правилник за начинот, условите и критериумите за учество на учениците од ООУ “Св. Јоаким Крчовски”, Крива Паланка на општински, регионални и државни натпревари. Правилникот има за цел да обезбеди транспарентност, фер селекција и усогласеност со националниот Правилник на Министерството за образование и наука. Училишниот натпревар се смета за селекциско ниво без котизација и служи за избор на ученици кои ќе продолжат на повисоко ниво.

Разгледување на успехот во текот на учебната година како и успехот на карајот од учебната година на учениците по предметите од природната група.

Разгледување на постигнатите резултати од општинските регионалните и државните натпреварите по овие предмети. Ученците постигнаа солодни резултати по сите предмети со учество и на државните натпревари.

Стручниот актив на природната група предмети во текот на учебната 2025/2026 година ја реализираше својата програма со висок степен на професионалност.

• Се овозможи навремено планирање и анализа на наставниот процес.
• Се применуваа современи методи и технологии во наставата.
• Учениците беа активно вклучени во проекти и истражувања, што придонесе за развој на нивните компетенции и љубопитност кон науката.

Активот придонесе за подобрување на наставата, за развој на критичко мислење кај учениците и за создавање услови за квалитетна и современа воспитно-образовна работа.

Претседател на стручниот актив
Данијела Ѓоргиевска

**ООУ ,, СВЕТИ ЈОАКИМ КРЧОВСКИ“ - КРИВА ПАЛАНКА**
**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА МИО**
**Од реализирани активности од Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието за учебната 2025/2026 година**

Активностите кои се дел на Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието (ПМИО) во нашето училиште ООУ „Свети Јоаким Крчовски“ од Крива Паланка се реализираа и во учебната 2025/2026 г. Според тоа се одржуваа состаноци со членовите на СИТ – тимот на кои што беа разгледани планираните активности за учебната 2025/2026 година и начинот на нивно реализирање, разгледување и дискусија за истите, планирање на заедничка средба со партнер училиштето како и согледување на реализирањето на заедничката средба при што е констатирано дека истите успешно се реализираат.

Оваа учебна година, во договор со нашето Партнер училиште ООУ „Јероним Де Рада“ од с. Черкези – Куманово“, постапувајќи според насоките за аплицирање за Грант, нашето Училиште ООУ „Свети Јоаким Крчовски“ не поднесе заедничка Апликација за грант за наредната 2026/2027 учебна година со Партнер – училиштето ООУ „Јероним Де Рада“ од с. Черкези – Куманово“ бидејќи нашето Партнер училиште одлучи оваа учебна година да аплицира со другото нивно Партнер училиште.



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

На 17. 11. 2025 година претставниците од СИТ – тимот од МИО и МИМО од ООУ ,,Свети Јоаким Крчовски“ од Крива Паланка заедно со 10 ученици од I одд. до V одд. и 12 ученици од VI одд. до IX одд., како и четворица родители и осум наставници реализираа заеднички активности со партнер училиштето ООУ ,,Јероним Де Рада“ од с. Черкези во Куманово.

На оваа заедничка средба претставници од СИТ – тимот од МИО и МИМО од ООУ ,,Свети Јоаким Крчовски“ од Крива Паланка, заедно со десет ученици од I одд. до V одд. и 12 ученици од VI одд. до IX одд., како и четворица родители и осум наставници го посетија училиштето ,,Јероним Де Рада“ од с. Черкези од Куманово каде што ги реализиравме нашите планирани заеднички активности. Имавме четири работилници и тоа: „Работилница за учење на јазикот на другата етничка заедница на базично ниво преку употреба на англиски јазик“, „Работилница – Со игрите градиме пријателство“, „Работилница – Преку заедничко дружење развиваме мултикултурализам“ и „Работилница – Шаренилото во традицијата“

Сите четири работилници беа успешно реализирани со што ја постигнавме нашата заедничка цел а тоа е подобра комуникација и соработка помеѓу учениците, наставниците и родителите од различните етнички заедници.

Очекуваме да имаме позитивни ефекти во однос на тоа што активностите ќе влијаат кон подобрување на вештините на учениците да работат заедно и да донесуваат заеднички одлуки во мешана група. Исто така ќе има и подобрена интерперсонална комуникација и соработка меѓу учениците.

Самостојните мултикултурни активности се реализираа од страна на наставниците. Нивната цел е учениците да ги продлабочуваат своите компетенции кои им се потребни за живот во интегрирано мултиетничко општество во духот на меѓусебно разбирање, мир, почитување на другите, прифаќање на разликите и право на еднаквост на сите.

Во реализацијата на овие активности наставниците кои се вклучија со своите ученици добиваа поддршка од членовите на тимот за училишна интеграција (СИТ) во координација на директорите и стручните соработници на училиштето.

Во прилог на нивната успешна реализација тимот за меѓуетничка интеграција подготви акциски план кој содржи реализација на следниве активности: Планирање и селекција на задолжителни работилници од програмата за образование за животни вештини; Реализација на пет работилници од програмата за образование за животни вештини за I – III одд., IV – VI одд. и VII – IX одд.; Реализација на истражувачки работилници (изготвување план за истражување за квиз и дебата); Подготовки за реализација на квизот „Заедно учиме“ и дебатата „Образованието – врата кон успехот“; Реализација на квизот „Заедно учиме“ и дебатата „Образованието – врата кон успехот“; „Спроведување на заеднички активности со Партнер – училиштето ООУ „Јероним Де Рада“ од с. Черкези – Куманово“ и Следење и известување за ефектите од спроведените активности.

Со успешната реализација на сите планирани активности ја постигнавме нашата заедничка цел да живееме во едно итегрирано мултиетничко општество каде ќе царува мирот, толеранцијата и искреното почитување на другите.

Изготвил:
Координатор на проектот за МИО и МИМО:
* Елизабета Стојановска
Директор:
*Анета Стојковска

*Членови на СИТ тимот за МИО и МИМО:
* Марина Ј. Митовска – психолог - член,
* Викторија Груевска – психолог – член,



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

*Христина Илиевска – предметен наставник – член,
* Блашка Стојковска – ученички правобранител,
* Симеон Ристовски – ученички парламент.

## Годишен извештај за работата на училишниот инклузивен тим

За работа со учениците со посебни образовни потреби формиран е Училишен инклузивен тим во состав на:

Директор: Анета Стојковска, педагог: Жаклина Христовска, одделенски наставник: Марина Ристовска, предметен наставник: Христина Илиевска, родител/старател: Надица Здравковска, родител/старател: Александра Јакимовска, специјален едукатор и рехабилитатор: Ирена Новачевска Макаловска .

Исто така за секој ученик со посебни образовни потреби е формиран и Инклузивен тим за ученик во состав на: психолог Марина Јакимовска Митовска, психолог Викторија Груевска, одделенски наставници кои му предаваат на ученикот, родител/старател на ученикот.

Во учебната 2025/2026 година во воспитно-образовниот процес во редовната настава инклузирани се 7 ученика со посебни образовни потреби за кои се обезбедени 6 образовни асистенти од училиштето со ресурсен центар „Иднина”. Еден ученик учи во домашни услови по Модифицирана програма. За секој од нив е формиран Инклузивен тим.

На почетокот на учебната година изработени се: Индивидуален образовен план/Модифицирана програма со цел учениците да можат полесно да се вклопат во воспитно-образовниот процес и за успешна реализација на планираните активности.

**Годишен извештај за работата на Училишниот инклузивен тим на ООУ ,,Свети Јоаким Крчовски”-Крива Паланкаво учебната 2025/2026 година**

| Цели | Содржини и активности | Реализатор | Време | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Креирање и воспоставување на политика за работа со децата со посебни образовни потреби | -Формирање на тим за поддршка<br>-Изготвување на Годишна програма за работа | Директор<br>Стручни соработници<br>Одделенски наставници<br>Предметни наставници | Август 2025 | -Успешна реализација на планиранте активности |
| Запознавање со бројот на ученици и видот на порреченост кај учениците<br>Опсервација на часови со цел | Разговор со одделенски раководители | Одделенски наставници<br>Одделенски раководители<br>Стручни соработници | Септември 2025 | -Преглед и евиденција на учениците и видот на попреченост<br>-Помош на учениците со |

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| детектирање на ученици со посебни образовни потреби | | | | посебни образовни потреби од страна на стручните соработници и образовните асистенти во училиштето |
| Изработка на ИОП/ Модифицирана програма за секој ученик со посебни образовни потреби | Опсевација, разговори, работа со децата со посебни образовни потреби -Изработка на индивидуални образовни планови/ Модифицирана програма | Наставници, Родители/Старатели, Образовни асистенти, Инклузивен тим | Септември 2025 | Навремено проценување на способностите на децата со посебни образовни потреби, за изработка и прилагодување на ИОП/ Модифицирана програма за успешно совладување на тековниот материјал |
| Прилагодување на Годишната програма кон потребите на учениците со посебни образовни потреби | Диференциран пристап | Одделенски наставници Одделенски раководители Стручни соработници | Октомври 2025 | Успешна реализација на наставната програма со сите ученици -Континуирано следење на постигањата |
| Следење на индивидуалните постигања на учениците со посебни образовни потреби (прв квалификационен период) | Евиденција на успехот и редовноста Користење на инструменти за следење и вреднување | Стручни соработници Одделенски наставници Одделенски раководители | Ноември 2025 | Проценка на постигањата - Ревизија и дополнување на ИОП/ Модифицирана програма Определување на соодветни форми/методи за работа |
| Градење на стратегии за | Советување, консултирани | Стручни соработници Одделенски | Декември | Подобрување на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| учење со примена на индивидуален и диференциран пристап во работењето | разговори со родителите, одд.наставници, одд.раководители и учениците | наставници Одделенски раководители Предметни наставници | 2025 | постигањата |
| Подобрување на социјалниот и емоционалниот статус на учениците со посебни образовни потреби | Разговор со учениците на одделенските часови -разговор со родители на родителски и индивидуални средби | Стручни соработници Одделенски наставници Одделенски раководители | Во текот на учебната година | Развивање на позитивни ставови кај учениците со посебни образовни потреби Вклучување на децата со посебни образовни потреби во активности организирани од училиштето и локалната заедница |
| Следење на индивидуалните постигања на учениците со посебни образовни потреби (крај на прво полугодие) | Евиденција на успехот и редовноста - Користење на инструменти за следење и вреднување | Стручни соработници Одделенски наставници Одделенски раководители | Јануари, Февруари 2026 | -Проценка на постигањата Дополнување на индивиуалниот образовен план/ модифицирана програма -Изнаоѓање на соодветни форми/методи за работа |
| Следење на индивидуалните постигања на учениците со посебни образовни потреби (трет квалификационен период) | Евиденција на успехот и редовноста Користење на инструменти за следење и вреднување | Стручни соработници Одделенски наставници Одделенски раководители | Април 2026 | -Проценка на постигањата Дополнување на индивиуалниот образовен план/ модифицирана програма - Изнаоѓање на соодветни форми/методи за работа |
| Изготвување на индивидуалните инструменти за | Утврдување на критериумите за вреднување на | Стручни соработници Одделенски | Мај 2026 | Развивање на стратегии за |

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| утврдување на постигањата на учениците со посебни образовни потреби | постигањата на учениците со посебни образовни потреби согласно прилагодените Индивидуални образовни планови/ Модифицирана програма | наставници Одделенски раководители | | користење на индивидуални инструменти и критериуми при вреднување на постигањата на овие ученици |
| Унапредување на воспитно-образовната работа со учениците со посебни образовни потреби | Спроведување на интерни обуки за наставниците за изработка на индивидуални образовни планови заучениците со посебни образовни потреби | Стручни соработници Одделенски наставници Одделенски раководители | Во текот на учебната годината | -Повисоки постигања на учениците -Јасно поставени цели во ИОП/ Модифицирана програма |
| Евалуација на активностите предвидени со програмата за работа со децата со посебни образовни потреби | -Утврдување на јаки/слаби страни од реализацијата на индивидуалните образовни планови/ Модифицирана програма Изготвување на развоен план за работа со овие ученици во идната учебна година | Стручни соработници Одделенски наставници Одделенски раководители | Јуни 2026 | Проценка на ефектите и постигнатоста на планираните цели во воспитно образовниот процес со овие деца |

## Годишен извештај за работата на тимот за професионален развој

**ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИОТ КАДАР**

**Цели и задачи**

- Континуирано усовршување на наставниците како предуслов за успешна и ефикасна наставна работа;
- Развој на компетенциите на наставниците со цел одржување и подобрување на висок квалитет на наставата, во согласност со современите образовни трендови и потребите на модерниот свет;
- Активно вклучување во обуки, семинари, вебинари и други форми на професионален развој, кои придонесуваат за ефикасна наставна работа и унапредување на професионалните компетенции на наставниците и стручните соработници;
- Применување на современи наставни методи и стратегии, со цел усогласување со барањата на современата настава;
- Размена на искуства и добри практики меѓу наставниците, со цел поттикнување на иновации и креативност во наставниот процес.

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

Тимот за професионален и кариерен развој подготвува годишна програма за професионален развој, базирана на потребите на наставниците за тековната учебна година. Училиштето редовно ги упатува наставниците и стручните соработници да учествуваат на обуки и семинари кои се одобрени и организирани од страна на МОН и БРО. Стручната служба води професионално досие за секој наставник.
Редовно се организираат дисеминации од обуките и семинарите, со цел да се информираат и едуцираат и оние наставници кои не присуствувале на одредени обуки.
Секој наставник пред почетокот на учебната година изготвува личен план за професионален развој, кој го реализира преку учество во обуки, семинари, вебинари, меѓусебни посети на часови, консултации, интерни работилници и други активности. На тој начин наставниците континуирано ги усовршуваат и надградуваат своите вештини и компетенции.
Вклучувањето на наставниците во континуиран професионален развој е основен предуслов за успешна и ефикасна работа. Наставниците постојано ги развиваат своите компетенции за да обезбедат висок квалитет на наставата, во согласност со современите трендови и барањата на модерното општество.
Активното учество во обуки, семинари и други активности за професионален развој овозможува ефикасна настава и унапредување на професионалните способности на наставниот кадар и стручните соработници. Работата е во согласност со барањата на современото образование, а размената на стекнатите искуства и добри практики ги поттикнува колегите на заеднички напредок.
Во текот на учебната 2025/26 година, наставниот кадар од ООУ „Свети Јоаким Крчовски“ – Крива Паланка ги посети следниве семинари, обуки, вебинари, консултативни и информативни средби:

| 1. | ***Реализирана програмска активност*** | ***Време на реализација*** | ***Организатор / реализатор*** | ***Учесници*** | ***Постигнати цели и ефекти*** |
|---|---|---|---|---|---|
| 2. | Работилница за наставници за изработка на личниот план за професионален развој на наставниците | Почетокот на учебната година | Тим за професионален и кариерен развој/ наставник-ментор Лариса Жулина-Митовски | Наставен кадар | Дадени практични совети и насоки за изработка на личниот план за професионален развој на наставниците, кој е составен од три дела: планирање на професионален развој, реализација на професионален развој и согледувања и препорака за реализацијата на личниот план. |
| 3. | Изработка на Личен план за професионален развој | Септември, 2025 | Наставници, Стручни соработници | Наставен кадар | Идентификувани потреби за личен професионален развој, користејќи ги резултатите од саморефлексијата. |
| 4. | Одобрување на изработените Лични планови за професионален развој | Септември, 2025 | Директор, претседател на Тим за професионален и кариерен развој | Наставен кадар | Одобрени Лични планови за професионален развој на наставниците и стручните соработници, согласно приоритетите на училиштето и расположливите |

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | ресурси. |
| 5. | Анализа на изработените лични планови за професионален развој и планирање на идни активности | Септември, 2025 | Тим за професионален и кариерен развој | Наставен кадар | Извршена анализа заради добро планирање на професионалниот развој на наставниот кадар со примена на разновидни облици на стручно усовршување согласно потребите на вработените и поефикасно користење на сопствените ресурси на училиштето. |
| 6. | Седмата меѓународна Едуконференција 2025 | 27 и 28.09.2025 во Струга | Невладината организација „Пријатели на образованието“, со институционална поддршка од Педагошкиот факултет при Универзитетот во Тетово и други педагошки факултети од земјава. | Наставен кадар | Усвојување на знаења за вештачка интелигенција; размена на искуства со експерти и колеги; поттикнување на иновативни пристапи во наставата; развивање на професионална мрежа; зголемена подготвеност за примена на технологии; подобрена информираност за образовни трендови; поттикнување на креативност и иновативност; јакнење на професионална доверба и мотивација. |
| 7. | Обука на тема „Наставата по музичко образование и учениците со аутизам“ | 29.09.2025 во Скопје | Организација на здружението „Сина светулка“-Скопје. Одговорен наставник: Лариса Жулина-Митовски | Наставници по музичко образовани е | Постигнати цели: Јакнење на професионалните компетенции на наставниците за работа со ученици со аутизам;<br><br>Усвојување на иновативни стратегии и алатки (AutisMUSIC) за музичко образование;<br><br>Подобрување на инклузивните практики и пристапот „учење насочено кон детето“;<br><br>Поттикнување на |

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | развојот на емоционални, мотивациски и социјални вештини кај учениците.<br><br>Ефекти:<br>Зголемена вклученост и активност на учениците со аутизам во музичките активности;<br><br>Подобрена комуникација и соработка меѓу наставници и ученици;<br><br>Применливост на иновативни и адаптирани методи за наставата по музичко образование;<br><br>Јакнење на свесноста за важноста на инклузијата и индивидуалниот пристап кон секое дете. |
| 8. | Работилница за наставници: <u>„Професионален развој и стручни активности“</u> | 09.10.2025 | Тим за професионален и кариерен развој/ наставник-ментор Лариса Жулина-Митовски | Наставен кадар | Постигнати цели:<br><br>Јакнење на професионалните компетенции; подобрување на соработката меѓу наставниците; планирање заеднички активности (ЗОН, конференции, светски денови, EU Code Week, „Даскалско кафе“).<br>Ефекти:<br>Зголемена мотивација и ангажман; подобрена комуникација и размена на идеи; поголема подготвеност за реализирање иновативни активности. |

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://ooujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| 9. | Вебинар: „Моќта на вештачката интелигенција- Интерактивни лекции со CURIPOD“ | 14.10.2025 година (времетраење од 2 часа) | Здружение на одделенски наставници ЗОН „Учител“ | Одделенски и предметни наставници, стручна служба | Стекнати знаења за интеграција на алатки базирани на вештачка интелигенција во образовниот процес.<br><br>Совладани вештини за подготовка и креирање интерактивни наставни лекции преку платформата Curipod. |
| 10. | <u>Првото „Даскалско кафе“ на тема Интерактивни методи за активни ученици</u> | 28.10.2025 | „Клуб на наставници 2025“ - Скопје. Модератор: наставник-ментор Лариса Жулина-Митовски | Одделенски и предметни наставници, стручна служба | Споделување на добри практики и интерактивни методи; усвојување на дигитални алатки („WordWall“, „LearningApps“, „Kahoot“); поттикнување на соработка меѓу наставниците; зголемена активност, креативност и мотивација кај учениците; јакнење на професионалниот развој и училишната заедница. |
| 11. | <u>Обука: „Личен развој на наставници, користење неформални методи на настава и оценување и евалуација на наставата“</u> | 07.11.2025 година (времетраење од 2 часа), одржана во Крива Паланка | Здружение „LEAD“ (Лидери за едукација, активизам и развој) Скопје и Клуб на наставници 2025 | Одделенски и предметни наставници, стручна служба | Стекнати знаења и вештини за личен и професионален развој на наставниот кадар.<br><br>Усвоени неформални методи на настава и современи пристапи за евалуација и оценување на наставниот процес. |
| 12. | <u>Второто „Даскалско кафе“ на тема Интерактивни методи за активни ученици</u> | 11.11.2025 | „Клуб на наставници 2025“-Скопје. Модератор: наставник-ментор Лариса | Одделенски и предметни наставници, стручна служба | Постигнати цели: Споделување на идеи и добри практики за интерактивна настава; Усвојување на дигитални алатки за |



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Жулина-Митовски | | учење преку игра, соработка и активна вклученост;<br>Воведување нови методи за подинамична и поинтересна настава;<br>Јакнење на професионалниот развој и мотивација на наставниците;<br>Поттикнување на соработка и размена меѓу различни училишта.<br><br>Ефекти:<br>Наставниците добија практични алатки и инспирација за унапредување на наставата;<br>Зголемена подготвеност за примена на иновативни и интерактивни методи;<br>Зајакнување на професионалната мрежа и комуникацијата меѓу наставниците;<br>Поттикнување на ентузијазам и креативност кај наставниците и учениците;<br>Потврда за потребата од вакви професионални средби и континуирана размена на искуства. |
| 13. | Вебинар: „Гејмификација – користење на игри за развој на креативност и критичко размислување“ | 13.11.2025 година (времетраење од 2 часа) | Здружение „LEAD“ (Лидери за едукација, активизам и развој) Скопје и Клуб на наставници 2025 | Одделенски и предметни наставници | Стекнати знаења за воведување на гејмификација (игри во наставата) како метод за наставен процес.<br><br>Развиени вештини за искористување на образовни игри со цел поттикнување на креативноста и критичкото |

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | размислување кај учениците. |
| 14. | Онлајн вебинар: „Голем одмор за наставници: техники за ментален и телесен баланс“ | 25.11.2025 година (времетраење од 2 часа) | Здружение „LEAD“ (Лидери за едукација, активизам и развој) Скопје и „Клуб на наставници“ 2025 | Одделенски и предметни наставници | Стекнати практични техники и вештини за постигнување на ментален и телесен баланс во секојдневната работа.<br><br>Унапредени лични капацитети на наставникот за справување со професионалниот стрес и притисок. |
| 15. | Вебинар: „AI - Помошник во училницата“ | 28.11.2025 година (времетраење од 3 часа) | Здружение на одделенски наставници ЗОН „Учител“ | Одделенски и предметни наставници | Стекнати знаења за практична примена на вештачката интелигенција (AI) како алатка за поддршка во секојдневната настава.<br><br>Усвоени вештини за искористување на AI за олеснување на наставните процеси и подготовка на материјали. |
| 16. | ЕдуЛаб вебинар: „Законски обврски и стратегии за справување со насилство и ученичко учество“ | 10.12.2025 година (времетраење од 2 часа) | СмартАП - Лабораторија за социјални иновации Скопје, во рамки на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ (поддржан од Pestalozzi Children's Foundation, СЕГА, МЦГО) | Одделенски и предметни наставници | Стекнати знаења за законските обврски на училиштата и наставниците поврзани со безбедната училишна средина.<br><br>Усвоени ефективни стратегии за превенција и справување со насилството меѓу учениците.<br><br>Развиени вештини за поттикнување и унапредување на ученичкото учество во училишните процеси. |
| 17. | Работилница за одделенски наставници – | 24.12.2025 година | Тим за професионален | Одделенски и предметни | Успешно дисеминирани знаења за практична |

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | професионално учење и иновации во наставата | | и кариерен развој во ООУ „Свети Јоаким Крчовски“ – Крива Паланка. Реализатори: наставниците Лариса Жулина-Митовски и Габриела Стојановска | наставници | примена на вештачката интелигенција преку интерактивни лекции со алатката Curipod.<br><br>Реализиран процес на најава, пополнување формулари и сертификација на едукативната платформа Agripreneurship.kids.<br><br>Споделени искуства од Еразмус+ проектот за интеграција на зелените теми и претприемништвото во одделенската настава, со што се унапредуваат дигиталните и професионалните компетенции на наставниот кадар. |
| 18. | Вебинар: „Моќта на вештачката интелигенција- Интерактивни лекции со CURIPOD“ | 31.12.2025 година (времетраење од 4 часа) | Здружение на одделенски наставници ЗОН „Учител“ | Одделенски и предметни наставници | Стекната способност за креирање и примена на интерактивни наставни материјали со Curipod.<br><br>Развиени вештини за ефективно интегрирање на вештачката интелигенција во наставниот процес.<br><br>Подобрена дигитална, педагошка и иновативна компетентност во наставната практика.<br><br>Оспособеност за процена, анализа и рефлексија на ученичката интеракција и резултатите од часот. |
| 19. | Интерактивна работилница „Green Agripreneurship Event: Project Results & AgripreneurKids Platform“ | 13.01.2026 Europe House – Крива Паланка | ООУ „Свети Јоаким Крчовски“ (како партнер училиште во | Одделенски и предметни наставници, стручна служба | Успешно презентирана едукативната дигитална платформа AgripreneurKids за развој на зелени и |

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | (дел од Erasmus+ проектот „Green Agripreneurs of Future") | | проектот) и координаторката / наставник Габриела Стојановска | | претприемачки компетенции кај учениците.<br><br>Реализирана дискусија за можностите за интеграција на зелените теми и дигиталните алатки во наставниот процес.<br><br>Зајакната соработката меѓу училиштата и институциите со цел мотивирање на младите за еколошко и одржливо размислување. |
| 20. | Обука на тема „Прилагодување на наставата за учениците со ПОП" (Посебни образовни потреби) | 29.01.2026 година, Скопје | ОУРЦ „Иднина" – Скопје | Одделенски и предметни наставници | Стекнати методи за прилагодување на наставата според индивидуалните потреби на учениците со ПОП.<br><br>Зајакнати инклузивни капацитети во училницата и унапреден образовен пристап. |
| 21. | Вебинар на тема „Креативност во училницата: создавање на наставни материјали со вештачка интелигенција" | 18.02.2026 година, со времетрае ње од 3 часа | Здружение на одделенски наставници „Учител". Потписник: Наташа Тодоровска (Претседател на ЗОН „Учител") | Одделенски и предметни наставници | Стекнати теоретски и практични знаења за основите на примена на вештачка интелигенција (ВИ) во одделенската настава.<br><br>Усвоени вештини за креирање интерактивни ресурси со помош на Canva и развој на структуриран промпт (Идеја – Промпт – Подобрување – Дизајн).<br><br>Совладано користење на GammaAI за создавање образовни презентации и интеграција на интерактивни алатки за зголемување на |



ООУ „Свети Јоаким Крчовски"

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | ангажираноста на учениците.<br><br>Подигната свеста за етичката и одговорна употреба на алатките со вештачка интелигенција во наставниот процес. |
| 22. | Онлајн обука на тема „Развој на наставни планови и часови со Вештачка интелигенција“ | 11.03.2026 година, со времетрае ње од 3 часа | Здружение „Лидери за едукација, активизам и развој“ (LEAD) Скопје и Клуб на наставници. | Одделенски и предметни наставници | Стекнати дигитални вештини за интеграција на алатки базирани на вештачка интелигенција во образовниот процес.<br><br>Оспособување на наставниот кадар за побрзо и поефикасно креирање на наставни планови, дигитални материјали и интерактивни часови. |
| 23. | Онлајн обука на тема „Mindfulness и управување со стрес во наставничката професија“ | 24.03.2026 година, со времетрае ње од 3 часа | Здружение „Лидери за едукација, активизам и развој“ (LEAD) Скопје и „Клуб на наставници 2025“. | Одделенски и предметни наставници | Стекнати практични вештини и mindfulness (вежби за свесност) техники за успешно соочување и справување со секојдневниот стрес во образовниот процес.<br><br>Грижа за менталното здравје и емоционалната благосостојба на наставниците со цел превенција од професионално согорување (burnout). |
| 24. | Онлајн обука на тема „Лични финансии и инвестирање“ | 06.04.2026 година, со времетрае ње од 3 часа | Здружение „Лидери за едукација, активизам и развој“ (LEAD) Скопје и „Клуб на наставници“. | Одделенски и предметни наставници | Стекнати основни и напредни знаења за управување со личните финансии, буџетирање и стратегии за инвестирање.<br><br>Развивање на финансиска писменост кај наставниот кадар, со цел понатамошно пренесување на овие вештини и концепти на |

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | учениците. |
| 25. | Онлајн обука на тема „Развивање на метакогнитивни вештини кај учениците“ | 14.04.2026 година, со времетрае ње од 3 часа | Здружение „Лидери за едукација, активизам и развој“ (LEAD) Скопје и „Клуб на наставници“. | Одделенски и предметни наставници | Усвоени напредни стратегии и методи за поттикнување на метакогницијата (размислување за сопственото размислување) кај учениците.<br><br>Оспособување на наставниот кадар за помагање на учениците самостојно да го планираат, следат и вреднуваат сопствениот процес на учење. |
| 26. | Вебинар на тема „Кариерно насочување и советување на ученици“ | 26.05.2026 година, со времетрае ње од 3 часа | Здружение „Лидери за едукација, активизам и развој“ (LEAD) Скопје и „Клуб на наставници“. | Одделенски и предметни наставници | Стекнати знаења и вештини за процесот на кариерно насочување и професионално советување на учениците.<br><br>Зајакнати капацитети на наставниот кадар за препознавање и развој на потенцијалите на учениците во однос на нивниот иден кариерен пат. |
| 27. | Вебинар за слободни изборни предмети со посебен акцент на наставната програма „Учам за моето здравје“ за IV, V и VII одделение. | 18.06.2026 година, од 10:00 до 11:30 часот (онлајн платформа Zoom) | Здружение на одделенски наставници „УЧИТЕЛ“ на Република Северна Македонија, со поддршка на Канцеларијата на Светската здравствена организација (СЗО) во РСМ. | Одделенски и предметни наставници | Запознавање на наставниците со структурата, содржината и практичната примена на програмата „Учам за моето здравје“.<br><br>Разбирање на значењето на менталното здравје, благосостојбата, емоционалната писменост и здравите животни навики кај учениците.<br><br>Споделени насоки за користење на прирачникот како |

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | помошен материјал во наставната практика.<br><br>Обезбедена поддршка за создавање училишна средина која го поттикнува здравјето и личниот развој на учениците. |

Изготвил,
наставник-советник Лариса Жулина-Митовски- претседател на ТПКР

## Годишен извештај за работата на училишниот оркестар

Во учебната 2025/2026 година оркестарот продолжи со активна работа, насочена кон унапредување на музичките знаења, вештини и естетско чувство кај учениците.

Беше спроведена аудиција за нови членови. Со нив се работеше на техника на свирење на блок флејта, гитара, металофон, синтисајзер и ударни инструменти. Учениците совладуваа технички вежби, скали и композиции од македонски и странски автори, од различни стилски епохи.

Оркестарот настапуваше на државни и меѓународни натпревари и фестивали, како и на повеќе училишни и локални настани. Покрај практичната работа, членовите ги проширија теоретските знаења од историјата на музиката и ја развија способноста за индивидуална инструментална интерпретација.

| Ред. бр | Време на реализација | Реализирана активност |
|---|---|---|
| 1. | 02.09.2025 | Свечена приредба по повод првиот училишен ден во знак на пречекување на првачињата |
| 2. | 18.11.2025 | Учество на училишниот оркестар на музичката работилница-МИО активности во<br>с.Черкезе |

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://oujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132

| | | |
|---|---|---|
| | |   |
| 3. | 08-24.10.2025 | Учество во Неделата на кодирање. Членовите на училишниот оркестар-Учениците од VI-VII одделение со помош на уредот „Микро:бит компонираа музика, користејќи го блок-кодирањето на “MakeCode”-образовна веб платформа за програмирање, дизајнирана од страна на Мајкрософт за деца . |
| 4. | 08.10.2025 | Учество на училишниот оркестар во свечена приредба организирана по повод Детската недела-2025 |
| 5. | 10.10.2025 | Учество на членовите на училишниот оркестар во одбележувањето на 1 Октомври – Меѓународниот ден на музиката |

ООУ „Св

| | | |
|---|---|---|
| 6. | 11.10.2025 | Учество на учениците на училишниот оркестар во Европската недела на кодирањето (EU Code Week 2025)- го истражуваа кодирањето преку micro:bit, пиксел арт, музика и математички предизвици – спојувајќи технологија и креативност во процесот на учење. |
| 7. | 01.12.2025 | Учество и освоена втора награда на училишниот оркестар на Меѓународниот уметнички фестивал „Утринска Ѕвезда“ во Банско,Р.Бугарија<br> <br>  |
| 8. | 26.12.2025 | Учество на училишниот оркестар на Традиционалниот новогодишен концерт. |
| 9. | 06.01.2026 | Учество на членовите на училишниот оркестар во Бадниковата поворка-2026 |
| 10. | 30.03.2026 | Учество на членовите на училишниот оркестар во музичката работилница „Светски ден на пијаното“ |

| | | |
|---|---|---|
| 11. | 15.04.2026 | Учество на членовите на училишниот оркестар во музичката работилница со родителите. |
| 12. | 28.04.2026 | Учество и освоена прва награда на училишниот оркестар на Регионалниот натпревар<br><br> |
| 13. | 30.04.2026 | Свечен настап на училишниот оркестар по повод одбележувањето на Светскиот ден на џезот |

| | | |
|---|---|---|
| 14. | 07.05.2026 | Учество и освоена прва награда на училишниот оркестар на Државниот натпревар   |
| 15. | 20.05.2026 | Учество на училишниот оркестар на завршниот годишен концерт |
| 16. | 23.05.2026 | Учество на училишниот оркестар во одбележувањето на патрониот празник – Свети Јоаким Крчовски |

Изготвил,
Лариса Жулина Митовски

**Годишен извештај за работата на Ученичкиот парламент и Ученичкиот правобранител за учебната 2025/2026 година**

Во текот на првото полугодие од учебната 2025/2026 година, Ученичкиот парламент во училиштето работеше согласно својата Годишна програма за работа и во соработка со директорот, стручната служба и наставниците.
Во наведениот период беа одржани редовни состаноци на Ученичкиот парламент, на кои учениците активно учествуваа со свои предлози, мислења и иницијативи. На почетокот на учебната година беше извршен избор на:Претседател на Ученичкиот парламент, Ученички правобранител и Записничар. Изборите беа спроведени транспарентно и демократски, со активно учество на учениците преку тајно гласање. За Претседател на Ученичкиот парламент

беше избран ученикот Симеон Ристовски од IX-5 одд., за Ученички правобранител е избрана ученичката Блашка Стојковска од VIII-1 одд. а за Записничар ученичката Дарија Давитковска од IX-2 одд. Претставниците ученичкиот парламент во текот на првото полугодие од учебната 2025/2026 година присуствуваа на состаноците на Совет на родители, Наставнички совет и на состаноците на Училишниот одбор.
На наредните состаноци членовите на Ученичкиот парламент од страна на психологот Марина Ј. Митовска беа запознаени со измените и дополнувањата на интерниот Правилник за изрекување на педагошки мерки а и квартално по периоди им беа презентирани успехот и поведението учебната 2025/2026 година, Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2025/2026 година, Годишниот извештај за работата на училиштето за учебната 2025/2026 година и Полугодишниот извештај за учебната 2025/2026 година.
Учениците даваа предлози за активности кои беа реализрани по повод 8 Октомври-Денот на ослободување на градот како и предлози за одбележување на Детската недела. Учениците од V одделение изработија хамери тема „Детска недела―, учениците од VI одделение изработија ѕиден весник со цртежи и творби, кои беа закачени на видно место во училиштето.Учениците од VIII одделение дадоа предлог за спортски натпревар кој беше успешно реализиран, а учениците од IX одделение изработија хамери на тема „Детска недела― и изработија презентација на тема„Како ние децата се чуствуваме во градот― која беше презентирана пред учениците.
Претставници од Ученичкиот парламент изготвија и реализираа работилница за учениците од V одделение на тема „Препознавање и изразување на сопствените емоции-, под менторство на психолозите од училиштето.
На состаноците на Ученичкиот парламент беше договорено да продолжат со работа и еко-патролите, при што секој вторник и четврток се вршеше проверка дали училиштето е чисто, а забелешките редовно се евидентираа, под менторство на педагогот.
Учениците во соработка со Стручната служба на училиштето, организираа и спроведоа хуманитарна акција за еден наш ученик, при што собраните средства беа уплатени на сметките на родителите.
Учениците активно се вклучија и во Новогодишниот базар.
Ученичкиот парламент покажа високо ниво на заинтересираност и одговорност. Учениците активно учествуваа во дискусиите и даваа значајни предлози.
Работата на Ученичкиот парламент придонесе за: развој на демократска култура кај учениците, подобрување на комуникацијата меѓу учениците и училиштето, поттикнување на ученичката иницијатива и одговорност.
Ученичкиот парламент и во наредниот период ќе продолжи со реализација на планираните активности, со цел понатамошно развивање на демократските вредности, превенција од врсничко насилство и создавање безбедна и поддржувачка средина за сите ученици.
Состаноците на Ученичкиот парламент беа иницирани од страна на Тимот за поддршка односно од психолозите од училиштето, се со цел насочување и олеснување на работата на ученичките претставници.
Во текот на второто полугодие од учебната 2025/2026 година, Ученичкиот парламент продолжи со редовни состаноци на кои се разгледуваа прашања од интерес за учениците и се носеа предлози за подобрување на училишниот живот. На состаноците беа разгледани повеќе иницијативи предложени од учениците. Особено внимание беше посветено на хуманитарните активности и начинот на распределба на средствата собрани од Новогодишниот базар. По спроведените дискусии беше донесен заклучок дел од средствата да бидат наменети за обезбедување храна за ученици од социјално ранливи семејства, како и за ученици со посебни образовни потреби. Ученичкиот парламент активно учествуваше и во подготовката на активности за одбележување на Патрониот празник на училиштето. Учениците предлагаа идеи и учествуваа во организацијата на содржини со кои беше збогатена програмата за одбележување на празникот. Во текот на второто полугодие членовите на Ученичкиот


ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

парламент покажаа високо ниво на одговорност, иницијативност и соработка. На состаноците редовно беа разгледувани предлози и мислења од учениците, а донесените заклучоци беа во насока на подобрување на условите за учење, поттикнување на хуманоста, меѓусебната соработка и развивање на демократската култура во училиштето. Ученичкиот парламент успешно ја реализираше својата програма за работа за учебната 2025/2026 година и даде значаен придонес во развојот на ученичкото учество во животот и работата на училиштето.

Изготвил,
Психолог Викторија Груевска
Психолог Марина Ј. Митовска

## Годишен извештај за работата на Заедницата на паралелката за учебната 2025/2026 година

Во текот на учебната 2025/2026 година Заедницата на паралелката реализираше активности предвидени со Годишната програма за работа, со цел развивање на демократски вредности, ученички активизам, одговорност, меѓусебна соработка и позитивна училишна клима.

Во месец септември 2025 година во секоја паралака беше конституирана Заедницата на паралелката. Учениците беа запознаени со предлог-програмата за работа, беа утврдени активностите што ќе се реализираат во текот на учебната година и беше усвоена Годишната програма за работа. Преку овие активности се поттикна организираноста на учениците, чувството на припадност и активно учество во животот и работата на училиштето.

Во месец октомври 2025 година се реализираа активности за согледување на состојбите во паралелката, како и работилница од областа на животните вештини посветена на изработка на правила за другарско однесување. Учениците активно учествуваа во креирањето на правилата, покажувајќи одговорност и подготвеност за градење позитивни односи со своите соученици.

Во текот на месец ноември 2025 година се следеше меѓусебната комуникација во паралелката и почитувањето на воспоставените правила на однесување. Реализираните работилници придонесоа за подобрување на комуникацијата, развивање на заедништво и превенција од врсничко насилство.

Во месец декември 2025 година беа реализирани работилници поврзани со животните вредности и нивната важност во секојдневниот живот. Учениците имаа можност да размислуваат за сопствените вредности, ставови и приоритети, а паралелно се следеше и нивниот воспитно-образовен напредок.

Во месец јануари 2026 година беа реализирани работилници на тема „Како да учам“, при што учениците се запознаа со техники за ефективно учење, организирање на времето и подобрување на концентрацијата. Активностите придонесоа за развивање на позитивни навики за учење и подобрување на училишните постигнувања.

Во месец февруари 2026 година беше ставен акцент на превенцијата од врсничко насилство преку работилници и дискусии за почитување на различностите, емпатијата и ненасилното

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://oujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132


ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

решавање на конфликти. Учениците покажаа зрелост во согледувањето на последиците од насилното однесување и значењето на меѓусебната поддршка.

Во месец март 2026 година беа реализирани активности од областа на еколошката едукација. Учениците учествуваа во разговори и работилници за заштита на животната средина, правилно управување со отпадот и развивање еколошка свест, покажувајќи интерес и одговорен однос кон природата.

Во месец април 2026 година беа реализирани работилници на тема „Моќта на позитивната комуникација“ и испраќање „јас-пораки“. Учениците стекнаа знаења и вештини за подобро изразување на сопствените чувства и мислења, како и за градење конструктивни односи со врсниците.

Во месец мај 2026 година се реализираа активности посветени на емоционалното и менталното здравје. Преку различни работилници и разговори учениците ја согледаа важноста на препознавањето и управувањето со емоциите, грижата за сопственото ментално здравје и барањето поддршка кога е потребна.

Во текот на целата учебна година континуирано се следеше успехот, редовноста и однесувањето на учениците. Заедницата на паралелката успешно ги реализираше планираните активности, придонесувајќи за развивање на позитивна училишна клима, чувство на припадност, меѓусебно почитување, соработка и одговорност кај учениците.

Може да се заклучи дека поставените цели и задачи во најголем дел се реализирани, а учениците покажаа интерес, активност и подготвеност за учество во сите планирани активности.

## Извештај за изведена тродневна екскурзија со учениците од IX одделение на релација Крива Паланка – Охрид и обратно

На ден 12,13 и 14 ноември 2025година беше изведена тридневна екскурзија со учениците од 9 одд. во ООУ,,Свети Јоаким Крчовски”-Крива Паланка со релација Крива Паланка-Тетово-Струга-Охрид –Битола-Крушево-Крива Паланка во соработка со туристичката агенција ДЕМА Травел –Куманово.

Поаѓањето беше во 7 часот од пред училиштето-централен објект. Но екскурзијата учествуваа 74 ученика од 9 одделение од ООУ,,Свети Јоаким Крчовски”-Крива Паланка.На екскурзијата со учениците имаше туристички водич ,доктор и одделенските раководители Мирослав Ивановски, Светлана Ристовска, Лазо Ѓорѓиевски, Габриела Стојановска и Елена Николовска.

Целите на екскурзијата се реализираа преку:

-посета на локалитети и објекти од културно-историско и друго значење

- истражување објекти и појави во природата,како и односите во општествениот живот



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

-запознавање на учениците со културата на различни етнички заедници кои живеат во РСМакедонија преку избор на културно-историски објекти што се посетија за примена на меѓуетничка интеграција во образованието

-дружење,социјализација и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе

-рекреација и создавање навики за здраво општествено живеење

Се што беше планирано со програмата за екскурзија во 9 одделение беше реализирано .Учениците го почитуваа Кодексот за однесување за време на училишна екскурзија. Екскурзијата имаше научно-историски карактер и помина во најдобар ред.

Раководител на екскурзијата:
Светлана Ристовска

## Извештај од изведената еднодневна екскурзија за учениците од 3 одделение

Согласно Правилникот за изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од основните училишта, Годишната програма за работа на ООУ ,,Свети Јоаким Крчовски'' Крива Паланка и Годишното планирање за трето одделение, со учениците од трето одделение е реализирана еднодневна екскурзија на релација Крива Паланка – Крушево и обратно.

**Цели на екскурзијата**

→ Запознавање со природно – географските и културно – историските обележја на Крушево
→ Поттикнување љубов кон татковината и нејзините вредности
→ Развивање на способноста за набљудување, логичко поврзување и изразување
→ Поттикнување на социјализацијата и тимската соработка
→ Развивање на еколошка свест и грижа за животната средина

**Конкретни задачи**

→ Посета на културно – историски споменици и знаменитости
→ Набљудување на природни убавини и архитектура
→ Учество во едукативни разговори и активности
→ Поттикнување на самостојност и оговорност кај учениците

**Наставни содржини**

→ Природни убавини на РСМ
→ Историски настани и личности од националната историја
→ Релјеф и клима на регионот

**Активности**

→ Набљудување, прошетки и посети на значајни метса и културно – историски споменици
→ Едукативни игри и разговори со учениците
→ Организиран ручек во локален ресторан

Еднодневната екскурзија беше реализирана на ден 4.5.2026 година (понеделник) со 60 ученици од трето одделение со ТА ,,ДЕМА Травел'' Куманово.

Тргнавме од автобуската станица во 7 часот. Правевме пауза за појадок на бензинска пумпа пред Велес. Патот го продолживме кон Прилеп каде го посетивме спомeникот на непобедениете, Могила. Се задржавме 30 минути и го продолживме патот кон Крушево. Прво го посетивме споменикот на Мечкин Камен, па потоа отидовме на организиран ручек во



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

локалниот ресторан. По ручекот отидовме до Спомен куќата на Тоше Проевски, од надвор ја разгледавме, бидејќи беше затворена, понеделник не работела, продолживме до споменикот Македониум, па потоа отидовме до гробот на Тоше Проевски. Околу 17 часот и 30 минути си тргнавме од Крушево и во Крива Паланка стигнавме во 21 часот и 50 минути.

На екскурзијата немаше проблеми, но забелешка имаше од наша страна за Спомен куќата на Тоше Проевски што не работеше, беше затворена, а од водичот ангажиран од агенцијата претходно не бевме известени дека во понеделник таа не работи.

На екскурзијата беа учениците од трето одделение заедно со наставничките од трето одделение и тоа: Елизабета Стојановска, Кристинка Петровска, Биљана Алексовска, Биљана Петковска Антовска, Елена Николовска и Дивна Тодоровска, како и образовниот асистент Виолета Илиевска.

**Одделенски наставници:**
- Елизабета Стојановска
- Кристинка Петровска
- Биљана Алексовска
- Биљана Петковска Антовска
- Елена Николовска
- Дивна Тодоровска

**Образовен асистент:**
- Виолета Илиевска

**Одговорен наставник:**
Елена Николовска

## Извештај од изведената дводневна екскурзија за учениците од VI (шесто) одделение низ Источна Македонија

На ден 18 и 19.05.2026год беше изведена дводневна ученичка екскурзија со учениците од 6 одделение на релација Крива Паланка- Дојран и обратно во соработка со туристичка агенција „Дема - Травел“- Куманово. Тргнувањето беше во 7:00 часот од пред влезот на училиштето- централен објект. Во екскурзијата учествуваа 70 ученика од шесто одделенија од училиштето со следните одделенски раководители Ненко Иванов, Тони Јакимовски, Блажо Јакимовски Ивана Цоневска и Елена Ѓошевска Младеновска како и туристички водач и доктор.

Се посетија предвидените места и локации и тоа:

Прв ден - Панорамско разгледување на Куманово и Велес, посета на архиелошкото наоѓалиште Стоби, посета на Валандово, пристигнување во Дојран ручек сместување во хотел, слободно време за разгледување на околината и убавините на Дојран, вечера и забава во хотел.

Втор ден - Појадок во хотел, тргнување кон Струмица, посета на Колешински водопади, потоа посета на Манастирот Водоча и Вељуса, ручек во ресторан во Струмица, тргнување кон Радовиш посета на црквата св. Троица, подолживме кон Штип, попатни паузи и пристигнување во вечерните часови во Крива Паланка.

Екскурзијата имаше научно - историски карактер. Покрај тоа што се дружеа и збавуваа учениците за време на патувањето имаа можност да се запознаат со дел од Македонската историја од подалечното и поблиското наше минато. Ескурзијата помина во најдобар ред а враќањето беше во доцните попладневни часови околу 21 часот. Целта на екскурзијата беше учениците да се запознаат со убавините на нашата татковина, со историските и монументални споменици, да го развиваат другарството и да знаат да се однесуваат во група.

Техничка реализација на екскурзијата:



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

Квалитет на превозното средство беше одлично
Квалитет на сместувањето беше многу добар
1 полн пансиони во хотел Полин во Дојран беше одличен
Вториот ден храната за ручек во Струмица беше одличен.

Одговорно лице:
Ненко Иванов
Одделенски раководители:
Тони Јакимовски
Блажо Јакимовски
Ивана Цоневска
Елена Ѓошевска
Младеновска

Извештај за реализиран општествено – хуманитарен проект на учениците од ООУ “Свети Јоаким Крчовски, Крива Паланка”– Франкофонска вечер

**Датум на реализација:** 29.04.2026
**Локација:** Дом на култура, Крива Паланка
**Одговорни наставници:**

- Елена Николовска
- Христина Илиевска
- Тања Димитровска Шкрбиќ
- Марина Станишковска

Вовед

Франкофонската вечер, реализирана од страна на учениците кои го изучуваат францускиот јазик, при ООУ “Свети Јоаким Крчовски”, Крива Паланка, претставуваше општествено-хуманитарна работа со културно-образовен карактер. Настанот беше замислен и реализиран како голема јавна манифестација во Домот на култура во Крива Паланка, со присуство на гости и од други градови.

Оваа активност е општествено - хуманитарна затоа што:

- ја промовира културната разноликост и интеркултурната комуникација,
- ги поттикнува учениците на креативност, тимска работа и јавна презентација,
- ја афирмира улогата на училиштето како центар на културна и образовна иницијатива,
- ја збогатува локалната заедница со културна програма од меѓународен карактер.

Цели на проектот

- Промоција на францускиот јазик и културата на франкофонските земји.
- Поттикнување на ученичка креативност преку музика, поезија, драматизација и танц.
- Вклучување на локалната заедница и гости од други градови во културна манифестација.



ООУ„Свети Јоаким Крчовски“

- Афирмација на училиштето како центар на културна разноликост.

**Теоретски дел (февруари 2026 – 6 наставни часа)**

Теоретскиот дел беше воведен и имаше за цел да ги подготви учениците за практичниот дел. Тој опфати:

- Вовед во франкофонската култура и историја.
- Презентации за литература, музика и традиции од франкофонските земји.
- Дискусии за значењето на францускиот јазик во светот.
- Подготовка за практичните активности (музика, поезија, драматизација).

**Одговорен наставник:** Елена Николовска

**Практичен дел (март–април 2026 – 20 часа ученички ангажман)**

Практичниот дел беше насочен кон подготовка и реализација на големата манифестација. Учениците беа поделени во три групи:

- **Група 1:** кореографии (танцови изведби).
- **Група 2:** музика (соло пеење, пијано, хармоника).
- **Група 3:** водители, читање поезија и драматизација на француски текстови.

**Ученици/учесници:**

1. Нена Ѓорѓиевска VII-3
2. Нина Ѓорѓиевска VII-3
3. Јана Златановска VII-3
4. Мелани Јаќимовска VII-3
5. Надја Давитковска VII-5
6. Јован Ѓорѓиевски VII-5
7. Лео Зиновиев VII-5
8. Мартина Илиевска VII-5
9. Теона Илиевска VII-5
10. Милан Илиевски VII-5
11. Христина Николоска VII-5
12. Лара Петковска VII-5
13. Рубин Сандански VII-5
14. Божидар Стојановски VII-5
15. Иван Стојановски VII-5
16. Лука Трајчевски VII-5
17. Нина Георгиевска VII-5
18. Филип Ѓорѓиевски VII-5
19. Јохан Ѓошевски VII-5
20. Дафина Илиевска VII-5
21. Бојана Младеновска VII-5
22. Софија Младеновска VII-5
23. Јаков Николовски VII-5



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

24. Алексеј Петровски VII-5
25. Петар Стаменковски VII-5
26. Софија Станковска VII-5
27. Леонид Стојановски VII-5
28. Матео Тодоровски VII-5

Беа опфатени и ученици од VI, VIII и IX одделение.

Реализирана програма

Настанот опфати богата и разновидна програма:

- „Bonjour les amis“ – воведна песна и кореографија
- „Chante“ – музички настап со инструментална поддршка
- „La vie en rose“ – класична француска песна на пијано
- „Je chanterai“ – песна и кореографија
- „Joyeux anniversaire Nina“ – специјален настап – честитка
- „Tout le bonheur du monde“ – песна и кореографија
- „Ce monde“ – музичка изведба
- „Est-ce que tu m’aimes“ – вокална изведба
- „Et si tu n’existais pas“ – песна на хармоника
- „Le pont Mirabeau“ – рецитација на поезија
- „Coeur“ – вокална изведба
- „Voyage à Paris“ – скетч/драматизација
- „Aux Champs-Elysées“ – популарна француска песна
- „Ramenez la coupe à la maison“ – песна и кореографија
- „Ninao“ – песна и кореографија
- Франкофонска вечер - завршен настап со сите учесници

Ресурси

- Дом на култура (сала, сцена, техничка опрема).
- Музички инструменти (пијано, хармоника).
- Звучници, микрофони, проектор.
- Материјали за постери и декорации.

Остварени резултати

- Учениците стекнаа нови знаења за франкофонската култура и ги развија своите јазични и уметнички вештини.
- Училиштето се афирмира како организатор на значајна културна манифестација.
- Локалната заедница доби културно искуство со меѓународен карактер.
- Се зајакна соработката меѓу наставници, ученици и родители.
- Настанот имаше голем одзив и позитивни реакции од јавноста и гостите.



ООУ„Свети Јоаким Крчовски“

Оценување на учеството

Оценувањето на учеството во општествено-хуманитарната работа се врши **описно**, со фокус на ангажманот, вложениот напор и напредокот на ученикот, наместо само на реализираните часови.

Описните категории или нивоа на постигнувања кои го покажуваат различниот степен на успех и залагање се следните:

- **Извонредно учество**
  „Ученикот постојано демонстрираше исклучителен ентузијазам, иницијатива и лидерство во сите активности. Покажа и длабока посветеност да направи позитивно влијание во заедницата и со своето учество и работа ги надмина очекувањата поставени со акцискиот план."

Со оглед дека сите ученици беа редовни на пробите, вложија свој максимум и покажаа ентузијазам и посветеност, тие ќе бидат оценети со категоријата **„Извонредно учество"**. Оваа оценка ќе биде внесена во додатокот на проектот.

Заклучок и препораки

Франкофонската вечер се реализираше успешно и ги исполни поставените цели. Учениците покажаа високо ниво на ангажираност и креативност, а наставниците обезбедија професионална поддршка.

Препорачливо е вакви културни проекти да продолжат и во иднина, со можност за:

- проширување на програмата со нови активности,
- вклучување на уште повеќе учесници и гости,
- создавање на традиција на годишна франкофонска манифестација.

**Одговорни наставници:**

Елена Николовска

Христина Илиевска

Тања Димитровска Шкрбиќ

Марина Станишковска

## Извештај за реализиран општествено – хуманитарен проект на учениците од ООУ "Свети Јоаким Крчовски, Крива Паланка"– Рециклирање - Од отпад до уметност

**Датум на реализација:** 8 мај 2026
**Локација:** ООУ „Свети Јоаким Крчовски", Крива Паланка
**Одговорен наставник:** Христина Илиевска

ООУ „Свети Јоаким Крчовски"

**Ученици, учесници:** Катина Величковска, Никола Јакимовски, Глорија Гоговска, Анабела Атанасовска, Лана Ристовска од VII - 1 одделение

Вовед

Проектот „Од отпад до уметност“ беше реализиран како општествено-хуманитарна работа со еколошки и креативен карактер. Целта беше учениците да ја разберат важноста на рециклирањето и селекцијата на отпадот, но и да развијат креативност преку претворање на отпадните материјали во уметнички дела и практични предмети.

Овој проект е општествено корисен затоа што:

- ја поттикнува еколошката свест кај учениците и заедницата,
- промовира одговорно однесување кон животната средина,
- покажува дека отпадот може да стане ресурс,
- ја афирмира улогата на училиштето како центар на еко-иницијативи.

Цели на проектот

- Развивање свест за важноста на рециклирањето и селекцијата на отпадот.
- Поттикнување на ученичка креативност преку изработка на модели од отпадни материјали.
- Промоција на еко-одговорност преку јавна презентација – модна ревија и изложба.
- Одбележување на националниот настан **„Генералка викенд 2026“**.

Теоретски дел (февруари 2026 – 6 наставни часа)

Учениците се запознаа со:

- процесот на рециклирање и неговата важност,
- видовите отпад (хартија, пластика, стакло, метал, органски отпад),
- значењето на селекцијата за намалување на загадувањето и заштеда на ресурси,
- примери од секојдневието за селекција и повторна употреба,
- можностите за креативна преработка на отпадот.

Практичен дел (март–мај 2026 – 20 часа ученички ангажман)

- Учениците изработија скици за моделите.
- Собираа отпадни материјали (хартија, пластика, метал, текстил).
- Ги изработија моделите и уметничките предмети.
- На 8 мај 2026 организираа **еко модна ревија** и изложба во малата сала при училиштето, пред учениците, наставниците и стручната служба.

Реализирани активности

1. **Предавање и презентација** – учениците објаснија што е рециклирање, видовите отпад и важноста на селекцијата.

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

2. **Демонстрација „Од отпад до уметност“** – секој ученик го претстави својот модел, материјалите што ги користел и кратка порака за значењето на рециклирањето.
3. **Еко модна ревија** – моделите беа претставени како мини ревија, а изработките изложени во холот.
4. **Заклучок** – заедничка порака: „Секој отпад може да стане ресурс ако го гледаме со креативни очи.“
    - Слоган: **„Рециклирај денес – создај иднина!“**

Потребни ресурси

- Отпадни материјали: хартија, пластика, метал, текстил.
- Сценски реквизити за ревијата.
- Простор за изложба (хол на училиштето).
- Техничка опрема: микрофони, проектор.

Оценување на учеството

Оценувањето се врши **описно**, со фокус на ангажманот, вложениот напор и напредокот на ученикот.

Сите ученици беа редовни на часовите, вложија свој максимум и покажаа ентузијазам и посветеност. Затоа нивното учество е оценето како:

- **Извонредно учество**
  „Ученикот постојано демонстрираше исклучителен ентузијазам, иницијатива и лидерство во сите активности. Покажа и длабока посветеност да направи позитивно влијание во заедницата и со своето учество и работа ги надмина очекувањата поставени со акцискиот план.“

Остварени резултати

- Учениците развија еколошка свест и креативност.
- Училиштето се афирмира како организатор на еко-настани.
- Локалната заедница доби пример за одговорно однесување кон животната средина.
- Настанот успешно го одбележа националниот проект **„Генералка викенд 2026“**.

Заклучок и препораки

Проектот „Од отпад до уметност“ се реализираше успешно и ги исполни поставените цели. Учениците покажаа високо ниво на ангажираност и креативност, а наставниците обезбедија професионална поддршка.

Препорачливо е вакви еко-проекти да продолжат и во иднина, со можност за:

- проширување на програмата со нови активности,
- вклучување на уште повеќе учесници и гости,
- создавање традиција на годишна еко-модна ревија.

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://oujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

## Годишен извештај од Еразмус проекти кои се работат во нашето училиште

Нашето училиште активно е вклучено во Еразмус проектите повеќе години. Во оваа учебна година се реализираат два Еразмус проекти кои завршија на 31.12.2025 и уште еден Еразмус КА1 проект кој завршува 31.08.2026 а тоа :

-Еразмус проект -КА210- „На патот кон олимписките и параолимписките игри“Главен координатор Франција

Во рамките на овој проект беше реализирана групната мобилност на осумнаесет ученици и пет наставници од нашето училиште во Париз, Франција, која траеше во период од 14.10.2024 до 19. 10. 2024 година.Мобилноста во Франција траеше пет дена и за ова време ученици од Северна Македонија, Франција, Италија и Грција учествуваа во Еразмус олимписки игри, односно учениците во мешани групи учествуваа во разни спортски игри.

Сите активности поврзани со овој проект се завршени 31.12.2025.

-Еколошки агро-петприемачи на иднината-КА220- Главен координатор Турција

Од 08 до 11 Октомври 2025, наставници од ООУ „Свети Јоаким Крчовски“ Крива Паланка присуствуваа на третата работна средба на наставниците и координаторите од меѓународниот Еразмус проект „Еколошки агропретприемачи на иднината“ во Салманка, Шпанија .

Меѓународниот проект „ Еколошки агропретприемачи на иднината “2023-1-TR-KA220-SCH00016017 се спроведува од Јануари 2024 година и завршува на 31.12.2025 и е финансиран од Европската Унија. Главен координатор на проектот е Турција, во проектот учествуваат како партнери Македонија, Полска и Белгија, Австрија и Шпанија. Главната цел на проектот е да им овозможи на учениците знаење за целите на агропретприемачите и да им се помогне да развијат одговорен однос кон животната средина и земјоделството.За време на овој состанок, се дискутираше за понатамошните активности од проектот, односно,завршните активности на проектот со акцент на делот дисеминација, одржување на веб-страна, СТЕМ активности во проектот и сл.

-Дисеминација (активности од проектот )

Во рамки на настанот „Green Agripreneurship Event: Project Results & AgripreneurKids Platform“, одржан во Europe House – Крива Паланка Декември-2025, беше реализирана интерактивна работилница посветена на зеленото претприемништво и одржливото земјоделство.

Активноста беше дел од дисеминациските активности на Erasmus+ проектот „Green Agripreneurs of Future“, во кој партнер училиште е ООУ „Свети Јоаким Крчовски“. Преку презентација на дигиталната платформа AgripreneurKids и дискусија со претставници од образовни институции и релевантни организации, беа разгледани можностите за интеграција на зелените теми и дигиталните алатки во наставата, со цел развој на еколошки и претприемачки компетенции кај учениците.

Сите активности поврзани со овој проект се завршени 31.12.2025

-Еразмус КА1 проект

Извештај за реализирана мобилност Во периодот од 02.05.2026 до 10.05.2026 година, наставници од ООУ „Свети Јоаким Крчовски“ реализираа Erasmus+ мобилност во Муѓла, Турција. Учесници на мобилноста беа: Елена М. Давидовска – координатор на проектот Анета Стојковска Габриела Стојановска Изабела Павловска Јасна Ѓорѓиевска Целта на мобилноста беше унапредување на професионалните компетенции на наставниците во областа на STEAM образованието и интеграцијата на дигитални алатки во наставниот процес. Во текот на обуката учесниците посетуваа предавања, работилници и практични активности поврзани со современи наставни методи, креативно размислување, тимска работа и ученик-центрирана настава. Посебен акцент беше ставен на употребата на дигитални алатки во образованието и нивната примена за подобрување на интересот и мотивацијата кај учениците за наука, технологија и иновативно учење. Учесниците имаа можност да разменат искуства и добри практики со колеги од други европски земји и да се запознаат со успешни примери на STEAM активности. Со



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

реализираната мобилност наставниците стекнаа нови знаења, идеи и вештини кои ќе придонесат за поквалитетна и поинтересна настава. Стекнатите искуства ќе бидат споделени со останатиот наставен кадар преку презентации и интерни активности во училиштето, со цел примена на современи и иновативни образовни пристапи.

## Годишен извештај за професионална ориентација на учениците за учебната 2025/2026 година

Согласно Програмата за професионална ориентација, во текот на учебната 2025/2026 година во нашето училиште, се спроведоа повеќе активности кои беа планирани. Па така, на ден 23.04.2026 г. психолозите Марина Ј Митовска и Викторија Груевска, извршија кратки презентации пред учениците од деветтите одделенија каде учениците ги запознаа со Конкурсот за упис во средни училишта во РС Македонија. Конкурсот беше разгледан, дискутиран, а се остави и примерок кај претседателот на одделенската заедница за дополнително кој сака да го разгледа. Исто така, им беа поделени и брошури со конкретни информации: кога започнуваат уписите во училиштата, потребни документи за упис, период и време за упис и сл. Имаше и информации со линкови за самиот конкурс, но и линк за сместување во ученички домови (низ целата држава). Сите овие информации беа превземени од страната на Министерство за образование и наука. Истите овие информации (конкурс за упис во средни училишта за учебната 2026/2027 година и информации за сместување во ученички домови) беа споделени и разгледани и од учениците од подрачните училишта ( секако во соработка со управителите и одделенските раководители), во период од 23.04.2026 г. до 08.05.2026 г.

На ден 05.05.2026 г. им беше поделен конкурсот кој излезе на страната на Министерство за образование и наука, и тоа за проверување на способностите за спортски вештини на учениците кај кои има интерес за запишување во ДСУ „Спортска Академија“ – Скопје. Сите ученици кои се обратија кај психолозите им беше поделен конкурсот и имаше дискусија за истиот.

На ден 07.05.2026 г. претставници од Државно средно училиште Регионален центар за стручно ообразовение и обука “Киро Бурназ“ од Куманово ги претставија своите програми и струки што ги имаат во училиштето. Ова беше претставено пред учениците од деветтите одделенија кои слушаа со внимание и некои искажаа интерес за ова училиште за средно образование, но сепак треба да размислат и да поразговараат со своите родители и заеднички да донесат одлука.

На ден 15.05.2026 г. психологот им сподели на одделенските раководители на деветтите одделенија онлајн водич за квалификации – дигитална алатка што ќе го олесни изборот на основците при упис во средно образование даден од Министерство за образование и наука, со насоки истото да го споделат во групите на родители и ученици.

На ден 27.05.2026 г. се изврши презентација пред учениците од деветтите одделенија од страна на претставници од АСУЦ „Боро Петрушевски“ од Скопје, а на ден 02.06.2026 г. беа претставници од СОУ “Ѓорче Петров“ од Крива Паланка и презентираа кои насоки и сектори ги имаат кај нив во училиштето. На ден 04.06.2026 г. учениците од деветтите одделенија со своите одделенски раководители беа на отворен ден во СОУ “Ѓорче Петров’ во нашиот град, каде имаа можност да видат со што располага ова училиште какви кабинети имаат, што се се работи во училиштето и уште многу други информации.

Исто така, во однос на спроведување на тестот RIASEC , учениците првин беа информирани за тестот и која е неговата намена, а исто така сите кои беа заинтересирани донесоа согласност од родител за да учествуваат на тестирањето. Тестирањето се спроведе на ден 01.06.2026 г. со почеток во 07:30 ч.Учениците беа поделени во две групи (едната група беше со 15 ученици а другата со 13 ученици). Подоцна се пријавија уште тројца ученици кои се тестираа што значи вкупно 31 ученик беше тестира.Резултатите заедно со дадени насоки беа кажани на учениците на

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://oujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

ден 02.06.2026 г. поединечно. На самите индивидуални резултати, им се даваа насоки на учениците кои идни професии може да ги изберат во согласност со нивните резултати.

Изготвил,
психолог Марина Ј. Митовска
психолог Викторија Груевска

**Годишен извештај за реализирани работилници за подобрување на безбедноста, менталното здравје и добросостојбата кај учениците во нашето училиште во 2025/2026 година**

Во нашето Училиште, покрај другите програми кои се предвидени и се реализираат во текот на оваа учебна година, 2025/2026 година, се реализираше и предвидената програма за “Подобрување на безбедноста, менталното здравје и добросостојбата во училиштето“. На состаноците на Стручните активи по дадени насоки од страна на Стручната служба, наставниците требаше да планираат активности кои ќе ги работат во текот на оваа учебна година по генерации и по предмети, а покрај наставниците, и педагошко-психолошката служба изготви активности потребни за работилници кои ќе ги работат со ученици од различни генерации, распоредени на месечно ниво.

Психолозите од училиштето имаат одржано 38 работилници на горенаведената тема и од страна на наставниот кадар и тоа вкупно 156 работилници со ученици од сите генерации.

Од горенаведеното можеме да заклучиме дека на темата Подобрување на безбедноста, менталното здравје и добросостојба кај учениците, во нашето училиште во текот на учебната 2025/2026 година вкупно се реализирани 194 работилници со ученици од сите генерации во училиштето. Вакви и слични работилници ќе се планираат и реализираат и во наредната учебна година бидејќи допринесуваат за добро ментално здравје, добар психички развој и добросостојба кај учениците.

Изготвил,
Психолог-Марина Јакимовска Митовска
Психолог Викторија Груевска

ООУ „Свети Јоаким Крчовски

# Распоред на дежурни наставници

Распоред на дежурни наставници во учебна 2025/2026 год.
Приземје

| | Понеделник | Вторник | Среда | Четврток | Петок |
|---|---|---|---|---|---|
| Смена на V одд. | Верка Стоименовска | Јагода Ангеловска | Милица Димитровска | Елена Митовска Давидовска | Милица Димитровска |
| | Анка С Николовска | Елена Митовска Давидовска | Јагода Ангеловска | Верка Стоименовска | Анка С Николовска |
| | **Понеделник** | **Вторник** | **Среда** | **Четврток** | **Петок** |
| Смена на I одд. | Снежана Ивановска | Гордана Алексовска | Христина И. Димитровски | Елизабета Цоневска | Гордана Алексовска |
| | Александра Стојановска | Александра Стојановска | Снежана Ивановска | Христина И. Димитровски | Елизабета Цоневска |

Забелешка:

* Дежурните наставници во **согласност со распоредот** на часови, да дежураат.

* Наставниците по физичко и здравствено образование се одговорни за спортската сала и спортските терени во училишниот двор, согласно нивниот распоред на часови.

**Директор**
**Анета Стојковска**

Распоред на дежурни наставници во учебна 2025/2026 год.
Втор кат

| | Понеделник | Вторник | Среда | Четврток | Петок |
|---|---|---|---|---|---|
| Смена на VI одд. | Ненко Иванов | Валентина Гоговска | Блажо Јакимовски | Валентина Гоговска | Марјан Бошковски |
| | Милена Божовска | Милена Божовска | Оливер Станковски | Ивана Цоневска | Блажо Јакимовски |
| | Елена Ѓ. Младеновска | Тони Јакимовски | Ивана Цоневска | Ненко Иванов | Елена Ѓ Младеновска |
| | **Понеделник** | **Вторник** | **Среда** | **Четврток** | **Петок** |
| Смена на VII одд. | Наташа Колевска | Игор Сточевски | Гордана Митровска | Елена Николовска | Светлана Младеновска |
| | Елеонора Давитковска | Даница Младеновска | Сања С Ѓоргиевска | Игор Стојчевски | Лазо Ѓорѓиевски |
| | Даница Младеновска | Тања Д. Шкрбиќ | Маја Златковска | Марина С Пешовска | Наташа Колевска |
| | | Маја Златковска | Тони Јакимовски | Тони Велковски | Тони Велковски |

Забелешка:

* Дежурните наставници **во согласност со распоредот** на часови, да дежураат.

* Наставниците по физичко и здравствено образование се одговорни за спортската сала и спортските терени во училишниот двор, согласно нивниот распоред на часови.

**Директор**
**Анета Стојковска**

Распоред на дежурни наставници во учебна 2025/2026 год.
Прв кат

| | Понеделник | Вторник | Среда | Четврток | Петок |
|---|---|---|---|---|---|
| Смена на VIII одд. | Гордана Ивановска | Христијан Гоговски | Данијела Ѓорѓиевска | Радмила Димитровска | Наташа Стефановска |
| | Јасна Ѓорѓиевска | Данијела Ѓорѓиевска | Јасна Ѓоргиевска | Марјан Бошковски | Христијан Гоговски |
| | Дане Ангеловски | Марина Стаменковска | | Наташа Стефановска | Гордана Ивановска |
| | | | | | Марина Стаменковска |
| | **Понеделник** | **Вторник** | **Среда** | **Четврток** | **Петок** |
| Смена на IX одд. | Лазо Ѓорѓиевски | Дане Ангеловски | Габриела Стојановска | Светлана Младеновска | Марина с. Пешовска |
| | Елена Николовска | Светлана Ристовска | Јасминка Јовановска | Добринка Митровска | Тања Д. Шкрбиќ |
| | Јасминка Јовановска | Добринка Митровска | Стефани Ц. Илиевска | Габриела Стојановска | Христина Илиевска |
| | | | Светлана Ристовска | | |

Забелешка:

* Дежурните наставници во **согласност со распоредот на часови**, да дежураат.

* Наставниците по физичко и здравствено образование се одговорни за спортската сала и спортските терени во училишниот двор, согласно нивниот распоред на часови.

**Директор**
**Анета Стојковска**

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://oujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132



РАСПОРЕД ЗА ДЕЖУРСТВО – ПОУ,,Свети Јоаким Крчовски"
село Жидилово за учебната 2025/2026 година

| ПОНЕДЕЛНИК | ВТОРНИК | СРЕДА | ЧЕТВРТОК | ПЕТОК |
|---|---|---|---|---|
| Добринка Митровска | Радмила Петковска | Игор Велиновски | Оливер Станковски | Јасмина Ристовска |
| Мелита Стојановски | Димча Митровски | Елеонора Давитковска | Сања С. Ѓоргиевска | Мордана Митровска |

Изработил
Наташа Стефановска

Директор
Анета Стојковска

РАСПОРЕД ЗА ДЕЖУРСТВО-ПОУ ,,Свети Јоаким Крчовски"
село Узем за учебната 2025/2026 година

| ПОНЕДЕЛНИК | ВТОРНИК | СРЕДА | ЧЕТВРТОК | ПЕТОК |
|---|---|---|---|---|
| Слаѓана Ивановска | Слаѓана Ивановска | Слаѓана Ивановска | Слаѓана Ивановска | Слаѓана Ивановска |
| | Мелита Стојановски | Емилија Ристовски | | |

Директор
Анета Стојковска

РАСПОРЕД ЗА ДЕЖУРСТВО-ПОУ ,,Свети Јоаким Крчовски"
село Подржиконь за учебната 2025/2026 година

| ПОНЕДЕЛНИК | ВТОРНИК | СРЕДА | ЧЕТВРТОК | ПЕТОК |
|---|---|---|---|---|
| Никола Величковски | Дејан Давидовски | Биљана Марковска | Стефани Ц. Илиевски | Димча Митровски |
| Иван Тодоровски | Јасмина Ристовска | Радмила Петковска | Елеонора Давитковска | Оливер Станковски |

Директор
Анета Стојковска

РАСПОРЕД ЗА ДЕЖУРСТВО-ПОУ ,,Свети Јоаким Крчовски"
село Луке за учебната 2025/2026 година

| ПОНЕДЕЛНИК | ВТОРНИК | СРЕДА | ЧЕТВРТОК | ПЕТОК |
|---|---|---|---|---|
| Виолета Стоевска Стаменковска | Мелина Давитковска | Виолета Стоевска Стаменковска | Виолета Стоевска Стаменковска | Емилија Ивановска |
| Мелина Давитковска | Грета Величковски | Мелина Давитковска | Тони Петковски | Мелина Давитковска |

Директор
Анета Стојковска

РАСПОРЕД ЗА ДЕЖУРСТВО – Партизан
II (второ) полугодие
учебна 2025/2026 година

| | ПОНЕДЕЛНИК | ВТОРНИК | СРЕДА | ЧЕТВРТОК | ПЕТОК |
|---|---|---|---|---|---|
| ГЛАВЕН ВЛЕЗ | Андријана Димитровска | Марина Ристовска | Слаѓана Здравковска | Марина Ристовска | Татјана Николовска |
| | Елена Стојановска | Елизабета Стојановска | Сузана Ѓоргиевска | Елена Стојановска | Елизабета Стојановска |
| СПОРЕДЕН ВЛЕЗ | Александра Јовановиќ | Елена Николовска | Изабела Павловска | Александра Јовановиќ | Сања Петровска |
| | Кристинка Петровска | Биљана Петковска Антовска | Биљана Алексовска | Даниела Ѓорѓиовска | Биљана Алексовска |

Директор
Анета Стојковска

Забелешка:
* Дежурните наставници во согласност со распоредот на часови, да дежураат.
* Наставниците по физичко и здравствено образование се одговорни за спортската сала и спортските терени во училишниот двор, согласно нивниот распоред на часови.

Директор
Анета Стојковска

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://ooujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132

# *Детален статистички извештај*

ПРЕГЛЕД-ЗБИРНО

Општинско основно училиште „Свети Јоаким Крчовски“

Место-Крива Паланка

Општина-Крива Паланка

## П Р Е Г Л Е Д

на учениците за крајот на учебната 2025/2026 година по наставни јазици

| Одделение | Македонски јазик | | Албански јазик | | Турски јазик | | Српски јазик | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | СЕ | Ж | | | | | | | СЕ | Ж |
| I | 70 | 39 | | | | | | | 70 | 39 |
| II | 69 | 34 | | | | | | | 69 | 34 |
| III | 70 | 39 | | | | | | | 70 | 39 |
| IV | 85 | 33 | | | | | | | 85 | 33 |
| V | 89 | 44 | | | | | | | 89 | 44 |
| I-V | 383 | 189 | | | | | | | 383 | 189 |
| VI | 82 | 35 | | | | | | | 82 | 35 |
| VII | 83 | 33 | | | | | | | 83 | 33 |
| VIII | 83 | 40 | | | | | | | 83 | 40 |
| IX | 87 | 47 | | | | | | | 87 | 47 |
| VI-IX | 335 | 155 | | | | | | | 335 | 155 |
| **I-IX** | 718 | 344 | | | | | | | 718 | 344 |

## П Р Е Г Л Е Д

за вкупниот број на параралки и ученици во прво одделение во
ООУ„Свети Јоаким Крчовски“
Крива Паланка

| Наставен јазик | Број на групи | Број на ученици | Број на наставници |
|---|---|---|---|
| Македонски | 7 | 70 | 13 |
| Албански | | | |
| Турски | | | |
| Српски | | | |

## П Р Е Г Л Е Д

на ученици кои го напуштиле училиштето во учебната 2025/2026 година

| Наставен јазик | I | | II | | III | | IV | | V | | VI | | VII | | VIII | | IX | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк. | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж |
| Македонски | | | | | 2 | 1 | | | 1 | / | 1 | / | | | 1 | 1 | | |
| Албански | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Турски | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

## П Р Е Г Л Е Д

на ученици кои се дојдени од други училишта и се запишани во нашето училиште во учебната 2025/2026 година

| Наставен јазик | I | | II | | III | | IV | | V | | VI | | VII | | VIII | | IX | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк. | ж | Вк | ж | вк | ж | вк | ж |
| Македонски | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | 1 |
| Албански | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Турски | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

## П Р Е Г Л Е Д

за поведението на учениците за крајот на учебната 2025/2026 година

| Одделение | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | се |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| примерно | 70 | 69 | 70 | 85 | 89 | 82 | 83 | 83 | 87 | 718 |
| добро | | | | | | | | | | |
